СРЕДНО ЕКОНОМСКО И ПРАВНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ

# Васил Антевски - Дрен

Средно училиште : СЕПУГС “ Васил Антевски-Дрен” – Скопје

Јавна установа за средно стручно воспитание и образование

Седиште и локација: ул”Вера Јоциќ” бр.4, општина Кисела Вода-Скопје

Основано од : Собрание на град Скопје

Одлука број: Судска регистрација-СРЕГ.бр.130/06 од 07.04.2006

Верифицирано со :

УП1 13-2829 од 10.06.2020 година се верифицираат условите за реализација на наставниот план и наставните програми за образовниот профил/квалификација економски техничар од економско-правна и трговска струка/сектор економија право и трговија.

УП1 13-2828 од 10.06.2020 година се верифицираат условите за реализација на наставниот план и наставните програми за образовниот профил/квалификација правен техничар од економско-правна и трговска струка/сектор економија право и трговија.

УП1 13-953 од 10.05.2023 година се верифицираат условите за реализација на наставниот план и наставните програми за образовниот профил/квалификација техничар за е-трговија и дигитален маркетинг од економско-правна и трговска струка/сектор економија право и трговија.

**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА**

**СРЕДНО ЕКОНОМСКО ПРАВНО  УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ**

# “ВАСИЛ АНТЕВСКИ ДРЕН”

**2024 година**

# РЕЗУЛТАТИ ОД ЕВАЛУАЦИЈАТА НА ПОДРАЧЈЕТО

## НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

**Скопје, 2024 год.**

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | **Реализација на наставните планови и програми** | **1.1.1. Применувани наставни планови и програми**<br><br>**1.1.2 Информираност на родителите и учениците за наставните планови**<br><br>**1.1.3 Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби**<br><br>**1.1.4 Избор на наставни предмети**<br><br>**1.1.5 Реализација на проширени програми** |
| 1.2 | **Квалитет на наставните планови и програми** | **1.2.1.Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала**<br><br>**1.2.2 Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**<br><br>**1.2.3 Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието**<br><br>**1.2.4 Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми** |
| 1.3 | **Воннаставни активности** | **1.3.1.Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**<br><br>**1.3.2. Опфатеност на учениците со вонаставните активности**<br><br>**1.3.3. Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во вонаставните активности**<br><br>**1.3.4 Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонаставните активности** |

## Подрачје: Наставни планови и програми

| **1.1. Реализација на наставните планови и програми** | | |
|---|---|---|
| 1.1.1. | Применување на наставните планови и програми | Во учебните 2022/23 година и 2023/24 година, во училиштето се реализираат наставни планови и програми во согласност со донесените програмски документи од страна на Министерството за образование и наука, за образовните профили/квалификации – **Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг, Економски техничар и Правен техничар.** Реализацијата на истите се спроведува во законски пропишаните временски рамки и според Календарите за организација на наставата за учебните 2022/23 и 2023/24 година, донесени од МОН. Реализацијата на наставните планови и програми обезбедува постигнување на целите од стандардите за квалификации и занимања, соодветно за секој образовен профил.<br><br>Согласно Решението од МОН, дел.бр. 13-7397/2 од 20.08.2024 година, во учебната 2024/25 година, во училиштето е формирана паралелка од образовниот профил/квалификација **Правен техничар – франкофонска двојазична паралелка** од Економско – правна и трговска струка/ сектор Економија, право и трговија<br><br>Наставните планови и наставните програми се реализираат во целост, видено и од педагошката евиденција и Извештаите за работа на училиштето, за секоја учебна година.<br><br>При реализација на наставните програми, се применува интегративен пристап, т.е. меѓупредметна соработка на наставниците, со цел да се креира широка слика на познавање на струката и мрежа на информации и стекнати знаења и вештини кај учениците. Интегрираноста посебно се истакнува при изработка на програмите за реализација на феријална практика, кај трите профили. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во рамките на наставните планови за реформирано, модуларно средно стручно образование, се предвидени и часови за реализација на Содржини програмирани од училиштето. Наставните програми за реализација на овие содржини се одобрени од ЦССО, во согласност со Упатството за реализација на Содржини програмирани од училиштето.<br><br>https://drive.google.com/file/d/1e2-NFNadlWk1PWIGTXpDe3djXJv1n-qU/view<br><br>Врз основа на горенаведеното, во училиштето се реализираат следните наставни програми :<br><br>Во учебната 2022/23 :<br><br>- Светското наследство во рацете на младите ( прва година)<br>- Планирање на кариера ( втора година)<br>- Подготовка за вработување и работа ( трета година)<br>- Ученичка компанија – претприемачка практика за млади ( трета година )<br>- Англиски јазик за економисти ( трета година)<br>- Англиски јазик за правници и нивно оспособување на пазарот на трудот ( трета година)<br>- Англиски јазик за економисти ( четврта година)<br>- Вокално инструментални состави – за ученици од сите години<br><br>Во учебната 2023/24:<br><br>- Светското наследство во рацете на младите ( прва година)<br>- Планирање на кариера ( втора година)<br>- Англиски јазик за правници и нивно оспособување на пазарот на трудот ( трета година)<br>- Англиски јазик за економисти ( четврта година)<br>- Презентациски вештини ( четврта година) |

| | | |
|---|---|---|
| 1.1.2. | Информирање на родителите и учениците за наставните планови и програми | Училиштето, според воспостveната практика и процедури, ги информира членовите на Советот на родители, родителите и учениците за наставните планови и програми, содржините и начинот на реализација. На почетокот на секоја учебна година, на првите родителски состаноци и класни часови со учениците, се доставуваат информации за предметите кои ќе се изучуваат во текот на учебната година, родителите и учениците се запознаваат со постојните релевантни училишни документи како: куќен ред, кодекси на однесување, педагошки мерки и новини во однос на тековни активности или задолженија во претстојниот период. Учениците се запознаваат и со содржините и целите на наставата во текот на самите часови по одделните предмети кои ги изучуваат во училиштето, од страна на предметните наставници. Родителите можат да добијат детални информации за целите на наставните планови за кој било предмет во психолошко – педагошката служба која има целосен увид во планирањето. Исто така, сите информации од горенаведениот контекст, родителите и учениците можат да ги добијат и од веб страната на училиштето https://vasilantevskidren.edu.mk/nastava/obrazovni-profili/ |
| 1.1.3. | Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби | Училиштето ги прилагодува и ги реализира наставните програми по сите предмети според можностите и способностите на децата со посебни образовни потреби. Координацијата на сите активности ја спроведува инклузивен тим, кој се одбира за секоја учебна година, а го сочинуваат директорот,вработените во психолошко-педагошката служба, по еден претставник од секој актив, класните раководители на паралелките каде што има ученици со посебни потреби и родител-претставник на |

| | | |
|---|---|---|
| | | родителите на деца со посебни потреби. Инклузивниот тим работи според однапред изработена Програма за работа со ученици со посебни образовни потреби.<br><br>За учениците со посебни потреби се изработуваат посебни индивидуални образовни планови-ИОП според постојните наставни програми и се прилагодуваат соодветно на нивните потреби. Наставниот кадар работи диференцијално со тие ученици по одредени предмети со прилагодени содржини во соработка со стручните служби на училиштето. Во училиштето посетуваат настава ученици со посебни образовни потреби и тоа во 2022/2023 се запишани -2 ученици во 2023/2024- 3 или вкупно 5 ученици посетуваат настава прилагодена на ученици со посебни образовни потреби. Училиштето располага со стручен соработник специјален едукатор-дефектолог кој дава насоки за работа со децата со посебни образовни потреби и соработува со наставниците во изработка и реализација на среднорочните и долгорочните индивидуалните образовни планови. За предметните наставници се реализира обука за работа со ученици со посебни образовни потреби на која се дадени насоки за работа со деца со посебни образовни потреби детектирање и разрешување на проблеми. Согласно програмата изработена од инклузивниот тим наставниците ги поставуваат и прилагодуваат образовните цели и очекуваните резултати од учење при изготвување на индивидуални образовни програми за овие деца. Дефектологот реализира индивидуални обуки за потребите на наставниот кадар на тема: Образование за сите, |

| | | |
|---|---|---|
| | | Поддршка на инклузивното образование на децата со потешкотии во развојот преку улогата и значењето на наставникот во образовниот процес. |
| 1.1.4. | Избор на наставни предмети | Во согласност со модуларно дизајнираните Наставните планови- учениците имаат обврска и можност да изберат еден изборен модул од понудените 7 (седум) за профилите Економски и Правен техничар и понудени 5 (пет) изборни модули за профил Техничар за е трговија и дигитален маркетинг. Секој изборен модул се состои од по два предмети , еден кој се изучува во 3та и еден во 4та година. Изборните предмети овозможуваат стекнување на специфични знаења од струката. Модулите им овозможуваат на учениците да ги продлабочат и усовршат не само знаењата, туку и вештините од поконкретни области од економијата и правото.<br><br>https://drive.google.com/file/d/1rWHCwuxOjqQ7gapFMtQgC_iSER_qZDtb/view<br><br>https://drive.google.com/file/d/1RaGe6kKn2DPLVqmIHt90YSg62_j66YyF/view<br><br>https://drive.google.com/file/d/1KVbEnrNHSLcaDN_awjsR0_s2KW9LV7xN/view<br><br>Постапката за избор на предмети се применува со доследно почитување на интересот и барањата на учениците.<br><br>Исто така, согласно Концепцијата за модернизација на техничкото образование во структурата на наставните планови за техничкото образование, покрај општото образование, стручното образование , практичното образование и обука , застапено е и подрачјето Содржини програмирани од училиштето. Од понудените содржини, ученикот може да избере една и истата да ја следи во текот на целата учебна година. Неговата функција е да ги задоволи поширокитe потреби на учениците кои што можат да изберат да изучуваат и други содржини надвор од содржините планирани во задолжителните и изборни програми. Реализацијата на истите се спроведува во согласност со Упатството за реализација на содржини програмирани од училиштето издадена од МОН и ЦСОО. За |

| | | |
|---|---|---|
| | | истото, ученикот добива оценка за степенот на совладаност на содржините, но таа оценка не влегува во неговиот среден успех. |
| 1.1.5 | Реализација на проширени програми | Во училиштето не се изготвуваат проширени програми.<br>Во овој контекст може да се каже само дека е изработена Програма за работа со надарени ученици ( дел.бр. 01-160/6 од 25.01.2024 год.), но и по истата не се работи.<br>Во училиштето нема Програма за работа со талентирани ученици |
| Извори на податоци | | Наставни планови и програми донесени од МОН, Годишна програма за работа на училиштето, Статут на училиштето , Планирањата на наставниците – годишни, тематски ( планирање на модуларни единици) и планирања на наставен час, Педагошка евиденција и документација, Записници од Училишен одбор,стручни упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми, Насоки за планирање на воспитно образовната работа на наставниците по стручни предмети во стручните училишта,Програма за работа со ученици со посебни образовни потреби, Програма за феријална практика, интернет страница на училиштето, Извештај од спроведена on line анкета со наставници, родители и ученици,Обука за изработка на индивидуални образовни програми,Програма за работа на ученичка заедница, Записници од претходни инспекциски надзори, Записници од Совет на родители и стручни органи на училиштето |

| 1.2. Квалитет на наставните планови и програми | | |
|---|---|---|
| 1.2.1. | Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала | Во училиштето , при реализација на наставните содржини се води сметка за почитување и афирмирање на родовата и етничката рамноправност, мултикултурната сензитивност и интеркултурализмот<br>Училиштето има изработено Програма за мултиетничка интеграција во образованието Во таа насока на 13.12.2023 година склучен е меморандум (деловоден број 03-1566/1) за партнерство со СУГС „Сарај“. Со ова училиште во учебната 2023/2024 година реализирана е работилница на тема: - „Разликата е сила-прифати ја“ , на 20.03.2024 година<br>Содржини од мултиетничка интеграција во образованието ( МИО), родова еднаквост и мултикултурна сензитивност, се реализираат континуирано низ целата наставна година во рамките на класните часови: (видено од годишните глобални планови за работа на класните раководители ) .<br>Теми од родова и етничка рамноправност, меѓуетничката интеграција и мултикултурна сензитивност преку различни активности (дебати, дискусии) се реализираат и во рамките на одделни наставни предмети, посебно по предметите Граѓанско образование и Социологија. Исто така, училиштето е дел од проектот **КУЛТУРА,КРЕАТИВНОСТ,ИНКЛУЗИЈА,** поддржан од Еразмус+ програмата<br>Наставните програми подеднакво се реализираат кај машките и женските ученици и учениците од различно етничко потекло.<br>Во училиштето се планираат и реализираат разновидни воннаставни активности во коишто рамноправно во зависност од афинитетите се вклучени ученици од обата пола и од различно етничко потекло. Вонаставните активности ги одразуваат потребите и интересите на учениците, а се во функција на нивниот образовен, личен и социјален развој. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Врз основа на родова застапеност се избира класна заедница и училишната заедница. |
| 1.2.2. | Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала | Карактеристиките и потребите на локалната средина се целосно имплементирани при концепирање на Стандардите на занимања и квалификации, како и при изработката на наставните планови и програми.<br><br>Развојната компонента на новиот концепт целосно произлегува од современите трендови во општествениот- економскиот живот. Содржините се креирани со рамноправно учество на сите фактори од локалната средина- бизнис сектор, јавни институции и служби, невладин сектор, високо образовни институции и органите и телата на МОН. При изработката на сите програмски документи , нашето училиште даде особен придонес преку ангажирање на голем дел од наставниот кадар.<br><br>Консеквентно, при реализација на курикулумот, училиштето има директна и плодна соработка со сите стејкхолдери- родителите, локалната заедница, бизнис секторот, ЦСОО, БРО и МОН. Како и што предвидува овој концепт,а во рамките на истиот, активностите и содржините се прилагодуваат и ажурираат според динамичноста на секојдневието.<br><br>При реализација на наставните програми , на високо ниво се согледува интегрираноста со потребите на локалната средина и тоа пред се, при реализација на програмите за феријална практика и учење преку работа во бројни компании, комори и јавни институции .Исто така тоа се реализира и преку посета на лица од праксата на часовите од редовна настава или посета на учениците во деловни и општествени правни субјекти ( компании и организации).<br><br>Училиштето е секогаш дел и од бројни активности и настани што ги организира Град Скопје. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Исто така, при реализација на Содржините програмирани од училиштето учениците се вклучуваат во активности кои ги организира локалната заедница и/или соработуваат со социјални партнери со цел дополнително да ги развиваат клучните и стручни компетенции за подобро да се вклучат на пазарот на трудот и подобро да ја планираат сопствената кариера.<br><br>Во однос на наставните помагала, фактори од локалната средина активно придонесуваат за осовременување на наставниот процес и тоа преку:<br><br>- Пренесување на правото на на користење на 85 преносни компјутери Lenovo ThinkPad L14 Gen 1,врз основа на Договор склучен помеѓу Град Скопје и СЕПУГС „ Васил Аневски Дрен дел.бр 03-361/1 од 02.03.2023 година<br>- Парична донација наменета за опремување на училници заради унапредување и модернизација на наставата , врз основа на Договор склучен помеѓу Агенцијата за електронски комуникации и СЕПУГС „ Васил Антевски Дрен“- дел.бр. 03-141/1 од 25.10.2023 година |
| 1.2.3. | Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието | Иако во училиштето нема јасно изработени насоки за вградување на меѓупредметните цели поголем број на наставници имаат планирано вакви цели во програмите кои ги изготвуваат.<br>Во рамките на реализацијата на воннаставните активности, проектни активности, работата со училишната заедница, се вложуваат напори во иницијативноста кај учениците, развивање на самодовербата, почитување на различноста, на основните човекови права, градење на свеста кај учениците за концептот на добар граѓанин, како и јакнење на свеста за припадност кон државата како мултикултурно општество. |

| | | |
|---|---|---|
| 1.2.4 | Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми | Училиштето соработува со институциите кои се надлежни за унапредување на наставните планови и програми. Преку стручните активи и наставничкиот совет училиштетото прибира мислења, разгледува и дискутира по одделните наставни планови и програми. Врз основа на ова, по потреба сугерира до надлежните институции измени со цел следење на промените во опкружувањето. Треба да се истакне дека значителен број на наставници по стручни предмети учествувале во изработка на наставните планови и програми<br>Родителите немаат можност да влијааат врз донесување, измена и дополнување на наставните планови и програми.<br>Исто така, наставниците активно учествуваат во збогатувањето на содржините кои се реализираат во училиштето преку изготвување на наставни програми од областа – Содржини програмирани од училиштето , одобрени од ЦССО и тоа:<br><br>Практична примена на Е- трговија – ( 08- 1547/1 од 30.08.2021 година)<br>- Вокално- инструментални состави – ( 08- 1126/6 од 05.09.2022година)<br>- Англиски јазик за правници и нивно оспособување за пазарот на трудот- ( 08-1619/1 од 27.10.2022 година)<br>- Англиски јазик за економисти ( за трета година)- ( 08-1618/1 од 27.10.2022 година)<br>- Англиски јазик за економисти (за четврта година) – ( 08-1617/1 од 27.10.2022 година) |
| Извори на податоци | | Наставни планови и програми донесени од МОН, Годишна програма за работа на училиштето, Годишен глобален план, Тематски планирања на наставниците,Статут на училиштето,Дневна подготовка на наставниците, Педагошка евиденција и документација, Записници од Училишен одбор, веб и фејсбук страница на училиштето, Анкета со наставници, родители и ученици, Извештај од спроведена online анкета,Програма за работа на ученичка заедница, Записници од претходни инспекциски надзори, Записници од Совет на |

| | | |
|---|---|---|
| | | родители и стручни органи на училиштето, Годишен извештај за работа на училиштето(учество на професорите на обуки и семинари,менторска работа), Потпишани Договори и меморандуми за соработка со правни лица. |

| **1.3. Воннаставни активности** | | |
|---|---|---|
| 1.3.1 | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Училиштето планира и реализира разновидни активности што ги одразува потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен и социјален развој.<br><br>Голем дел од учениците заедно со наставниот кадар учествуваа во воннаставните активности и тоа:<br><br>***НАТПРЕВАРИ И ОЛИМПИЈАДИ***<br>**2022/2023**<br>1.На 14ти и 15ти Ноември во Скопје одржан Училишен натпревар на претприемачки вештини - Камп на иновации во организација на Junior Achievement Macedonia, учество земаа ученици од нашето училиште. Во победничкиот тим беа тројца ученици од нашето училиште;<br>- Учество на ученици во ИМАМ СТАВ!, натпревар на средни училишта во соработка со Парламентарниот Институт на Собрание на Република Северна Македонија, освоено прво место и обезбедено учество во финале по трет пат;<br>- На 21.03.2023 година одржана ораторска вечер на Клубот на Оратори "Гарда на мудроста" при СЕПУГС "Васил Антевски- Дрен" ;<br>- На регионалниот натпревар по географија одржан на 24.03.2023 година, освоени прво, второ и трето место;<br>- Државен натпревар по географија во категорија Средни стручни училишта, одржан на 13.05.2023 година, освоено прво, второ и трето место; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Учество на литературен конкурс објавен од Агенција за млади и спорт, освоено прво место во категорија од 15-20 години;<br>- На литературниот конкурс на тема ,, Македонскиот денар како национална валута - еден од симболите на независноста“, организиран по повод Светскиот ден на штедењето 30 Октомври, освоено прво место;<br>- Национален натпревар "Европски квиз на пари" во организација на Македонска банкарска асоцијација, Народна банка и Комисија за хартии од вредност – освоено прво место;<br>- Учество на натпреварот по математика, освоено трето место;<br>- Учество на 10-от меѓународен јазичен натпревар Willkommen, во категоријата германски јазик (Willkommen 6 German) и освоен бронзен медал, диплома и парична награда.<br><br>**2023/2024**<br>- По повод 1 Ноември Национален ден на осигурувањето во организација на Агенција за супервизија на осигурување беше спроведен конкурс за цртежи, песни и есеи на теми од областа на осигурувањето. Во конкуренција на 200 трудови нашите ученици беа оценети како најкреативни и добија награди и пофалници;<br>- На регионалниот натпревар по предметот Македонски јазик и литература во организација на Сојуз на ДМЈЛ (Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература) освоено трето место;<br>- На објавениот конкурс од Народна банка и Министерство за финансии по повод Светскиот ден на штедењето - 31 Октомври, освоено прво место;<br>- По повод Денот на лицата со попреченост - 3 Декември, оддржан е шаховски натпревар на кој учествуваа ученици од нашето училиште и ДУРДМОВ Димитар Влахов - Скопје, освоено прво место;<br>- 14.12.2023 година, Машката ракометна екипа при СЕПУГС "Васил Антевски -Дрен" се пласираше во полуфиналето во рамки на Средношколската Лига на Град Скопје; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - 16.12.2023 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје се одржа Државниот натпревар по македонски јазик и литература и освоено второ место;<br>- 16.03.2024 година во СУГС ,, Георги Димитров " се одржа Државниот натпревар по германски јазик, освоено трето место;<br>- 23.03.2024 година, “Најдобар бизнис концепт за зелени иновации 2024“ , училишниот тим на ДРЕН го освоија второто место со бизнис концептот TERRAMEA - fun meats nature,<br>- 26.03.2024 година, во чест на одбележување на 30 години воспоставени билатерални односи помеѓу Република Северна Македонија и Шпанија, се организираше натпревар за изработка на лого и најдоброто амбасадата ќе го користи во нивната кореспонденција.<br>- 27.03.2024 Учениците учествуваа во натпреварот “Имам став”, која се одржа во рамките на Собранието. Нашето училиште по трет пат се закити со освоено ПРВО МЕСТО и освоен пехар на оваа активност;<br>- 05.04.2024 година, на квалификациите во коректно пишување на англиски јазик Spelling Bee учествуваа 30 ученици од нашето училиште. Најдобриот ученик ќе се квалификува и ќе се натпреварува на државниот натпревар Spelling Bee National Competition- American Corner;<br>- 13.04.2024 година, се одржа регионалниот натпревар по англиски јазик организиран од ЕЛТАМ. На истиот за државен натпревар учениците освоија прво и второ место;<br>- 19.04.2024 година, во чест на одбележување на 30 години воспоставени билатерални односи помеѓу Република Северна Македонија и Република Шпанија најдобрите три лога на учениците од нашето училиште беа наградени од страна на амбасадорт на Шпанија во нашата земја неговата екселенција амбасадорот Хосе Луис Лосано Гарсија;<br>- 20.04.2024 година, прво место за најкреативен велосипед, изработен за Денови на Кралството Холандија. По повод Денови на Холандското кралство, во трговскиот центар Ист Гејт, беше организирана изложба за најкреативен |

| | | |
|---|---|---|
| | | велосипед, кој требаше да биде украсен со рециклирачки материјали во мотивите на Кралство Холандија.<br>- 22.04.2024 година освоено второ место на Општинскиот натпревар по Прва Помош;<br>- 25/26.04.2024 година се одржа избор за најдобра ученичка компанија во организација на Junior Achievements и USAID. Учениците од нашето училиште го освоија второто место;<br>- 30.04.2024 година, со цел унапредување на дигиталните вештини учениците од нашето училиште изработуваа промотивни видеа за Веро Џамбо на тема "Велигденски празници". Освоено прво, второ и трето место;<br>- 04.05.2024 година, на одржаните Регионални натпревари "Градски смотри" организирани од Здружението на музички педагози од Р. Македонија училишниот бенд освои ПРВО место, и вокалниот солист ПРВО место.<br><br>**МАССУМ 2022/2023**<br>- Прво место во категоријата Најдобар маркетинг план;<br>- Трето место во категоријата Најдобар штанд;<br>- Прво место во категоријата Интервју за работа;<br>- Прво место во категоријата Јавно говорење;<br>- Учество на општински натпревар по англиски јазик одржан на 18.03.2023 година, освоени второ и трето место;<br>- На 21 Март 2023 година одржана XXI-та ораторска вечер на училишниот ораторски клуб ,,Гарда на мудроста''.<br>- Учество на регионален натпревар по англиски јазик одржан на 08.04.2023 година, освоени прво, второ и трето место;<br>- Учество на натпреварот "Градски смотри" и постигнати следни резултати: Училишен Етно бенд - прво место, Рок бенд - второ место и Вокален солист - второ место. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **МАССУМ 2024 година**<br>- 05.05.2024 година Прво место: во категоријата Интервју за работа на македонски јазик ; во категоријата Јавно говорење; во категоријата Најдобар маркетинг план<br>- Второ место: во категоријата Најдобра поетска творба; во категоријата Најдобар постер; во категоријата Најдобра фотографија<br>- Трето место: во категоријата Интервју за работа на англиски јазик; во категоријата Најдобар штанд.<br>- 14.05.2024 година , ДРЖАВЕН натпревар за бендови во Домот на култура "Кочо Рацин" во Кичево, организиран од Здружението на музичките педагози од Р. Македонија училишниот етно бенд од нашето училиште освои ПРВО место;<br>- На ДРЖАВНИОТ натпревар за вокални солисти во Домот на култура "Марко Цепенков" во Прилеп, организирано од Здружението на музичките педагози од Р. Македонија освоена ПРВА награда на натпреварот;<br>- 17.05.2024, Освоено Трето место во претставување на нашата држава на EUSAIR POPRI youth 2024;<br>- Учество на Меѓународен натрпевар за млади во иновативни бизнис идеи, од 15-17 Мај, Шибеник, Хрватска;<br>- 17.05.2024 година, Црвен крст на град Скопје се вклучи во глобалната кампања на Меѓународната федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина со наслов #notalone или “ Не сте сами“.На 25 Април, во просториите на училиштето во присуство над 150 учесници се организираше настан на кој се изложија ликовните творби, се прочитаа најдобрите есеи и се врачија наградите. Освоени награди: од Ликовен конкурс – прво, второ и трето место и Литературен конкурс – прво, второ и трето место;<br>- 28.05.2024 година, се одржа свеченото доделување на наградите на учениците кои ги освоија првите три места на Европскиот квиз на парите 2024 година.. Освоено второ место. |

| | | |
|---|---|---|
| | | ***ПОСЕТИ***<br>**2022/2023**<br>- Одбележување на "Светскиот ден на Првата помош - 11 Септември";<br>- На ден 18.11.2022 година учениците беа во посета на Народна банка и се запознаа со целите и задачите кои се утврдени со Законот за Народната банка. Го посетија и Музејот на Народна банка кој располага со богата нумизматичка збирка;<br>- На ден 14.02.2023 година учениците од втора и трета година ја посетија Управата за извршување на санкции при Министерството за правда<br>- На 15.02.2023 година беше реализирана вон училишна посета на Меморијалниот центар на Евреите во Македонија, која беше дел од програмата по предметот Светско културно наследство во рацете на младите;<br>- На ден 22.02.2023 година учениците од нашето училиште оствариja средба со Претседателот на Република Северна Македонија, каде се разговараше за неговата работа и надлежности кои ги носи самата функција;<br>- Организирана посета на Криминалистички Музеј – Центар за обука при МВР-Скопје која беше реализирана во месец Мај.<br>- На ден 12.05.2023 година учениците од втора и трета година го посетија ,,Вишиот Управен Суд на РСМ".<br>- На ден 30.05.2023 и 31.05.2023 година беше организирана посета на КПД ,,Идризово'',<br>- Во период од 05.06.2023 до 07.06.2023 година беше организирана посета на четири француски средни училишта, во соработка со делегацијата на Академскиот реон Оверњна-Рона-Алпи во Франција, Амбасадата на Република Франција и Француското институт во Скопје, како и Националната агенција за европски програми и мобилности на Република Северна Македонија;<br>- Учениците од втора година го посетија Централниот регистар, согласно програмата по предметот Планирање на кариера,<br>- Учениците од втора година по предметот Кариерен развој беа примени од градоначалникот Бобан Стефковски каде учениците се запознаа со работењето на локалната самоуправа.<br>- Организирана посета на Саем на книга 2023 година. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **2023/2024**<br>- Посета на радио МОФ, на отворениот Медиумски Ден и запознавање со активностите на новинарите и работните обврски. Имаа можност да се испробаат и како водители на подкаст;<br>- 25.10.2023 година, По повод Европскиот ден на правдата група ученици од трета и четврта го посетија Управниот суд на Република С. Македонија. Говор одржа Претседателот на Судот, а нашите ученици имаа можност да се запознаат со работата на судот, како и да присуствуват на судење;<br>- 25.10.2023 година, ученици беа во посета на Министерството за правда по повод Европскиот ден на правдата;.<br>- На 15.02.2024 година беше реализирана посета на Централен Депозитар за Хартии од Вредност.<br>***ОРГАНИЗАЦИЈА И УЧЕСТВО НА НАСТАНИ***<br><br>**2022/2023**<br>- Во рамките на Европската недела на мобилноста, нашето училиште зема учество на Големото велосипедско дефиле кое се одржа на 22.09.2022 година, во организација на Град Скопје и Секторот за заштита на животната средина;<br>- Одбележување на патрониот празник 28.10.2022 година;<br>- Положување цвеќе по повод празникот на Град Скопје 13 Ноември;<br>- По повод одбележувањето на Меѓународниот ден на толеранцијата 16 Ноември, се одржа настан под мотото "Чекориме заедно" со главна тема соживот и на истиот зеде учество и нашето училиште;<br>- На ден 18.11.2022 година, по повод одбележувањето на светскиот ден на детето, 20-ти Ноември, ученици од нашето училиште одржаа настан под слоганот: ,,Ги знам своите права и знам како да ги заштитам";<br>- На ден 25.11.2022 година учениците учествуваа на манифестацијата "Денови на европско Скопје" во организација на Дирекцијата за култура и уметност на Скопје, за македонски јазик "Крсте Мисирков";<br>- На ден 25.11.2022 година учениците беа дел од акцијата ,, што се одржа во амфитеатарот на Институтот Засади со љубов за Кисела Вода“ во соработка со Волонтерски Центар Скопје; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - На 09.12.2022 година по повод денот на превенција, ученици и претставници од нашето училиште, учествуваа на настанот кој беше организиран од страна на Одделението за превенција при Секторот за внатрешни работи Скопје во Сити мол под мотото – “Граѓаните зборуваат за нас”;<br>- Во месец декември нашето училиште беше домаќин на завршниот настан во рамките на проектот "Низ здравствени леќи: со едукација до превенција и здрав животен стил ". Настанот беше организиран од страна на 3D Fenix aid и Titan medical, а е поддржан од Градот Скопје;<br>- Учество на Матурска парада 2022 година во организација на Град Скопје;<br>- Нашето училиште СЕПУГС “Васил Антевски-Дрен” имаше чест да биде домаќин, да соработува и учествува на работните состаноци со партнер училиштето Леонардо Де Винчи од Вилфонтен од Франција.<br>- На ден 20.02.2023 година, дел од професорите и учениците имаа можност да присуствуваат на уништувањето на дрога и други психотропни супстанци, како и на одземени парчиња оружје кое беше реализирано во фабриката ,,Макстил". претставници од Комисијата на ОБСЕ во Скопје, полициски атешеа и службеници;<br>- На ден 23.02.2023 година ученици од нашето училиште земаа учество на меѓународен симпозиум на тема "Да си го вратиме назад просторот за дигитални информации" во хотел Александар Палас Скопје. Симпозиумот е организиран од страна на Македонски институт за медиуми - МИМ / Macedonian Institute for Media - MIM, Институт за комуникациски студии ИКС, USAID и IREX;<br>- Одбележување на 8ми Март-Денот на жената, со посебен акцент на жените економисти и правници;<br>- Одбележување на 11 Март- Денот на депортацијата на македонските Евреи, претставниците од нашето училиште оддадоа должна почит во Поворката на живите и пред споменикот на 7144 депортирани македонски Евреи во скопскиот Монопол Империјал;<br>- Во месец март училиштето беше домаќин на средба помеѓу франкофонски професионалци и ученици од втора и трета година кои го следат предметот француски јазик. Гости беа Неговата Екселенција Г-дин Амбасадор на Франција, Сирил Бомгартнер, Неговата Екселенција Г-дин Амбасадор, Габриел Атанасов како и претставници на францускиот институт во Скопје |

| | | |
|---|---|---|
| | | - По повод 17 Март - Ден на основање на Црвен Крст на РСМ и Ден на крводарителство во РСМ беше организирана манифестација во хотел Хилтон на која присутствуваа наши ученички - волонтери во ЦК.<br>- Учество во активности за одбележување на „Денот на НАТО“ на 04.04.2023 година, организирани од Министерството за одбрана на Република Северна Македонија. Настанот се одржа во Касарна Илинден - Скопје , со присуство на ученици од сите средни училишта на територија на Град Скопје,<br>- Институтот за комуникациски студии во рамките на проектот "Младите размислуваат" на 13.04.2023 го истрча новинарскиот спринт со средношколците од нашето училиште;<br>- На 27.04.2023 година во просториите на Културно Информативниот Центар - Скопје, се одржа изложбата "Вселена.Човек.Интелигенција" во организација на Гете - институтот и друштвото "Макс – Планет-учество зема и нашето училиште.<br>- По повод Меѓународниот ден на мајчиниот јазик, ученици од прва година го одбележаа денот со читање поезија, пораки и мисли од македонски поети;<br>- Учество на училишниот бенд на отворањето на изложбата "Словенија во енциклопедијата Википедија" по повод словенечкиот културен празник Прешернов ден;<br>- На покана од пратниците од Собранието на РСМ, ученици од нашето училиште земаа учество на караванот „Собрание за граѓаните“.<br>- Ученици од трета година го посетија традиционалниот Саем за студии во Франција, во Националната универзитетската библиотека каде имаа можност да добијат информации за понудата на студиски програми директно од претставниците на француските универзитети присутни на саемот.<br>- По повод одбележување на патронатот на училиштето, а по иницијатива на ученичката заедница и директорката на училиштето м-р Тања Јовановска, и во соработка со ЈСП- Скопје, денот го искористија за реализација на активност под мотото: "Патуваме заедно, учиме одговорност, сигурна безбедност!";<br>- Одбележување на “Европскиот Ден на јазиците”;<br>- Одбележување на ЕРАЗМУС+ денови во соработка со Националната Агенција за Европски образовни програми и мобилност на РСМ;<br>- Одбележување на “Глобалната недела на парите” со серија предавања и работилници;<br>- Обезбедување квалитет на работата на Координаторите за врски со компаниите, учество на регионална средба; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Промоција на упатството за Учење преку работа;<br>- Учество на ученици на настан од обласа на културата како општествено ангажиран израз, во смисла на иницирање на размислување за неопходната потреба од мир, еколошки развој и почитување на различитостите, организиран во соработка со Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија и Europe House Skopje.<br><br>**2023/2024**<br>- 25.09.2023 година, во рамките на проектот Млади амбасадори за заштита на животната средина, чија реализација се спроведува со подршка на Град Скопје се одржа првата работилница која е дел од проектот КУЌА НА СРЕЌАТА, за значењето на животната средина, обука на идни млади амбасадори за заштита на животната среднина;<br>- 28.09.2023, Одбележување на “Европскиот Ден на јазиците” во СЕПУГС Васил Антевски – Дрен, со професорите по македонски, англсики, француски и германски јазик, како и 30 ученици кои учествуваа во преземените активности;<br>- 02.10.2023, Група ученици од трета година од нашето училиште СЕПУГС "Васил Антевски-Дрен"- Скопје предводени од нивната професорка по англиски јазик го посетија EducationUSA fair.<br>- 13.10.2023, настан Erasmus Days на тема: "Dren experiences Erasmus". За оваа активност поголем дел од учениците, досегашни учесници на Еразмус мобилностите, подготвија видеа каде говорат за искуствата кои ги стекнале на проектните активности.<br>- 28.10.2023, Одбележување на патрониот празник на нашето училиште кое гордо го носи името на истакнатиот македонски револуционер и учесник во Народноослободителната борба, Васил Антевски - Дрен. Празникот се одбележа свечено и достоинствено, и по тој повод во посета беа ученици и наставници од Полска кои се запознаа со Еразмус активностите и наставните профили кои се изучуваат во нашето училиште;<br>- 31.10.2023, панел дискусија на тема: Медиумите (не)придонесуваат за медиумската писменост.<br>- 05.11.2023, во организација на Агенција на филм, ученици од прва и втора година присуствуваа на настан ,,Денот на млада публика во Кинотека на Македонија. Учениците имаа можност да го проследат филмот ,,Everything will change'' |

| | | |
|---|---|---|
| | | - 08.11.2023, во организација на Global Shapers и EdUSA во Американското катче учество на презентација на тема Social Activism. Учениците се запознаа со тоа што значи да се учествува во волонтерска дејност и општествен ангажман;<br>- 13-14.11.2023, „Јустинијановите приказни“ учество на настан со група ученици од правниот смер;<br>- 04.12.2023, учениците присуствуваа на проектот за млади „DigiCoop for Youth Employment Platform” каде што се запознаа со новата дигитална платформа „DigiCoop";<br>- 14.12.2023, во правниот факултет „Јустинијан Први“ се организираше политиколошко кино кадешто беше изведена првата филмска проекција на филмот „The Last King of Scotland“, а потоа под модераторство на професори од Правниот факултет истиот филм беше анализиран и дебатиран низ перспектива на правото и политичките науки;<br>- 15.12.2023, ЦВЕТИНОВА НАГРАДА ЗА МИР за нашето училиште;<br>- 19.12.2023, На учениците од прва и втора година им беше претставена електронската книга „Кон-текстот: дигитални осврти“ која содржи осврти за автори од македонската книжевност во првите две децении од дваесет и првиот век<br>- 20.12.2023, во Јавна соба - центар за дизајн и иновации во рамките на проектот ИДНИНАТА ПОЧНУВА ДОМА, во организација на Дирекцијата за ТИРЗ и директорот Јован Деспотовски, Стопанската Комора на РСМ, а поддржана од претседателот на РСМ Стево Пендаровски нашата ученичка Николија Златевска е номинирана во категоријата “Млади двигатели”.<br>- 29.12.2023, Предновогодишна хуманитарна забава во нашето училиште организирана од страна на Училишната заедница;<br>- 06.02.2024, промоцијата на новата книга на неговата екселенција , амбасадорот Благој Зашов, ,,РОМАНИЈА - МАКЕДОНИЈА", дипломатски разговори, средби и сеќавања (1996-2002);<br>- 08.02.2024, во рамките на изборните предмети Инструменти на пазарот на капитал и Лични финансии, беше реализирана посета на Македонска берза АД Скопје, со учениците од трета и четврта година;<br>- 23.02.2024, Хуманоста на дело. ”ОД СРЦЕ ЗА ЛЕОНИД”. Учество на хуманитарниот базар под покровителство на градоначалникот на Град Скопје Данела Арсовска;<br>- 29.02.2024, Институтот за комуникациски студии одржа меѓународен симпозиум „Медиумската писменост во доба на вештачката интелигенција: Проширување |

| | | |
|---|---|---|
| | | на границите на возможното“ кој се организираше во рамки на проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“;<br>- 29.02.2024, се одржа завршниот настан на проектот ,, Иднината почнува дома". На овој настан поддржан од претседателот Стево Пендаровски, ТИРЗ и Стопанска комора, 32-ца млади луѓе добија признание за нивната посветеност и работа и беа прогласени за амбасадори симболизирајќи 32 години независност.<br>- 14.03.2024, Одбележување на месецот на франкофонијата во училиштето. Разговори со амбасадорот г-дин Благој Зашов - “Дипломатски разговори - средби и сеќавања”, употребата и значењето на францускиот јазик во дипломатијата и значењето на францускиот јазик во идна професија на учениците.<br>- 18.03.2024, На наше големо задоволство, а на нејзина голема радост – Стефанија Дејановиќ ја имаше можноста да се претстави пред учениците со инспиративен разговор. Стефанија е наша поранешна ученичка, сега веќе дипломиран економист и успешен UX/UI дизајнер.<br>- 20.03.2024, Учество во активност “Финализирање и имплементација на системот за следење на кариерите на матурантите од средните стручни училиша и обучени возрасни лица“ - проект финансиран од страна на ЕУ поддржан од МОН;<br>- 03.04.2024, во ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ во познатата соба „Т'га за југ“, се одржа поетска средба.<br>- 22.04.2024 во Синеплекс се одржа Средношколски самит за кариерен развој овозможен и организиран од Growth Labs Academy во соработка со Сојуз на средношколци на Македонија;<br>- Март, Април, Мај – организација на настани од државни и приватни Универзитети за уписна политика на матурантите, промоција и презентација на факултети и смерови на кои можат да се запишат матурантите;<br>- 14.06.2024 година во Град Скопје на средбата "Првиот со најдобрите", беше доделено признанието за ученик на генерација 2020-2024 на нашата ученичка Јована Петровска. |

| | | |
|---|---|---|
| | | ***НАДВОРЕШНИ ПРЕДАВАЊА ОД СТРУЧНИ ЛИЦА***<br><br>**2022/2023**<br>- Ученици од нашето училиште учествуваа на предавање во склоп на мултимедијалната изложба „Стаклена соба - Погрешни информации и манипулации на интернет“ во Europe House Skopje.<br>- Од 30.09.2022 до 02.10.2022 година се одржа тридневен меѓународен семинар наменет за наставници од средно и основно училиште во Меморијалниот центар на холокаустот, во организација на Центропа.<br>- На ден 20.12.2022 година во нашето училиште се одржаа работилници за јакнење на свеста кај младите во организација на Универзитетската клиника за пластична и реконструктивна хирургија, Скопје и Европската медицинска студентска асоцијација.<br>- По повод одбележување светскиот Ден на штедење, во Центарот за обука на Шпаркасе Банка се одржа Едукативен настан наменет за студенти и средношколци.;<br>Maker Faire Битола 2022, саем на иноватори.<br>- Во март на часот по Меѓународни организации се одржа предавање од страна на професорот д-р. Душко Стојановски од Американ Колеџ, кој предава криминологија и криминалистика и е поранешен инспектор по крвни деликти. Предавањето беше на тема ,,Геополитика, улогата на меѓународните организации при превенција и менаџирање на конфликти;<br>На 27 Мај, се одржа традиционално предавање со фокус: изработка на успешно CV и мотивационо писмо, каде како домаќин на настанот беше нашето училиште. Предавач на настанот беше Соња Плоча од Декра, Друштво за помагање и посредништво при вработување.<br>- Едукативни предавање во соработка со МВР – Сектор за превенција на тема Безбедност во сообраќајот.<br><br>**2023/2024**<br>- 24.09.2023, Проекција на филм наменет за средношколци The sleeping beast, во рамките на фестивалот “Браќа Манаки”;<br>- 09.10.2023, Група ученици од СЕПУГС "Васил Антевски- Дрен" имаа можност во Netaville да присуствуваат на емитување на филмот "The YouTube Effect" Филмот е истражување на големото влијание на YouTube врз нашите живот. |

- Превентивната едукативна кампања “ПЕТАРДИ НЕ, БЕЗБЕДНОСТ ПРЕД СЕ” за справување со опасностите од петарди и пиротехнички средства и оваа година продолжува;
- 07.02.2024, Фискална едукација на учениците од страна на УЈП, соработка со нашиот партнер во образовниот процес;

  21.05.2024 година, во нашето училиште, м-р Илија Манасиев, лиценциран медијатор, арбитер и помирувач во работни спорови одржа предавање на ученици од трета година.

### *ОБУКИ*

**2022/2023**

- Група ученици во периодот од август-октомври учествуваа на завршната конференција на проектот “Дигитални вештини за граѓанско вклучување“, која ја реализираа МААА заедно со Блинк 42-21, а со поддршка од Амбасадата на САД;
- Во месец декември учениците учествуваа на едукација во функција на јакнење на свеста кај младите - "ПЕТАРДИТЕ ги уништуваат празниците.
- Во месец декември Градот Скопје организираше трибина : "Менталното здравје и добросостојба на учениците во средно образование" на кои три ученички земаа активно учество;
- На ден 08.02.2023 година беа организирани повеќе работилници со учениците од прва година од образовниот профил е-трговија и дигитален маркетинг, со цел поврзување на теоријата и практиката:
- На ден 23.02.2023 година учениците имаа можност да учествуваат на обука и еднодневна работилница организирана од Технолошко-металуршки факултет Скопје на тема: Што ако? И како? за развивање на основни бизнис вештини-Inno Fab Lab.
- Парламентарниот институт на 07.03.2023 година одржа едукативен семинар на тема „Демократијата и Собранието”, на кој учествуваа и учениците од нашето училиште. Учениците имаа и организирана обиколка на законодавниот дом;
- На 04.04.2023 година во просториите на нашето училиште се одржа првата од вкупно три планирани работилници посветени на стекнување на вештини и нови знаења за кариерен развој кај младите лица. На оваа работилница присуствуваа 15 ученици;

| | | |
|---|---|---|
| | | - На ден 07.04.2023 година на Правниот факултет во организација на Центар за клиничка едукација по трудово и социјално право се одржа едукативна работилница посветена на младите во трудот со тема: ,,Како да ја избереме вистинската професија- работа која нè исполнува?" на која учествуваа нашите ученици;<br>- На денот на здравјето, 07.04.2023 година, во нашето училиште се одржа предавање на тема “Сексуално преносливи болести” во организација на MMSA (Macedonian Medical Students Association);<br>- На 18.04.2023 во просториите на СУГС Гимназијата "Орце Николов" се одржа втората од вкупно три планирани работилници посветени на стекнување на вештини и нови знаења за кариерен развој кај младите лица. На оваа работилница присуствуваа 15 ученици од нашето училиште<br>- На 27.04.2023 во просториите на Економскиот факултет - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се одржа третата работилница посветена на стекнување вештини и нови знаења за кариерен развој кај младите лица. На оваа работилница присуствуваа 15 ученици од нашето училиште;<br>- Во периодот од 11-12 Јуни 2023 година, во Призрен, беше одржана регионална работилница „Обезбедување квалитет за организација на учење преку работа’’ во рамките на проектот „Обезбедување квалитет за работа на координаторите во врска со компаниите’’.<br>- По повод меѓународниот ден за сеќавање на Холокаустот, беше оддржана виртуелна работилница на учениците од прва година со ученици од САД, Романија и Украина.<br>- Ученици од нашето училиште учествуваа на Конференција на тема: "Игрификација- можност или пречка во образованието". На конференцијата нашите ученици земаа учество во Панел- дискусија, Едукативни работилници, Саем на едукативни игри и Турнир во играње на онлајн игра.<br>- Учениците по повод реализација на проектот "Конвенција за правата на детето", одржаа информативна и едукативна работилница на која присуствуваа и претставници од институцијата Народен правобранител.<br><br>**2023/2024**<br>- “Наследниците на Манаки”, дводневна работилница восоработка со Агенцијата за филм во рамките на фестивалот “Браќа Манаки”; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Во организација на Американското Катче и Економскиот факултет, Скопје, беше одржана работилница за Cyber Security. Групата ученици од прва година (е-бизнис и дигитален маркетинг) научија за важноста од препознавање phish веб сајтови, лажен меил, креирање силни лозинки и безбедност на интернет. Работилницата ја водеше проф.д-р Мијалче Санта од Економскиот факултет;<br>- 24.10.2023, "Денови посветени на медиумска писменост" организирани се повеќе настани и активности од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Македонски Институт за Медиуми, ИРЕКС, БРО, МОН, МОФ;<br>- Со акцент на ученици со посебни образовни потреби и ученици со потешкотии во учењето, 28,29.10.2024, АКАДЕМИЈА ЦЕС, Инклузија-изработка на ИОП и спроведување со ак тим билдинг-градење на тим и тимска работа, зајакнување на капацитетите на организациската структура на училиштето, справување со стрес и стресни ситуации и искуство од проекти за ментално здравје Еразмус+, дисеминација на наставен кадар;<br>- Нашето училиште СЕПУГС "Васил Антевски- Дрен" - Скопје, со група ученици од трета година присуствуваа на конференција на тема "Медиумска писменост во дигиталните простори" на панел дискусијата за "Постојано поврзани - влијанието на дигиталниот свет врз децата и младите";<br>- 24.11.2023 во „Europe House“, работилница на тема: „Паметно живеење во дигиталниот свет – можности и предизвици“;<br>- 15.12.2023 на Правниот факултет „Јустинијан Први“ се одржа 5-тата работилница на тема ,,Правно аргументирање’’;<br>- 18.12.2023, ученици од прва и втора година од нашето училиште беа дел од работилницата “Пристап до информации справување со лажни информации“ во организација на Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP ) Funding Windows.<br>- 19.12.2023, домаќини на работилница на тема “ Приватноста на интернет како човеково право“ под менторство на наставникот Маргарита Поповска Костадиновска, а во организација на НВО Common Vallues и Млади Правници, поддржано од неговата екселенција амбасадорот на Кралство Шпанија при РСМ Хозе Луис Лосано Гарсија;<br>- 26.12.2023, нашите ученици од прва година од образовниот профил техничар за е-трговија и дигитален маркетинг учествуваа на работилница организирана во просториите на машинскиот факултет. |

| | | |
|---|---|---|
| | | - 17.01.2024, обуката за наставници "Зголемување на атрактивноста, инклузивноста, релевантноста на стручното образование и образованието за возрасни";<br>- 24.01.2024, обуката за наставници "Зголемување на атрактивноста, инклузивноста, релевантноста на стручното образование и образованието за возрасни";<br>- 02.02.2024, дводневни работилници на тема: “Лажни вести и информации и нивното влијание на менталното здравје“;<br>- 08.02 2024г. учениците од прва и трета година го посетија Централниот Регистар каде што имаа можност да се запознаат со регистрите кои се водат во Централен регистар,;<br>- 17.02.2024, учениците од прва година учествуваа на еднодневна обука за развој на бизнис концепт за зелени иновации, во организација на Центарот за извонредност во зелени иновации при Машинскиот факултет, Скопје;<br>- 12.03.2024, Во просториите на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер се одржа обука за учениците кои што го слушаат предметот „Прекршоци во постапка пред прекршочниот орган“ во рамките на нивната наставна програма;<br>- 20.03.2024 се одржа работилница со новото партнер училиште СУГС "Сарај"-Скопје за реализација на програмата за мултиетничка интеграција на образованието. Работилницата беше на тема Разликата е сила - прифати ја!;<br>- 18.04.2024, Во соработка со Junior Achievement Macedonia ученици од СЕПУГС Васил Антевски Дрен беа дел од работилница каде преку студии на случај се запознаа со успешни бизнис приказни од Република Македонија.<br>- 07.05.2024, се одржа работилница од областа на безбедноста и здравјето при работа, со активно учество на учениците од трета и четврта година.<br>- Август 2024, Минстерство за образование и наука, ВЕШТИНИ ЗА ДИГИТАЛНА ПИСМЕНОСТ КАКО КЛУЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ НА НАСТАВНИЦИТЕ СОГЛАСНО НАЈДОБРИТЕ ЕУ ПРАКТИКИ;<br>- Август 2024, Министерство за образование и наука, ОБУКА НА ОБУЧУВАЧИ ЗА КРЕИРАЊЕ НА ДИГИТАЛНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ;<br>- Август 2024, министерство за образование и анука, ИНКЛУЗИВНА ПЕДАГОГИЈА;<br>- Август 2024, Министерство за образование и наука, Обука на обучувачи за методи на поучување за активирање на учениците, формативно оценување, |

| | | |
|---|---|---|
| | | поддржувачка и инклузивна средина за учење и самооценување и меѓусебно оценување на наставниците;<br>- Август 2024, Министерство за образование и наука, ДИГИТАЛНА ТЕХНОЛОГИЈА СО ФОКУС НА УЧЕНИЦИ ОД МАРГИНАЛИЗИРАНИ ГРУПИ.<br><br>***МЕЃУНАРОДНИ И ДРУГИ ПРОЕКТИ***<br><br>**2022/2023**<br>- Во периодот од 6ти до 12ти Јули се реализираше проектот на тема ,,Подобро ментално здравје на учениците преку иновативни методи, техники и компетенции на наставниците<br>- Во месец мај се одржа обуката од Еразмус проектот ,,Алатки за дигиталната училница" (Tools for the digital classroom) во Анталија, Турција. На обуката во едукативниот центар Cekdev International Education and Development Academy учествуваа 9 наставници кои се стекнаа со нови дигитални вештини и знаења за користење на Web 2.0 алатките;<br>- Во јуни 2023 година училиштето учествуваше во eTwinning проектот насловен "Dear Earth", посветен на грижата за планетата Земја, каде учениците од втора и трета година, заедно со координаторот на проектот, професор Кристијан Стојановски, изработија свои презентации кои се прикачени на етвининг порталот;<br>- Во периодот од 22.05.2023 до 26.05.2023 година се одржа шестата и воедно последна мобилност од интернационалниот Еразмус проект "From STEM to STEAM" во Осика де Сус, Романија. Во проектот учествуваа училишта од Македонија, Романија, Полска и Турција;<br>- Во период од 22-28 Мај, наши ученици учествуваа на мобилноста од Еразмус проектот"Art is in science- science is in art with STEM" во Рига, Латвија кој има за цел изучување на научните предмети низ призма на уметноста, вклучување на дигитални алатки во секојдневната настава. На 08.06.2023 година беше одржана дисеминација.<br>- Во периодот од 06.05.2023 до 12.05.2023 година се одржа четвртата мобилност од Еразмус проектот "Green STEM Green DEAL" во Литванија на |

| | | |
|---|---|---|
| | | тема "Design by nature - Biomimicry." Во проектот учествуваа училишта од Македонија, Сицилија, Романија, Литванија и Турција;<br>- Од 19.03.2023 до 25.03.2023 година се одржа третата мобилност од интернационалниот Еразмус проект "Green STEM Green DEAL" во Партана, Сицилија на тема "Обновливи извори на енергија." Во проектот учествуваа училишта од Македонија, Сицилија, Романија, Литванија и Турција;<br>- Во периодот од 03 Април до 07 Април, во училиштето се одржа 5тата мобилност од проектот “FROM STEM TO STEAM", на тема „Explore to Mars: Establishing life condition somewhere“. Гости беа наставници и ученици од Турција, Романија и Полска;<br>- Во рамките на проектот, "Интеграција на имигранти во општеството преку иновативни пристапи во образованието", се одржа последната мобилност во Перуџа, Италија во периодот од 06.03.2023-10.03.2023 година на тема "Заеднички пристап заснован на уметност (симптоми на посттраума)";<br>- Во периодот од 11.02.2023 до 25.02.2023 година беше организирана обука во тренинг центатот Vitalis Gut Wehlitz во Schkeuditz, Saxony, Германија, која е дел од Еразмус проектот ,,Paperless Office in Administration & Digital Business’’. 8 ученици од нашето училиште земаа учество во двонеделната обука.<br>- Во периодот од 22.01.2023 до 28.01.2023 година во училиштето „Antalya Vizyoner Koleji“, во Анталија, Турција, беше реализирана втората мобилност од проектот ,,GREEN STEM GREEN DEAL’’на тема ,,Заштита од загадување на водите”. Во проектот учествуваа училишта од Македонија, Романија, Турција, Италија и Литванија;<br>- Во период од 06.11.2022 до 12.11.2022 година во училиштето ,,Scoala Profesionala Daneti’’ од Крајова, Романија, се одржа мобилноста на тема ,,Решенија за уништување на шумите’’ во рамки на Еразмус проектот ,,Green stem green deal’’. Во проектот учествуваа училишта од Македонија, Романија, Турција, Италија и Литванија;<br>- Во период од 28.11.2022 до 03.12.2022 година во рамките на Еразмус проект „From Stem to STEAM“ во училиштето „ Kastamonu Bilim ve Sanat Merkezi“ |

| | | |
|---|---|---|
| | | од Кастамону, Р. Турција, се одржа мобилност на тема „Активности за традиционална уметност, културно наследство и загрозени видови“. Во проектот учествуваат и училишта од Македонија, Полска, Романија и Турција.<br>- Во рамките на Еразмус проектот Art is in Science Science is in Art with STEM, се одржаа активности поврзани со "Ветерот како алтернативен извор на енергија" , при што беа изработени презентации од страна на учениците, беа организирани работилници од страна на наставниците по информатика, беше организирана посета на хидроцентралата Матка и Факултетот за природно математички науки.<br>- Училиштето беше домаќин на партнерите од Еразмус проектот ,,Култура, креативност, инклузија’’, каде за време на тридневната мобилност беа разменети искуства во однос на образовните системи, беа претставени различните култури и традиции и беа организирани креативни работилници од учениците и наставниот кадар;<br>- Во периодот од 19ти до 23ти Септември во Мерсин Турција ,се одржа 3тата по ред мобилност во рамките на проектот ,,From Stem to STEAM” поддржан од Еразмус + програмата и Национална агенција за европски образовни програми и мобилност. Низ посеттата нашиот тим се стекна со нови вештини и знаења на темата „Вежби со едноставни STEAM активности“;<br>- Во рамките на проектот "Интеграција на мигранти во општеството преку иновативни пристапи во образованието", нашите ученици од четврта година-правен смер, во периодот од 3-7 Октомври 2022 год, учествуваа на едукативната програма "Хуманитарен аспект на мешани миграциски текови под мотото - Together on the road, кој се одржа во едукативниот центар на Црвен крст на град Скопје.<br>- **2023/2024**<br>- Во периодот од 17.09.2023 до 22.09.2023 се одржа мобилноста од Еразмус+ проектот ,,PLAY FOR LIFE" во Хераклион, Крит. Во проектот учествуваа училишта од Македонија, Португалија, Италија и Шпанија, како и невладината организација од Крит - ,,Милетија". Учениците имаа можност да запознаат нова култура, земја и традиција; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Во текот на месец октомври наставници беа дел од обуката GBL "Game based learning" во Гозо, Малта. Во рамки на Еразмус+ програмата.<br>- Во период од 1ви до 7ми Октомври, нашето училиште беше домаќин на последната мобилност од Еразмус проектот "Green Steam, Green Deal". Гости беа ученици и наставници од Анталија-Турција, Романија, Сицилија и Литванија. Учениците имаа можност да учествуваат во пријателски натпревар со изработка, презентирање и креирање на робот и да ги разменат и надоградат искуствата и знаењата поврзани со роботика.<br>- "Подобро ментално здравје на учениците преку иновативни методи и техники на наставниците" е назив на проект од програмата Еразмус кој беше реализиран во Анталија-Турција, каде 12 наставници од нашето училиште се стекнаа со компетенции и вештини за подобро ментално здравје на наставниците и учениците. За споделување на стекнатото знаење, наставниците одржаа дисиминација на проектот во Гевгелија на ден 29.10.2023 год. Учествуваа педесет наставници од СЕУПГС Васил Антевски Дрен.<br>- Во период од 4 до 10 Февруари учениците присуствуваа на втората мобилност од Еразмус+ проектот "PLAY FOR LIFE" во Аликанте, Шпанија. Учениците се стекнаа со нови вештини и знаења, нови спортски активности, заеднички дружби и пријателства;<br>- ЕРАЗМУС проект во Барселона “Емоционалната интелигенција и нејзиното влијание во образовниот процес во функција на унапредување на компетенциите на наставниот кадар и менаџментот“. Размена на искуства и добри образовни практики, вмрежување со учесници од различни земји. Обука која овозможи унапредување на методи, дидактики и мапирање на ефекти за повисоки цели во образовниот процес.<br><br>***КРВОДАРИТЕЛСКИ И ДРУГИ ХУМАНИТАРНИ АКЦИИ***<br><br>**2022/2023**<br>- Есенска крводарителска акција, 26.10.2022 година, 70 крвни единици - 70 донатори на крв;<br>- Пролетна крводарителска акција, 07.04.2023 година, 73 крвни единици – |

| | | |
|---|---|---|
| | | 73 донатори на крв;<br>- Организирани се повеќе хуманитарни акции за деца од нашето училиште кои се најдоа во тешка материјална ситуација или им беше потребна помош (болест, смрт во семејството, пожар и сл.).<br><br>**2023/2024**<br>- Есенска крводарителска акција, 28.10.2023 година, 80 крвни единици - 80 донатори на крв;<br>- Пролетна крводарителска акција, 04.04.2024 година, 61 крвни единици – 61 донатори на крв;<br>- Организирани се повеќе хуманитарни акции за деца од нашето училиште кои се најдоа во тешка материјална ситуација или им беше потребна помош (болест, смрт во семејството, пожар и сл.). |
| 1.3.2 | Опфатеност на учениците во воннаставните активности | Учество на учениците во воннаставни активности се обезбедува на повеќе начини. Генерално, одговорните наставници по пат на соопштенија за можност од вклучување во тековни/претходно испланирани и одобрени проекти ги информираат сите ученици за потенцијални и претстојни воннаставни активности, ги мотивираат учениците, со цел тие да препознаат определен интерес кај себе, а наедно ја поттикнуваат и љубопитноста кај учениците, овозможувајќи изнесување на своите и почитување на мислењата и ставовите на другите. Воннаставните активности нудат подеднаква можност за вклучување и на машки и на женски ученици. |
| 1.3.3 | Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности | Неретко иницијативата и имплементацијата на воннаставните активности е одговорност на самите ученици ( училишната заедница), со што уште еднаш се потврдува фактот дека училиштето нуди можности и начини за проактивно учество на учениците во различни сегменти на реализација на наставата и воннаставните активности и истите влијаат на квалитетот на воспитно- образовниот процес, како и на развојот на учениците во насока на стекнување на дополнителни знаења и вештини. |

| | | |
|---|---|---|
| 1.3.4 | Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности | Учениците со помош и поддршка од менаџментот на училиштето и наставниците, учествуваат во различни манифестации, работат на проекти и натпревари каде постигнуваат високи резултати во различни области што се организираат на локално, национално или на меѓународно ниво. Постојат и се користат средства за афирмирање на воннаставните активности и на продуктите од нив ( социјални мрежи , веб страна и други медиуми и канали за информирање).<br>Тука се истакнува соработката на локалната средина како партнер во реализација и спроведување на воннаставните активности и афирмација на учениците и училиштето.<br>Придобивките од воннаставните активности се афирмација на училиштето, афирмација на личноста на учениците, проширување на знаењата, организација на слободното време на учениците, развивање на способностите и самодовербата на учениците и развивање на свест за постигнување и натпреварувачки дух. |
| | Извор на податоци | Годишна програма за работа, Годишни извештаи за работа на училиштето, Педагошка евиденција и документација, Дипломи, признанија, награди, пофалници од учество на манифестации и натпревари, Извештаи од одржани и реализирани воннаставни активности,Анкета со наставници, родители, ученици,Извештај од спроведена on line анкета на наставници,родители и ученици,Записници од стручни активи, Награди освоени од страна на учениците од нашето училиште,Проекти во реализација и реализирани проекти,Програми за воннаставни активности и работа. |

**Самоевалуација на училиштето: СЕПУГС"Васил Антевски-Дрен"-Скопје**

**Подрачје Наставни планови и програми**

**Резултати:**

**Клучни јаки страни**

- Интегрирани потреби на локалната средина
- Голема и квалитетна изборност на наставни програми и содржини програмирани од училиштето, а во насока на продлабочување на знаењата и вештините од струката, со почитување на афинитетите и желбите на учениците
- Планирање и реализирање на бројни вонаставни активности

**Слабости**

- Мал број на активности од областа на мултиетнички интеграции во образованието
- Неразработени насоки за вградување на меѓупредметни цели во наставниот процес
- Недоволно разработена Програма за работа со надарени ученици и недостаток на Програма за работа со талентирани ученици

**Идни активности и приоритети**

- Зголемување на активностите во доменот на мултиетничка интеграција во образованието
- Изработка и афирмирање на насоки за вградување на меѓупредметни цели во наставниот процес
- Изработка и применување на Програма за работа со талентирани ученици

## Прилог: Анекта за наставници

Дали наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем?

63 responses




Дали родителите и учениците имаат доволно можности да се запознаат со наставните планови и програми?

63 responses




Дали се прилагодуваат наставните програми за ученици со посебни образовни потреби?

63 responses




Дали наставните планови нудат доволно изборност во структата?

63 responses



Дали во училиштето се води сметка за родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност?

63 responses




Дали сметате дека потребите на локалната средина се интегрирани при реализација на наставните програми и воннаставните активности?

63 responses




Дали во училиштето се доволно разработени насоки за вградување на меѓупредметни цели (развивање самодоверба, иницијативност, различности и основните човекови права)?

63 responses




Дали сметате дека наставниците се проактивни при изработка на наставните планови и програми?

63 responses



Дали сметате дека во училиштето се планираат и реализираат доволно воннаставни активности?

63 responses




## Анекта за родители

Дали сметате дека постојат доволно можности да се информирате за наставните планови и програми што се реализираат во училиштето?

229 responses




Дали сте запознаени со можноста за избор на предмети и содржината на истите?

228 responses



Дали сметате дека во училиштето се води сметка за родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност?

229 responses




Дали ги поддржувате вонннаставните активности што се реализираат во училиштето?

229 responses




Во кои воннаставни активности би сакале да се вклучи вашето дете?

228 responses



## Анкета за ученици

Дали сте запознаени со наставните планови и програми што се реализираат во училиштето?

166 responses




Кој начин на информирање за наставните планови и програми го сметате за најсоодветен?

167 responses




Дали во наставните содржини што ги изучувате се опфатени темите на соработка, договарање, самодоверба, разрешување на конфликти?

167 responses




Дали сметате дека во училиштето се посветува доволно внимание на талентираните ученици?

165 responses



Дали наставниците им даваат поинакви активности на децата со посебни потреби ( ако има такви во паралелката)?

135 responses




Дали сметате дека во училиштето се води сметка за родова и етничка рамноправност и мултикутурна сензитивност?

161 responses




Во кои воннаставни активности би сакале да се вклучите?

152 responses



**РЕЗУЛТАТИ ОД ЕВАЛУАЦИЈАТА НА ПОДРАЧЈЕТО**

**ПОСТИГНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Скопје, 2024 г.**

| | | |
|---|---|---|
| 2.1 | Постигнувања на учениците | 2.1.1Следење на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) по наставни предмети и по квалификациони периоди<br>2.1.2 Подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)<br>2.1.3 Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>2.1.4 Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава<br>2.1.5 Следење на постигања на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование |
| 2.2 | Задржување/ осипување на учениците | 2.2.1 Редовност во наставата<br>2.2.2 Осипување на учениците<br>2.2.3 Премин на ученици од едно училиште во друго |
| 2.3 | Повторување на учениците | 2.3.1 Ученици што не ја завршуваат годината |

## 2.1 Постигнување на учениците

### 2.1.1 Следење на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) по наставни предмети и по квалификациони периоди

Училиштето располага со податоци за постигнувањата на учениците по пол, по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди.

Кај учениците од машкиот и женскиот пол запишани во економскиот смер констатирано е поголем процент на ученици со *одличен успех* во однос на учениците од правниот смер. Трендот на ученици кај женскиот пол кои имаат *одличен успех* е во интервал од 29% до 39% во двата смера и во двете учебни години. Учениците од машкиот пол особено доминираат со *многу добар успех* кој го остваруваат на крајот од учебната година, особено кај учениците од економскиот смер во прва година. Овој тренд кај женскиот пол во двата смера е сличен и се движи во интервал од 11% до 29%. Значителен е процентот на ученици што ја завршуваат годината со *добар успех*. Особено изразен е процентот кај машките ученици, ако се забележи од податоците. Од табелите во прилог, може да се констатира дека има и занемарлив процент кај машките ученици кои учебната година ја завршуваат со *доволен успех*. Кај учениците од женскиот пол исто така овој податок е занемарлив и е во интервал од 0 до 3%. Иако учениците од машкиот пол се помалкубројни, процентот на ученици на кои на крај од годината имаат *една, две или повеќе слаби* е поголем во однос на учениците од женскиот пол.

**Табела - Постигнување на ученици по смер, година и пол за учебните 2022/2023 и 2023/2024 година**

| | Техничар за е трговија и дигитален маркетинг (2022-2023) | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Одлични | | Многу добри | | Добри | | Доволни | | Со слаби (една или две слаби) | | Вкупно ученици |
| **Година** | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | |
| **I** | 8 | 13 | 11 | 12 | 12 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 64 |

| | Економски смер (2022-2023) | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Одлични | | Многу добри | | Добри | | Доволни | | Со слаби (една или две слаби) | | Вкупно ученици |
| **Година** | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | |
| **I** | 7 | 28 | 14 | 15 | 22 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 91 |
| **II** | 14 | 39 | 33 | 23 | 21 | 16 | 3 | 1 | 7 | 1 | 158 |
| **III** | 15 | 49 | 16 | 22 | 36 | 18 | 3 | 4 | 5 | 2 | 170 |
| **IV** | 19 | 46 | 27 | 26 | 36 | 20 | 7 | 1 | 5 | 3 | 188 |

| | Правен смер (2022-2023) | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Одлични | | Многу добри | | Добри | | Доволни | | Со слаби (една или две слаби) | | Вкупно ученици |
| **Година** | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | |
| **I** | 11 | 44 | 17 | 34 | 22 | 40 | 3 | 3 | 2 | 4 | 180 |
| **II** | 11 | 46 | 11 | 35 | 19 | 31 | 0 | 1 | 0 | 2 | 165 |
| **III** | 10 | 47 | 9 | 38 | 28 | 46 | 1 | 0 | 1 | 5 | 185 |
| **IV** | 19 | 88 | 19 | 44 | 13 | 14 | 1 | 0 | 1 | 3 | 202 |

| | Техничар за е трговија и дигитален маркетинг (2023-2024) | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Одлични | | Многу добри | | Добри | | Доволни | | Со слаби (една или две слаби) | | Вкупно ученици |
| **Година** | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | |
| **I** | 26 | 35 | 22 | 21 | 18 | 12 | 2 | 0 | 0 | 0 | 136 |
| **II** | 8 | 11 | 7 | 12 | 12 | 10 | 1 | 0 | 1 | 0 | 63 |

| | Економски смер (2023-2024) | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Одлични | | Многу добри | | Добри | | Доволни | | Со слаби (една или две слаби) | | Вкупно ученици |
| **Година** | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | |
| **I** | 2 | 17 | 13 | 15 | 13 | 15 | 9 | 3 | 2 | 3 | 91 |
| **II** | 4 | 20 | 6 | 8 | 17 | 8 | 3 | 0 | 8 | 2 | 75 |
| **III** | 13 | 34 | 29 | 22 | 25 | 19 | 1 | 0 | 7 | 3 | 153 |
| **IV** | 22 | 58 | 17 | 25 | 27 | 13 | 0 | 0 | 5 | 0 | 168 |

| | Правен смер (2023-2024) | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Одлични | | Многу добри | | Добри | | Доволни | | Со слаби (една или две слаби) | | Вкупно ученици |
| Година | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | |
| I | 10 | 26 | 14 | 39 | 22 | 59 | 1 | 4 | 5 | 4 | 184 |
| II | 18 | 52 | 7 | 24 | 16 | 8 | 8 | 8 | 15 | 30 | 178 |
| III | 7 | 38 | 7 | 26 | 17 | 42 | 3 | 4 | 7 | 10 | 161 |
| IV | 15 | 69 | 22 | 45 | 8 | 19 | 0 | 0 | 0 | 1 | 179 |

## Табела 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 - Постигнување на учениците по наставни предмети по години за 2022/2023 и 2023/2024 година

| Струка | Прва година | Учебна година 2022/2023 | Македонски јазик | Англиски јазик | Француски јазик | Германски јазик | Математика | Информатика | Историја | Граѓанско образование | Претприемништво и бизнис | Деловна комуникација | Економска географија | Право и државно уредување | Спорт и спортски ак. | Ликовна уметност | Музичка култура | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг | | | 3,73 | 4,15 | 3,77 | 3,68 | 2,86 | 3,53 | 3,44 | 3,68 | 3,58 | 4,18 | 4,36 | 3,34 | 5,00 | 4,77 | 4,27 | 3,89 |
| Економски техничар | | | 3,68 | 3,55 | 3,48 | 3,29 | 3,41 | 3,87 | 4,12 | 3,94 | 3,71 | 4,19 | 4,30 | 3,31 | 4,98 | 4,80 | 4,09 | 3,95 |
| Правен техничар | | | 3,36 | 3,35 | 3,42 | 3,16 | 2,19 | 3,63 | 3,85 | 3,66 | 3,61 | 4,02 | | 2,82 | 4,90 | 4,63 | 3,95 | 3,71 |
| Просек во трите смера | | | 3,59 | 3,68 | 3,55 | 3,38 | 3,06 | 3,68 | 3,80 | 3,76 | 3,63 | 4,13 | 4,33 | 3,26 | 4,96 | 4,73 | 4,10 | 3,85 |

| Струка | Втора година | Учебна година 2022/2023 | Македонски јазик | Англиски јазик | Германски јазик | Француски јазик | Математика | Основи на сметководство | Статистика | Информатика | Историја | Право и државноуредување | Претприемништво и бизнис | Внатрешна трговија | Стварно право | Административо канцелариски работи | Административно право | Спорт и спортски активности | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Еконмски техничар | | | 3,46 | 4,08 | 3,51 | 4,47 | 3,43 | 3,37 | 3,12 | 4,49 | 3,78 | 3,73 | 4,03 | 4,24 | / | / | / | 4,72 | 3,87 |
| Правен техничар | | | 3,29 | 3,77 | 3,11 | 3,71 | 3,43 | / | 4,03 | 3,83 | 3,74 | 3,74 | 3,85 | / | 4,36 | 3,84 | 3,59 | 4,63 | 3,82 |
| Просек во двата смера | | | 3,37 | 3,93 | 3,31 | 4,09 | 3,43 | 3,37 | 3,58 | 4,16 | 3,76 | 3,74 | 3,94 | 4,24 | 4,36 | 3,84 | 3,59 | 4,67 | 3,85 |

| Струка | Трета година | Учебна година 2022/2023 | Македонски јазик | Англиски јазик | Математика за економисти | Социологија | Економија | Трговско право | Финансиско работење | Финансиско сметководство | Надворешна трговија | Маркетинг | Статистика | Административно канцelariско раб. | Управно процесно право | Облигации | Кривично право | Учење преку работа кај работодавач | Однесување на потрошувачи изб | Управување со производ изб | Основи на пазарот на капитал изб. | Лични финансии изб. | Математика изб. | Француски јазик изб. | Архивско работење изб. | Адвокадско работење и медијација изб. | Прекршоци во постапка пред прекршочни органи изб. | Меѓународни организации | Спорт и спортски активности | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Економски техничар** | | | 3,22 | 3,95 | 3,19 | 3,61 | 3,98 | 3,43 | 3,46 | 3,84 | 3,74 | 3,76 | / | / | / | / | / | 4,95 | 4,04 | 3,61 | 4,20 | 4,47 | 5,00 | / | / | / | / | / | 4,68 | 3,93 |
| **Правен техничар** | | | 3,76 | 3,07 | / | 3,42 | 3,55 | 3,24 | / | / | / | / | 3,29 | 3,19 | 3,80 | 3,58 | 3,59 | 4,92 | / | / | 4,69 | / | / | 4,87 | 5,00 | 4,11 | 4,68 | 4,71 | 4,87 | 3,87 |
| **Просек во двата смера** | | | 3,49 | 3,51 | 3,19 | 3,52 | 3,77 | 3,27 | 3,46 | 3,84 | 3,74 | 3,76 | 3,29 | 3,19 | 3,80 | 3,58 | 3,59 | 4,93 | 4,04 | 3,61 | 4,44 | 4,47 | 5,00 | 4,87 | 5,00 | 4,11 | 4,68 | 4,71 | 4,77 | 3,90 |

| Струка | Четврта година | Учебна година 2022/2023 | Македонски јазик | Англиски јазик | Математика за економисти | Психологија | Логика | Економија | Банкарско работење | Финансиско смеководство | Менаџмент и бизнис планирање | Трудово право | Кореспонденција | Граѓанско процесно право | Кривична постапка | Учење преку работа кај работодавач | Сметководство на менаџмент изб. | Интегрирани маркетинг комуникации изб | Меѓународни трговски трансакции изб. | Осигурување изб. | Математика изб. | Секретарско работење изб | Прекршоци во судска постапка изб. | Нотарско и извршително работење изб | Право на Европска Унија изб | Спорт и спортски активности | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Економски техничар | | | 3,41 | 3,14 | 3,28 | 4,22 | 4,12 | 3,59 | 3,32 | 3,17 | 3,70 | / | / | / | / | 4,66 | 4,33 | 3,81 | 4,00 | 4,29 | 4,88 | / | / | / | / | 4,93 | 3,86 |
| Правен техничар | | | 3,73 | 4,06 | / | 3,96 | 4,13 | 3,94 | / | / | / | 4,42 | 3,91 | 4,11 | 4,26 | 4,76 | / | / | / | / | / | 4,36 | 4,60 | 4,78 | 4,10 | 4,93 | 4,27 |
| Просек во двата смера | | | 3,57 | 3,60 | 3,20 | 4,09 | 4,12 | 3,77 | 3,32 | 3,17 | 3,70 | 4,42 | 3,91 | 4,11 | 4,26 | 4,71 | 4,33 | 3,81 | 4,00 | 4,29 | 4,88 | 4,36 | 4,60 | 4,78 | 4,10 | 4,93 | 4,07 |

| Струка | Прва година | Учебна година 2023/2024 | Македонски јазик | Англиски јазик | Француски јазик | Германски јазик | Математика | Информатика | Историја | Граѓанско образование | Претприемништво и бизнис | Деловна комуникација | Економска географија | Право и државно уредување | Спорт и спортски ак. | Ликовна уметност | Музичка култура | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг | | | 3,71 | 3,82 | 4,09 | 3,21 | 3,78 | 3,87 | 4,24 | 3,54 | 3,96 | 3,98 | 4,53 | 3,51 | 4,48 | 4,81 | 4,30 | 3,98 |
| Економски техничар | | | 3,25 | 3,68 | 3,43 | 2,85 | 2,99 | 3,14 | 3,90 | 3,19 | 3,73 | 3,33 | 3,74 | 2,98 | 4,11 | 4,20 | 3,64 | 3,47 |
| Правен техничар | | | 3,48 | 3,34 | 3,20 | 2,70 | 2,73 | 3,26 | 3,22 | 3,75 | 3,18 | 3,78 | | 2,78 | 4,33 | 4,60 | 3,69 | 3,47 |
| Просек во трите смера | | | 3,48 | 3,61 | 3,57 | 2,92 | 3,17 | 3,42 | 3,77 | 3,49 | 3,62 | 3,70 | 4,14 | 3,09 | 4,30 | 4,54 | 3,88 | 3,64 |

| Струка | Втора година | Учебна година 2023/2024 | Македонски јазик | Англиски јазик | | Германски јазик | Француски јазик | Деловен англиски јазик | Математика | Основи на сметководство | Статистика | Информатика | Историја | Право и државноуредување | Претприемништво и бизнис | Внатрешна трговија | Стварно право | Административо канцелариски работи | Административно право | Спорт и спортски активности | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Техничар за е трговија и дигитален маркетинг | | | 3,70 | 4,14 | | 3,39 | 4,14 | 3,36 | 2,59 | / | 3,52 | 4,36 | 3,61 | 3,33 | 3,75 | 4,03 | / | / | / | 4,63 | 3,73 |
| Еконмски техничар | | | 3,59 | 3,54 | | 3,36 | 3,52 | / | 2,95 | 2,98 | 3,56 | 4,01 | 3,61 | 3,59 | 3,70 | 3,93 | / | / | / | 4,84 | 3,65 |
| Правен техничар | | | 3,47 | 3,24 | | 3,37 | 3,70 | / | 2,59 | / | / | 3,65 | 3,73 | 3,73 | 3,68 | / | 4,34 | 3,42 | 3,51 | 4,53 | 3,64 |
| Просек во двата смера | | | 3,58 | 3,64 | | 3,37 | 3,79 | 3,36 | 2,71 | 2,98 | 3,54 | 4,01 | 3,65 | 3,55 | 3,71 | 3,98 | 4,34 | 3,42 | 3,51 | 4,66 | 3,67 |

| Струка | Трета година | Учебна година 2022/2023 | Македонски јазик | Англиски јазик | Математика за економисти | Социологија | Економија | Трговско право | Финансиско работење | Финансиско сметководство | Надворешна трговија | Маркетинг | Статистика | Административно канцелариско раб. | Управно процесно право | Облигации | Кривично право | Учење преку работа кај работодавач | Однесување на потрошувачи изб | Управување со производ изб | Основи на пазарот на капитал изб. | Лични финансии изб. | Математика изб. | Француски /германски јазик изб. | Архивско работење изб. | Адвокадско работење и медијација изб. | Прекршоци во постапка пред прекршочни органи изб. | Меѓународни организации | Спорт и спортски активности | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Економски техничар** | | | 3,48 | 3,34 | 3,43 | 3,49 | 3,73 | 3,61 | 3,36 | 3,08 | 3,56 | 3,60 | / | / | / | / | / | 4,98 | 4,53 | 4,69 | 5,00 | 4,35 | 4,00 | 4,17 | / | / | / | / | 4,66 | 3,85 |
| **Правен техничар** | | | 3,29 | 3,52 | / | 3,29 | 3,49 | 3,18 | / | / | / | / | 3,16 | 2,89 | 3,32 | 3,31 | 3,63 | 4,41 | / | / | 4,12 | / | 5,00 | 5,00 | | 4,63 | 4,15 | 4,45 | 4,66 | 3,72 |
| **Просек во двата смера** | | | 3,39 | 3,43 | 3,43 | 3,39 | 3,61 | 3,23 | 3,36 | 3,08 | 3,56 | 3,60 | 3,16 | 2,89 | 3,32 | 3,31 | 3,63 | 4,70 | 4,53 | 4,69 | 4,56 | 4,35 | 4,50 | | / | 4,63 | 4,15 | 4,45 | 4,66 | 3,72 |

| Струка | Четврта година | Учебна година 2023/2024 | Македонски јазик | Англиски јазик | Математика за економисти | Психологија | Логика | Економија | Банкарско работење | Финансиско сметководство | Менаџмент и бизнис планирање | Трудово право | Кореспонденција | Граѓанско процесно право | Кривична постапка | Учење преку работа кај работодавач | Сметководство на менаџмент изб. | Интегрирани маркетинг комуникации изб | Меѓународни трговски трансакции изб. | Осигурување изб. | Математика изб. | Секретарско работење изб | Француски јазик | Прекршоци во судска постапка изб. | Нотарско и извршително работење изб | Право на Европска Унија изб | Спорт и спортски активности | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Економски техничар | | | 3,40 | 4,02 | 3,11 | 4,20 | 4,72 | 3,80 | 3,48 | 3,77 | 3,84 | / | / | / | / | 4,78 | / | 4,03 | 4,78 | 4,41 | 5,00 | / | / | / | / | / | 4,98 | 4,10 |
| Правен техничар | | | 3,51 | 3,23 | / | 4,22 | 4,74 | 3,54 | / | / | / | 4,49 | 3,88 | 4,04 | 4,26 | 4,84 | / | / | / | / | 5,00 | / | 5,00 | 3,94 | 4,65 | 4,82 | 4,73 | 4,12 |
| Просек во двата смера | | | 3,46 | 3,63 | 3,11 | 4,21 | 4,73 | 3,67 | 3,48 | 3,77 | 3,84 | 4,49 | 3,88 | 4,04 | 4,26 | 4,84 | | 4,03 | 4,78 | 4,41 | 5,00 | | 5,00 | 3,94 | 4,65 | 4,82 | 4,73 | 4,16 |

Училиштето не располага со податоци за постигања на учениците по етничка припадност. Од наведената евиденција може да се идентификуваат многу мали групи на ученици по етничка припадност. Како мал и недоволен репрезентативен примерок, училиштето не изработува посебни статистички анализи за успехот на учениците по етничка припадност. Во прилог се Табели во кои се илустрирани и споредени податоците за бројот на ученици кои се изјасниле како припадници на одредена етничка група во следните учебни години - 2022/2023 г. и 2023/2024 г.

| Анализа |
| --- |
| Во однос на следењето на постигнувањата на учениците по наставни предмети и класификациони периоди, испитаниците посочуваат дека училиштето ги следи постигнувањата на учениците. Пресметувањето на средниот успех од постигања на учениците по наставни предмети и квалификациони периоди , се изготвува во извештаите од страна на класните раководители и во дневникот за работа, но само за крајот на второто и четвртото тримесечие. За првото и третото тромесечие се изготвува извештај за оценетост по предмети и слаби оценки, по што се организра советување за учениците со намален успех. Евиденција се води и преку евидентни листови за успехот на секој ученик одделно, со што се известуваат родителите.<br><br>Од горе приложените табели во врска со средниот успех на учениците остварен по предмети се забележува подобрување ако го споредиме крајот на првото полугодие и крајот на учебната година.<br><br>Во однос на следењето на постигнувањата на успех на учениците по предмети, но анализирано по  различен пол и етничка припадност доминира уверувањето дека училиштето не ги следи постигнувањата на учениците според наведените критериуми, поради тоа што бројот на ученици со различна етничка приадност различна од македонската е мал и незначителен, како пто е прикажано во горенаведените табели. |
| Мерки и активности за подобрување на успехот |

| |
|---|
| Конитинуирано во секојдневната настава се преземаат мерки и активности за подобрување на успехот по предмети кај учениците како што е  редовно советување на родители и  ученици од страна на психолошка педагошка служба, индивидуална мотивација на учениците од страна на предметните наставници, поттикнување за учество на натпревари, проекти и одржување на дополнителна настава и додадтна настава.<br><br>Класните раководители остваруваат редовна средба со родителите и ги известување за постигнтиот успех на учениците.<br><br>Педагошко психолошката служба реализира советување на родители за ученици со намален успех, групно и индивидуално, како и работлници со учениците на тема учење и мотивација. |

### 2.1.3 Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби

Во образовниот процес се врши идентификација и селекција на учениците според нивните постигнување или дополнителни потреби од страна на предметниот наставник кој потоа ја одредува категоријата на која и припаѓа одредена група на ученици. За оваа намена претходно се подготвуваат различни наставни програми кои ќе ги надополнат потребите на учениците (годишен тематски план за додатна настава за ученици кои покажуваат поголеми постигнувања од останатите за одреден предмет и подоцна истите учествуваат на натпревари, годишен тематски план за дополнителна настава и годишен тематски план за ученици со посебни образовни потреби со потешкотии во развојот кои се интегрирани во редовната настава.). Една од најважните работи што им се овозможува на учениците СЕПУГС “Васил Антевски-Дрен” е при следењето, вреднувањето и оценувањето да се чувствуваат релаксирано, без непријатни ситуации, страв или стрес. Особено е важно што на сите ученици им се овозможува да се изразат на начин кој е најприфатлив за нив.

Начинот на кој ги идентификуваме посебните категории на ученици е преку взаемна соработка и воспоставена добра релација помеѓу класните раководители, предметните наставници, психолошко –педагошката служба и родителите.

**Табела - Идентификувани ученици со потешкотии во учењето**

**Учебна 2022/2023 година**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Паралелка | I-1 | I-2 | | I-3 | | I-4 | I-5 | I-6 | I-7 | I-8 | I-9 | I-10 |
| Ученик | 3 | 3 | | 1 | | / | / | 1 | 4 | 6 | 7 | 4 |
| Паралелка | I-11 | I-12 | I-13 | II-1 | II-2 | II-3 | II-4 | II-5 | II-7 | II-8 | II-9 | II-13 |
| Ученик | 6 | / | 6 | / | 4 | 3 | 3 | 2 | 2 | / | 1 | 2 |
| Паралелка | II-14 | III-1 | III-2 | III-3 | III-4 | III-6 | III-8 | III-9 | III-10 | III-11 | III-12 | III-13 |
| Ученик | 2 | 6 | 5 | 5 | 2 | 5 | 3 | 2 | 3 | 3 | 6 | 6 |
| Паралелка | IV-1 | IV-2 | IV-3 | IV-4 | IV-5 | IV-6 | IV-7 | IV-9 | IV-10 | IV-12 | IV-13 | IV-14 |
| Ученик | 5 | 6 | 4 | 1 | 5 | 7 | 3 | 5 | 4 | 6 | 4 | 1 |

### 2.1.4 Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава

Преку редовна настава предметниот наставник прави селекција на ученици кои треба да посетуваат дополнителна и додатна настава. Во СЕПУГС “Васил Антевски Дрен” успешно се реализираат овие два вида на настава.

Целта на дополнителната настава е да им се помогне на оние ученици кои потешко го совладуваат материјалот по одреден предмет, понатака, на барање на учениците кои сакаат дополнително објаснување на материјалот што не го разбираат, исто како и за ученици кои отсуствуваат од наставата по одреден наставен предмет.

Исто така, дополнителната настава има за цел дополнително да ги мотивира и охрабри учениците кои имаат потешкотии при совладувањето на наставниот материјал по одреден предмет и на тој начин да им се подигне нивната самодоверба дека при континуирана работа во текот на целата учебна година тие ќе ги надминат своите потешкотии и ќе станат самостојни и успешни при совладувањето на наставниот материјал. За успешно организирање на дополнителна настава, училиштето врши постојано следење и вреднување на постигањата и напредувањето на секој ученик. Оваа настава се организира во текот на целата наставна година паралелно со редовната настава пред или по часовите.

Подобрувањето на постигањата на учениците кои имаат потешкотии во учењето, однсоно нивна идентификација и напредување го следи класниот раководител. Тој ги информира родителите за состојбата со оцените и поведението на ученикот. За состојбата на учениците класниот раководител го информира класниот совет и психолошка-педагошката служба. Понатаму, во континуриана соработка со родителите се упатува учениците на дополнителна настава по одредени предмети, се изготвува план за учење за  поправање на оценкте и се поттикнуваат учениците да го подобрат успехот. Се реализираат и советувања на родители и ученици во класификационите предмети кога за тоа биле исполнети законските одредби, од страна на психолошко-педагошката служба.

Додатната настава е наменета за ученици кои имаат потреба да ги прошират своите знаења. Часовите од додатната настава ги посетуваат учениците кои покажуваат интерес за додатни знаења по одреден предмет, дисциплина или области.  И за неа наставниците изготвуваат посебна програма и ги известуваат учениците за временската рамка за текот на активностите. Најчесто се реализира со учениците кои покажуваат посебни интереси за учество на некој од натпреварите по одредени предмети или најчесто преку искажан интерес на учениците за изработка на проектна задача. Во текот на годината , додатната настава ја реализираме и со учениците од четврта година со цел поуспешно да ги совладаат содржините кои се дел од  интерните и екстерните испити од државна матура. Реализацијата на часовите од додатната настава има за цел да им овозможи на учениците да ги прошират своите знаења за одреден предмет, најчесто се реализираат во помали групи од теоретска и практична природа.

Дополнителната и додатната настава се од голема важност затоа што го дообликуваат ученикот кој паралелно ја следи и редовната настава.

## 1. Дополнителна настава

| Планира<br>Датум | Повикани ученици | Реализира<br>Датум | Присутни ученици | Доставена програма за работа |
|---|---|---|---|---|
| Датумот за планирање на дополнителната настава е даден во планот и програмата за дополнителна настава по секој наставен предмет. | Податоците за повикани ученици се наведени во дневниците за работа и во индивидуалната евиденција на предметните наставници | Исто, датумот на реализација е видно истакнат во просториите на училиштето со кои се запознаени учениците и родителите. | Дел од повиканите ученици присуствуваат на дополнителната настава. | Во педагошко- психолошката служба се доставува годишен план и програма за реализација на дополнителна настава од страна на секој предметен наставник |

**Табела – дополнителна настава за учебна 2022/2023 година**

| Наставник<br><br>Реализира дополнителна настава | Предмет | Паралелка |
|---|---|---|
| Ирена Николовска<br>Ана Бранковска<br>Олга Атанасовска<br>Маца Николовска<br>Стефани Мишева<br>Моника Златановска<br>Татјана Здравиќ<br>Дијана Стојановска<br>Радојка Хелман Денковска<br>Елена Црвенова Трајковска<br>Елизабета Брсакоска Георгиевска<br>Радмила Куцуловска<br>Кристијан Стојановски<br>Виолета Донева<br>Теодора Паскалова Вучкова<br>Фани Мечкарова Стефковска<br>Фросина Митковска<br>Борче Јошевски<br>Татијана Пасковска<br>Моника Колевска Алексовска<br>Кристина Геогриева Тасевска | Македонски јазик и литература<br>Англиски јазик<br>Гемнаски јазик<br>Француски јазик<br>Математика<br>Информатика<br>Историја<br>Граѓанско образование<br>Претприемништво и бизнис<br>Деловна комуникација<br>Економска географија<br>Право и државно уредување<br>Музичка култура | Ученици од I-1 до I-14 |

| | | |
|---|---|---|
| Славица Ковачевска<br>Елена Бибовска<br>Катерина Арсов<br>Лила Ристовска<br>Гордана Митева<br>Валентина Јакимовска<br>Викторија Сотироска<br>Ирена Стрејќиќ<br>Софка Христовска<br>Емилија Ампева<br>Мери Димитровска | | |
| Христина Вељановска-Пољавиќ<br>Катерина Туфа<br>Сенка Апостолоска<br>Александра Дамеска<br>Билјана Петревска<br>Билјана Палчевска<br>Моника Златановска | Македонски јазик и литература<br>Англиски јазик<br>Француски јазик<br>Математика<br>Основи на сметководство<br>Статистика<br>Информатика | Ученици од II-1 до II-14 |

| | | |
|---|---|---|
| Татјана Здравиќ | Историја | |
| Лидија Ќосева | Претприемништво и бизнис | |
| Весна Рафајловска | Право и државно уредување | |
| Андријана Серафимоска | Внатрешна трговија | |
| Соња Крајческа | Содржини програмирани од училиштето | |
| Сузана Станковска | Административно-канцелариски работи | |
| Фани Мечкарова Стевковска | Административно право | |
| Славица Ковсчевска Велкова | Стварно право | |
| Анета Митовска | | |
| Весна Трајковска | | |
| Гордана Митева Петкоска | | |
| Елена Бибовска | | |
| Бобан Јовановски | | |
| Елена Трајковска | | |
| Радојка Хелман Денковска | | |
| Анета Тодоровска | | |
| Виолета Донева | | |
| Маца Николовска | | |
| Мери Димитровска | | |
| Лилјана Поповска | | |
| Зорка Јованова | | |
| Ѓорѓе Милошевиќ | | |
| Мирјана Тошевска | | |
| Оливера Николовска Дуевска | | |

| | | |
|---|---|---|
| Светлана Велјаноска<br>Маргарита Поповска<br>Данче Раевска<br>Радмила Куцуловска | | |
| Билјана Петровска<br>Теодора Паскалова Вучкова<br>Соња Крајческа<br>Ирена Гочевска<br>Татјана Паскоска<br>Анета Стефановска<br>Горан Симоновски<br>Сузана Станковска<br>Маја Бошковска<br>Радојка Хелман Денковска<br>Емануела Есмерова<br>Гордана Митева<br>Александар Мијоски<br>Лилјана Стојкоска<br>Ангела Китаноска<br>Фани Мечкарова Стевковска<br>Елена Трајковска<br>Стефани Мишева<br>Викторија Сотироска<br>Николина Андова Шопова | Македонски јазик и литература<br>Англиски јазик<br>Математика за економисти<br>Социологија<br>Еконимија<br>Трговска право<br>Финансиско работење<br>Финансиско сметководство<br>Маркетинг<br>Учење преку работа кај работодавач<br>Однесување на потрошувачите<br>Лични финансии<br>Надворешна трговија<br>Управно процесно право<br>Облигации<br>Кривично право<br>Административно канцелариски работи<br>Статистика<br>Меѓународни организации<br>Спорт и спортски активности | Ученици од III-1 до III-14 |

| | | |
|---|---|---|
| Драгана Ѓореска<br>Лила Дамеска<br>Коста Гочев<br>Жанета Петровска<br>Ана Аџиевска<br>Снежана Бриндевска<br>Сашо Георгиев<br>Данче Раевска<br>Елена Црвенова Трајковска<br>Александар Давидовски<br>Валентина Јакимовска<br>Ѓорѓе Милошевиќ<br>Лилјана Поповска<br>Билјана Ниновска<br>Боби Кузмановски<br>Светлана Велјаноска | Адвокатско работење и медијација | |
| Мирјана Ташковска<br>Кристина Димкова<br>Стефани Мишева<br>Драган Стефановски<br>Лилјана Стојковска<br>Горан Симоновски | Македонски јазик и литература<br>Англиски јазик<br>Математика за економисти<br>Психологија<br>Логика<br>Економија | Ученици од IV- 1 до IV-14 |

| | | |
|---|---|---|
| Билјана Палчевска<br>Маја Бошковска<br>Сузана Станковска<br>Анета Митовска<br>Анета Павловиќ Дуева<br>Жанета Петровска<br>Данка Поповска<br>Радојка Хелман Денковска<br>Елена Трајковска<br>Александра Дамеска<br>Виолета Несторовска<br>Билјана Ниновска<br>Дафинка Богданова Петровска<br>Лила Дамеска<br>Сашо Георгиев | Банкарско работење<br>Финансиско сметководство<br>Менаџмент и бизнис планирање<br>Учење преку работа кај работодавач<br>Интегрирани маркетинг комуникации<br>Осигурување<br>Спорт и спортски активности<br>Сметководство на менаџмент<br>Кореспонденција<br>Кривична постапка<br>Право на Европска Унија<br>Граѓанско процесно право<br>Нотарско и извршителско работење | |

| | | |
|---|---|---|
| Коста Гочев<br><br>Весна Трајковска<br><br>Боби Кузмановски<br><br>Марина Димовска<br><br>Виолета јанчевска<br><br>Мирјана Тошевска<br><br>Николина Киркова<br><br>Маргарита Поповска<br><br>Јасна Трајаноска<br><br>Ацо Ѓоргиевски<br><br>Политима Илиеска<br><br>Даниела Тофилоска Поповска<br><br>Снежана Бриндевска | | |

**Табела – реализирана дополнителна настава -  2023/2024 година**

| Наставник<br><br>Планира/Реализира додатна настава | Предмет | Година | Присутни ученици ДА/НЕ |
|---|---|---|---|
| Марина Димовска<br>Теодора Паскалова Вучкова<br>Маца Николовска<br>Александра Дамеска<br>Кристина Георгиева Тасевска<br>Валентина Јакимовска<br>Лидија Ќосева<br>Елена Црвенова Трајковска<br>Весна Рафајловска<br>Кристијан Стојановски<br>Радојка Хелман Денковска<br>Анета Тодоровска<br>Радмила Куцуловска<br>Елена Бибовска<br>Катерина Туфа | Македонски јазик и литература<br>Англиски јазик<br>Француски јазик<br>Математика<br>Историја<br>Граѓанско образование<br>Претпримништво и бизнис<br>Деловна комуникација<br>Право и државно уредување<br>Музичка култура<br>Германски јазик<br>Спорт и спортски активности | Ученици од I-1,I-2,I-3, I-4, I-5, I-6, I-7, I-8, I-9, I-10, I-11, I-12, I-13, I-14 | Да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Соња Крајческа<br>Весна Рафајловска<br>Николина Андова Шопова<br>Дијана Стојановска<br>Даниел Ниниќ<br>Мери Димитровска<br>Татјана Паскоска<br>Гордана Митева Петкоска<br>Викторија Сотироска<br>Даниела Тофилоска Поповска<br>Андријана Серафимоска<br>Фросина Митковска | | | |
| Стефани Мишева<br>Татјана Здравиќ<br>Моника Златановска<br>Лидија Ќосева<br>Радмила Куцуловска<br>Емилија Ампова<br>Сузана Станковска<br>Анета Тодоровска<br>Весна Рафајловска<br>Фросина Митковска<br>Весна Трајковска<br>Билјана Палчевска<br>Моника Колевска Алексовска | Математика<br>Историја<br>Информатика<br>Претприемништво и бизнис<br>Право и државно уредување<br>Македонски јазик<br>Стварно право<br>Административно- канцелариски работи<br>Статистика<br>Внатрешна трговија<br>Основи на сметководство<br>Француски јазик | Ученици од II-1,II-2,II-3, II-4, II-5, II-6, II-7, II-8, II-9, II-10, II-11, II-12, II-13, II-14 | Да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Елена Трајковска<br>Сенка Апостолоска<br>Ана Бранковска<br>Катерина Арсов<br>Светлана Велјаноска<br>Мирјана Тошевска<br>Ивана Јовановска<br>Зорка Јованова<br>Маргарита Поповска<br>Данче Раевска<br>Софка Христовска | | | |
| Христина Вељановска Поњавиќ<br>Александра Дамеска<br>Ирена Гочевска<br>Елена Црвенова Трајковска<br>Билјана Палчевска<br>Билјана Панговска<br>Александар Мијоски<br>Емануела Есмерова<br>Лилјана Стојковска<br>Биљана Јовановска<br>Стефани Мишева<br>Валентина Јакимовска<br>Билјана Ниновска<br>Весна Трајковска | Македонски јазик и литература<br>Англиски јазик<br>Математика за економисти<br>Социологија<br>Економија<br>Трговско право<br>Финансиско работење<br>Финансиско сметководство<br>Спорт и спортски активности<br>Учење преку работа кај работодавач<br>Надворешна трговија<br>Маркетинг<br>Административно - канцелариски работи<br>Управно процесно право<br>Облигации | Ученици од III-1,III-2,III-3, III-4, III-5, III-6, III-7, III-8, III-9, III-10, III-11, III-12, III-13, III-14 | Да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Горан Симоновски | Архивско работење | | |
| Виолета Донева | Кривично право | | |
| Татјана Паскоска | Прекршоци во постапка пред прекршочни органи | | |
| Драгана Ѓореска | Статистика | | |
| Анета Стефановска | | | |
| Ана Аџиевска | | | |
| Снежана Бриндевска | | | |
| Билјана Петревска | | | |
| Викторија Сотироска | | | |
| Данче Раевска | | | |
| Даниела Тофилоска Поповска | | | |
| Ангела Китаноска | | | |
| Ивана Јовановска | | | |
| Зорица Петреска | | | |
| Лила Дамеска | | | |
| Анета Риммер | | | |
| Николина Киркова | | | |
| Билјана Петровска | Македонски јазик и литература | | |
| Теодора Паскалова Вучкова | Англиски јазик | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Мила Славковиќ<br>Лила Дамеска<br>Билјана Ниновска<br>Анета Павловиќ Дуева<br>Сузана Станковска<br>Лилјана Стојковска<br>Фани Мечкарова Стевковска<br>Стефани Мишева<br>Горан Симоновски<br>Елена Трајковска<br>Мирјана Ташковска<br>Драгана Ѓореска<br>Виолета Јанчевска<br>Маргарита Поповска<br>Снежана Бриндевска<br>Мирјана Тошевска<br>Даниел Ниниќ | Психологија<br>Еконимија<br>Банкарско работење<br>Менаџмент и бизнис планирање<br>Работење со финансиски инструменти на пазарот на капитал<br>Финансиско сметководство<br><br>Математика за економисти<br>Интегрирани маркетинг комуникации<br>Кореспонденција<br>Граѓанско процесно право<br>Кривична постапка<br>Прекршоци во судска постапка<br>Спорт и спортски активности | | |

Според расположивата документација и електронските дневниците за работа, 80 проценти од предметните професори индивидуално водат евиденција за реазлизација на дополнителната настава. Врз основа на спроведеното испитување се утврдува дека училиштето треба да го доработува и развива својот систем за идентификација на учениците со потешкотии во учењето и со посебни образовни потреби, во однос на поддршката во редовната настава за учениците кои имаат потешкотии во учењето се покажува согласност дека предметните наставници планираат и реализираат дополнителна настава. Исто така, треба да се работи и на подобрување на редовноста на учениците кои се повикани на дополнителна настава, бидејќи според докментацијата и оние ученици кои се идентификувани како ученици со потешкотииво учењето не секогаш се редовни на дополнителната настава.

### 3. Додатна настава

| Планира<br>Датум | Повикани ученици | Реализира<br>Датум | Присутни ученици | Доставена програма за работа |
|---|---|---|---|---|
| Датумот за планирање на додатната настава е даден во планот и програмата за додатна настава по секој наставен предмет. | Податоците за повикани ученици се наведени во дневниците за работа и во индивидуалната евиденција на предметните наставници | 40% од наставниците реализираат додатна настава и 60% од наставниците остваруваат консултативни средби со учениците од четврта година , укажувајќи им насоки во врска со изработка на проектната задача<br><br>Исто, датумот на реализација е видно истакнат во просториите на училиштето со кои се запознаени учениците и родителите. | Поголем дел од повиканите ученици присуствуваат на додатната настава.<br><br>Опрафетни се сите паралелки од прва до четврта година | Во педагошко-психолошката служба се доставува годишен план и програма за реализација на додатна настава од страна на секој |

**Табела - Наставници кои планираат и реализираат консултативна настава (средба) со учениците од четврта година, насочувајќи ги во изработката на проектни задачи за 2022/2023 година**

| Планира/Реализира консултативна средба | Повикани ученици |
|---|---|
| Кристина Димкова, Драган Стефановски, Лилјана Стојковска, Горан Симоновски, Билјана Палчевска, Маја Бошковска, Сузана Станковска, Анета Митовска, Анета Павловиќ Дуева, Андријана Серфимовска, Оливера Николовска Дуевска, Анета Риммер, Билјана Палчевска, Александра Дамеска, , Данка Поповска, Мирјана Ташковска, Боби Кузмановски, Марина Димовска, Виолета Јанчевска, Маргарита Поповска, Мирјана Тошевска, Ацо Ѓоргиевски, Политима Илиеска, Јасна Трајаноска, Ангела Китаноска, Снежана Бриндевска, Зорка Јованова. | Ученици од четврта година |

**Табела - Наставници кои планираат и реализираат консултативна настава (средба) со учениците од четврта година, насочувајќи ги во изработката на проектни задачи за 2023/2024 година**

| Планира/Реализира консултативна средба | Повикани ученици |
|---|---|
| Билјана Петровска, Теодора Паскалова Вучкова, Лила Дамеска, Билјана Ниновска, Борче Јошевски, Боби Кузмановски, Биљана Јовановска, Гордана Митева Петкоска, Гордана Митева Петкоска, Фани Мечкарова Стевковска, Елена Трајковска, Сузана Станковска, Анета Риммер, Билјана Петровска, Виолета Јанчевска, Мирјана Тошевска, Даниела Тофилоска Поповска | Ученици од четврта година |

Додатна и консултативна настава најчесто се реализира за ученици кои покажуваат интерес за теми кои не се опфатени во годишните планови и програми, за подготовка на учениците за државна матура, подготовка за натпревари, консултации за изработка на проектни задачи,учество во проекти и сл

И во однос на стратегијата за идентификација на надарените ученици и организирањето на додатната настава потребно е вложување на дополнителни напори за поквалитетна изведба. Успешноста на реализација на додатната настава се согледува од учеството и постигнатите резултати на многубројни натпревари, проекти. Во прилог следи извештај со постигнати резултати на ученците.

**Извештај – Постигнати резултати од одржување на додатна настава за 2022/2023 година**

## НАТПРЕВАРИ И ОЛИМПИЈАДИ

- Учество на ученици во ИМАМ СТАВ!, натпревар на средни училишта во соработка со Парламентарниот Институт на Собрание на Република Македонија каде освоија прво место и обезбедија по трет пат учество во финале.
- Учество на Шестата меѓународна економска олимпијада, одржана во период од 25.07. до 02.08.2023 година во Волос, Република Грција. Училиштето со одлука на Училишниот одбор целосно го финансираше учеството на нашите ученици матуранти Рина Толева и Давид Арсовски кои освоија бронзен медал во меѓународна конкуренција и донесоа радост за училиштето, за Град Скопје и за Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.
- Државен натпревар по географија во категорија Средни стручни училишта, одржан на 13.05.2023 година, учениците под менторство на професорката Елизабета Брсакоска Георгиевска освоија:

  I место - Ангела Трпеска

  II место - Мила Ѓорѓиевска

  III место - Надица Митева
- На регионалниот натпревар по географија одржан на 24.03.2023 година, под менторство на професорката Елизабета Брсакоска Георгиевска, учениците ги постигнаа следните резултати:

  I место - Ангела Трпеска

  II место - Надица Митева

  II место - Мила Ѓорѓиевска
- На 21.03.2023 година се одржа ораторска вечер на Клубот на Оратори "Гарда на мудроста" при СЕПУГС "Васил Антевски Дрен" каде учениците ги постигнаа следните резултати:

I место: Јована Петровска

II место: Тања Русмир

III место: Јована Стојковска

- Учество на литературен конкурс објавен од Агенција за млади и спорт, каде ученичката Мила Ѓорѓиевска под менторстви на професорката Елена Црвенова освои прво место, во категорија од 15-20 години. Наградите им беа врачени од директорот на Агенција за млади и спорт, Наумче Мојсовски.
- Ученичката Мила Ѓорѓиевска, под менторство на професорката Елена Црвенова освои Прва награда на литературен конкурс на тема ,,Македонскиот денар како национална валута - еден од симболите на независноста“, организиран по повод Светскиот ден на штедењето 30 Октомври.

- На 14 и 15 ноември во Скопје се одржа Училишен натпревар на претприемачки вештини - Камп на иновации во организација на Junior Achievement Macedonia Џуниор Ачивмент, каде учествуваа и ученици од нашето училиште. Целта на иновативнот камп беше поттикнување на претприемачкиот дух кај младите, тимска работа и соработка со бизнис заедницата. Учениците имаа задача да креираат иновативен бизнис план и презентираат креативна бизнис идеа. Во победничкиот тим беа тројца ученици од нашето училиште.
- Национален натпревар "Европски квиз на пари" во организација на Македонска банкарска асоцијација, Народна банка и Комисија за хартии од вредност – осввено прво место
- Учество на натпреварот по математика, каде 4 ученици на општинско ниво освоија пофалници, а ученичката Ева Христова на регионалниот натпревар освои 3 место на регионалниот натпревар, со што се пласираше на регионалниот натпревар по математика
- Учество на 10-от меѓународен јазичен натпревар Willkommen, во категоријата германски јазик (Willkommen 6 German), каде учество земаа ученичките Тамара Бошковска и Илина Јовановска од клас IV-1, коишто беа под менторство на професорката по германски јазик Елена Бибовска. Ученичката Илина се пласираше до вториот прелиминарен круг,

додека Тамара продолжи понатака во финалниот трет круг, по што и освои 3-то место, бронзен медал, диплома и парична награда.

- Учество на МАССУМ 2023

**Прво место во категоријата Најдобар маркетинг план:** професорите Билјана Ниновска и Лилјана Стојковска со учениците: Ангела Бошковска, Вања Чижбаноски, Матеј Стефановски и Рина Толева
**Трето место во категоријата Најдобар штанд:** професор Драгана Ѓореска со учениците: Андреј Митевски, Никола Дулевски, Деа Денковска и Јелена Спириќ

**Прво место во категоријата Интервју за работа**: професор Билјана Палчевска со ученичката Војана Петрова

**Прво место во категоријата Јавно говорење:** професор Анета Стефановска со ученичката Јована Петровска

- Учество на регионален натпревар по англиски јазик одржан на 08.04.2023 година каде беа постигнати следните резултати под менторството на професорките м-р Катерина Туфа, Ирена Стрејкиќ, Ана Бранковска, м-р Теодора Паскалова Вучкова и м-р Драгана Ѓореска:

I место- Ивана Митевска и Ева Блажевска

II место - Маријана Буразер

III место - Христијан Јакимов и Теона Вртеска

- Учество на општинскиот натпревар по англиски јазик одржан на 18.03.2023 година под менторство на професорките м-р Катерина Туфа, Ирена Стрејкиќ, Ана Бранковска, м- р Теодора Паскалова Вучкова и м-р Драгана Ѓореска, каде учениците ги постигнаа следните резултати:

II место - Ивана Митевска, Марјана Буразер и Ева Блажевска

III место - Христијан Јакимов, Леонтина Костовска и Теона Вртеска

- Учество на натпреваротот "Градски смотри" под менторство на професорот по музичка култура Кристијан Стојановски каде ги постигнаа следните резултати:

Училишниот Етно бенд составен од: Јована Стојковска, Јован Василевски и Иван Јанковски освоија прво место со што се единствениот училишен бенд од Скопје кој ќе настапи на Државен натпревар

Рок бендот составен од: Горјан Стефковски, Нестор Баштовански, Милица Арсиќ и Борјан Кочоски освоија второ место

Вокалниот солист Милица Арсиќ освои второ место.

- Традиционално и оваа година во организација на училишниот ораторски клуб ,,Гарда на мудроста'' при СЕПУГС Васил Антевски Дрен, а под раководство и менторство на професорката Анета Стефановска, на 21 март 2023 год. се одржа XXI-та ораторска вечер.На истата и претходеше обука за јавно говорење и реторички вештини која ја поминаа сите учесници, а беше во соработка со Клубот на оратори ,,Forum Oratores''од Правниот Факултет во Скопје.

Сите учесници добија пофалници за учество, а како најдобри од стручното жири беа издвоени:

I место –Јована Петровска.

II место –Тања Русмир

III место –Јована Стојковска

### ***НАДВОРЕШНИ ПРЕДАВЊА ОД СТРУЧНИ ЛИЦА***

- На 27 мај, се одржа традиционално предавање со фокус: изработка на успешно CV и мотивационо писмо, каде како домаќин на настанот беше нашето училиште"Васил Антевски Дрен''. Предавач на настанот беше Соња Плоча од Декра, друштво за помагање и посредништво при вработување. Преку интерактивна сесија, практични примери и

корисни совети, на предавањето учениците стекнаа знаења и вештини кои ќе им помогнат да се истакнат и добијат предност при вработувањето.

- Во март на часот по Меѓународни организации се одржа предавање од страна на професорот д-р. Душко Стојановски од Американ Колеџ, кој предава криминологија и криминалистика и е поранешен инспектор по крвни деликти. Предавањето гласеше ,,Геополитика, улогата на меѓународните организации при превенција и менаџирање на конфликти.
- Ученици од нашето училиште учествуваа на предавање во склоп на мултимедијалната изложба „Стаклена соба - Погрешни информации и манипулации на интернет“ во Europe House Skopje. Предавањето за погрешни информации беше одржано од страна на Македонски институт за медиуми - МИМ / Macedonian Institute for Media – MIM. Младите кои присуствуваа на предавањето имаа можност да ја погледнат и изложбата која претставува атрактивна и едукативна инсталација составена од серија постери, интерактивни апликации и анимации што им овозможуваат да се дознае повеќе за погрешните информации.
- На ден 20.12.2022 година во нашето училиште се одржаа работилници со цел јакнење на свеста кај младите во организација на Универзитетската клиника за пластична и реконструктивна хирургија, Скопје и Европската медицинска студентска асоцијација . Предавачи и модератори на работилницата беа асистент Д-р Андријана Ѓорѓеска и Д-р Дарко Алексоски.
- По повод одбележување светскиот Ден на штедење, во Центарот за обука на Шпаркасе Банка се одржа Едукативен настан наменет за студенти и средношколци. Учениците од нашето училиште во придружба на наставникот Сузана Станковска имаа можност да го запознаат новиот Центар за обука на Шпаркасе Банка, опремен со современа технологија и услови за спроведување на сите видови на обуки: обука за новоработени и практиканти во симулирана експозитура, симулации на состаноци за преговарачки и продажни вештини.
- Од 30.09 до 02.10.2022 г. се одржа тридневен меѓународен семинар наменет за наставници од средно и основно училиште во Меморијалниот центар на холокаустот, во организација на Центропа. Преку обработка на филмови, работилници и предавања, наставниците совладаа нови вештини и техники и воспримиа нови информации за

обработка на темата „Холокауст. На семинарот учествуваа наставниците Татјана Здравиќ, Драгана Ѓореска, Бобан Јовановски, Ирена Стрејкиќ и Радојка Хелман Денковска, која воедно беше и еден од предавачите на семинарот.

- Maker Faire Битола 2022, саем на иноватори- онлајн презентација за предмети дизајнирани во 3D, експерименти и проекти.

Едукативни предавање во соработка со МВР – Сектор за превенција на тема Безбедност во сообраќајот

## МЕЃУНАРОДНИ И ДРУГИ ПРОЕКТИ

- Во периодот од 6ти до 12ти јули се реализираше проектот на тема ,, "Подобро ментално здравје на учениците преку иновативни методи, техники и компетенции на наставниците". Проектот се реализираше во Cekdev Academy, Анталија, а учествуваа 12 наставници кои се стекнаа со вештини, методи и иновативни техники за подобро менталното здравје како на учениците, така и на наставниците.
- Во месец мај 2022 год. се одржа обуката од Еразмус проектот ,,Алатки за дигиталната училница" (Tools for the digital classroom) во Анталија, Турција. На обуката во едукативниот центар Cekdev International Education and Development Academy учествуваа 9 наставници кои се стекнаа со нови дигитални вештини и знаења за користење на Web 2.0 алатките.
- Во јуни 2023 година училиштето учествуваше во eTwinning проектот насловен "Dear Earth", посветен на грижата за планетата Земја, каде учениците од втора и трета година, заедно со координаторот на проектот, професор Кристијан Стојановски, изработија свои презентации кои се прикачени на етвининг порталот.
- Во периодот од 22.05.2023 до 26.05.2023 се одржа шестата и воедно последна мобилност од интернационалниот Еразмус проект "From STEM to STEAM" во Осика де Сус, Романија. Во проектот учествуваа училишта од Македонија, Романија, Полска и Турција. Претставници од нашето училиште беа учениците: Јована Стојковска, Иван Јанковски, Дарко Анчевски и Милица Арсиќ, заедно со професорките Елена Бибовска и Билјана Петровска.

- Во период од 22-28 мај, учениците  Јана Пешевска, Едис Сулејман, Горјан Георгиевски, Јана Симоска и Мила Ѓоргиевска учествуваа на мобилноста од Еразмус проектот"Art is in science- science is in art with STEM" во Рига, Латвија кој има за цел изучување на научните предмети низ призма на уметноста, вклучување на дигитални алатки во секојдневната настава, споредување на образовните системи меѓу повеќе Европски држави, како и изразување на учениците преку уметноста, цртање, музика, игра, истражување. На 08.06.2023 година беше одржана дисеминацијата.
- Во периодот од 06.05.2023 до 12.05.2023 се одржа четвртата мобилност од Еразмус проектот "Green STEM Green DEAL" во Литванија на тема "Design by nature - Biomimicry." Во проектот учествуваа училишта од Македонија, Сицилија, Романија, Литванија и Турција. Претставници од нашето училиште беа Кристина Митовска, Марија Петровска, Марија Стојановска и Мила Гавровска. Посетија лабораторија каде научија начини за проверување на загаденоста на водите. се запознаа со градоначалникот на градот, кој ги запозна со околината и начинот на којшто тие се грижат за својата средина, кој воедно е  најчист и најнезагаден град во Литванија.
- Од 19.03.2023 до 25.03.2023 се одржа третата мобилност од интернационалниот Еразмус проект "Green STEM Green DEAL" во Партана, Сицилија на тема "Обновливи извори на енергија." Во проектот учествуваа училишта од Македонија, Сицилија, Романија, Литванија и Турција. Претставници од нашето училиште беа професорките Ана Бранковска и Билјана Петревска и учениците Марко Пауновски, Елена Алуловска, Урош Марковски, Ангела Богатинова и Христа Белеровска. Учениците се стекнаа со нови искуства и знаења  за заштита на животната средина.
- Во периодот од 03 Април до 07 Април, во СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен“, се одржа 5тата мобилност од проектот “FROM STEM TO STEAM", на тема „Explore to Mars: Establishing life condition somewhere“. Во нашето училиште гости беа наставници и ученици од Турција, Романија и Полска. На наведената тема беа извршени презентации, работилници и истражувања од страна на ученици и наставници од нашето училиште, како и на учениците и наставниците од партнер училиштата од проектот.
- Во рамките на проектот, "Интеграција на имигранти во општеството преку иновативни пристапи во образованието", се одржа последната мобилност во Перуџа, Италија во периодот од 06.03-10.03.2023 на тема "Заеднички пристап заснован на уметност (симптоми на посттраума)". Учесници на последната мобилност од нашето училиште беа

наставниците Кристијан Стојановски, Светлана Велјаноска, Јасна Трајаноска, кои имаа можност да се запознаат со позитивното влијание на уметностите во образованието на децата кои се соочуваат со потешкотиите кои произлегуваат од менувањето на животната околина.

- Во периодот од 11.02.2023 до 25.02.2023 беше организирана обука во тренинг центатот Vitalis Gut Wehlitz во Schkeuditz, Saxony, Германија, која е дел од Еразмус проектот ,,Paperless Office in Administration & Digital Business'' . 8 ученици предводени од заменик директорката Билјана Панговска и професорката Анета Ример беа дел од двонеделната обука преку која се стекнаа со нови дигитални вештини, (креирање виртуелен бизнис, креирање датабаза и баркодови, скенирање на истите и автоматско праќање на мејлови..). Учениците имаа можност да го запознаат и германскиот едукативен систем, начин на функционирање на пазатот на трудот.
- Во периодот од 22.01 до 28.01.2023 во училиштето „Antalya Vizyoner Koleji“, во Анталија, Турција, беше реализирана втората мобилност од проектот ,,GREEN STEM GREEN DEAL''на тема ,,Заштита од загадување на водите”. Во проектот учествуваа училишта од Македонија, Романија, Турција, Италија и Литванија. Претставници од нашето училиште беа професорките Елена Трајковска и Николина Киркова, и учениците Љупчо Тодевски, Матеј Петревски, Борјан Кочоски, Дамјан Брковски и Дамјан Величков.
- Во период од 06.11 до 12.11.2022 година во училиштето ,,Scoala Profesionala Daneti'' од Крајова, Романија, се одржа мобилноста на тема ,,Решенија за уништување на шумите'' во рамки на Еразмус проектот ,,Green stem green deal''Во проектот учествуваа училишта од Македонија, Романија, Турција, Италија и Литванија. Претставници од нашето училиште беа професорките Моника Златановска и Елена Бибовска, и учениците Ангела Бошковска, Марко Ристиќ, Викторија Панчевска, Теа Николова, Христијан Јакимов и Сашка Бојковска.
- Во период од 28.11 до 03.12.2022 година во рамките на Еразмус проект „From Stem to STEAM“ во училиштето „ Kastamonu Bilim ve Sanat Merkezi“ од Кастамону, Р. Турција, се одржа мобилност на тема „Активности за традиционална уметност, културно наследство и загрозени видови“. Во проектот учествуваат и училишта од Македонија, Полска, Романија и Турција. Нашето училиште беше претставувано од наставниците Кристијан Стојановски и Боби Кузмановски, како и учениците: Матеа Учета, Беким Исовски, Срна Тасевска и Андреј Ѓеорѓиевски.

Учениците и наставниците преку презентации и активности ја прикажаа сопствената култура, но и се запознаа со културите на земјите учесници во самиот проект.

- Во рамките на Еразмус проектот Art is in Science Science is in Art with STEM, се одржаа активности поврзани со "Ветерот како алтернативен извор на енергија" , при што беа изработени презентации од страна на учениците, беа организирани работилници од страна на наставниците по информатика, беше организирана посета на хидроцентралата Матка и Факултетот за природно математички науки. Беа организирани и работилници од страна на Археолошкиот Музеј на Македонија и беше посетен Охрид.
- Училиштето беше домаќин на партнерите од Еразмус проектот ,,Култура, креативност, инклузија'', каде за време на тридневната мобилност беа разменети искуства во однос на образовните системи, беа претставени различните култури и традиции и беа организирани креативни работилници од учениците и наставниот кадар.
- Во периодот од 19ти до 23ти септември во Мерсин Турција ,се одржа 3тата по ред мобилност во рамките на проектот ,,From Stem to STEAM” поддржан од Еразмус + програмата и Национална агенција за европски образовни програми и мобилност.Низ посеттата нашиот тим се стекна со нови вештини и знаења на темата „Вежби со едноставни STEAM активности“. Претставници на нашиот тим беа наставниците: Кристијан Стојановски и Ѓорѓе Милошевиќ, и учениците: Леонид Десковски (II-9), Марко Мицковски (III-3), Михаела Атанасовска (III-10) и Тања Русмир (III-2).
- Во рамките на проектот "Интеграција на мигранти во општеството преку иновативни пристапи во образованието", нашите ученици од 4-та година-правен смер, во периодот од 3-7 октомври 2022 год, учествуваа на едукативната програма "Хуманитарен аспект на мешани мигрциски текови под мотото - Together on the road, кој се одржа во едукативниот центар на Црвен крст на град Скопје-х. Солферино-Струга, под менторство на проф. Светлана Велјаноска. Организатор на настанот беше Црвениот крст на град Скопје, со поддршка на Меѓународниот Црвен крст и Црвената полумесечина - Швајцарскиот Црвен крст како и Швајцарската Агенција за развој. На настанот земаа учество и Министерот за внатрешни работи - г-дин Оливер Спасовски, секретарот на Црвениот крст на РСМ, секретарот на Црвениот крст на град Скопје г-ѓа Сузана Т. Пауновска и уште многу други експерти. Учесниците имаа можност да ги

увидат ефектите од мигрантските кризи и хуманитарната итност, да го поттикнат интересот за хуманитарните потреби на бегалците, мигрантите, барателите на азил и лицата под меѓународна заштита.

## ОБУКИ И РАБОТИЛНИЦИ

- Во периодот од 11-12 јуни 2023 година, во Призрен, беше одржана регионална работилница „Обезбедување квалитет за организација на учење преку работа'' во рамките на проектот „Обезбедување квалитет за работа на координаторите во врска со компаниите''. Беа разменети добри практики меѓу директорите на училиштата, координаторите за учење преку работа и претставниците на бизнис секторот на земјите учеснички: Албанија, Косово и Македонија, со што акцентот бил ставен на што не функционирање во процесот на учење преку работа кај работодавач. На работилницата присуствувале директорот и еден наставник.
- На 27.04.2023 во просториите на Економскиот факултет - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се одржа третата работилница посветена на стекнување на вештини и нови знаења за кариерен развој кај младите лица. На оваа работилница присуствуваа 15 ученици. Во рамките на оваа работилница учениците спроведоа симулација на интервју за пријава на конкурс за работа и интервју за аплицирање за стипендија. По завршувањето на работилницата, учениците се запознаа со капацитетите на факултетот и можностите за студирање.
- На 18.04.2023 во просториите на СУГС Гимназијата "Орце Николов" се одржа втората од вкупно три планирани работилници посветени на стекнување на вештини и нови знаења за кариерен развој кај младите лица. На оваа работилница присуствуваа 15 ученици . Во рамките на оваа работилница учениците правеа тестови за утврдување на нивните интереси, подготвуваа прашалници за пишување мотивациско писмо. Развојот на овие вештини и способности ќе им помогнат на учениците да дојдат до посакуваната работна позиција и да започнат со градење на својот кариерен пат.

- На ден 07.04.2023 год. на Правниот факултет во организација на Центар за клиничка едукација по трудово и социјално право се одржа едукативна работилница посветена на младите во трудот со тема:,,Како да ја избереме вистинската професија- работа која нè исполнува?" на која учествуваа учениците, заедно со професорката Мирјана Тошевска.
- Проф. Д-р Лазар Јовевски заедно со м-р Дарко Петровски, претседател на Македонската асоцијација за човечки ресурси и проф. д-р Александар Ристовски, вонреден професор по трудово право, со поддршка на студенти од организацијата Kennedy Lugar Youth Exchange and Study ја одржаа обуката и дадоа одговори на неколку клучни прашања:Како да ја избереме вистинската професија? И Како да изградиме успешна кариера во професијата?
- На денот на здравјето, 07.04.2023 година, во нашето училиште се одржа предавање на тема “Сексуално преносливи болести” во организација на MMSA (Macedonian Medical Students Association).
- На 04.04.2023 во просториите на нашето училиште СЕПУГС "Васил Антевски Дрен" се одржа првата од вкупно три планирани работилници посветени на стекнување на вештини и нови знаења за кариерен развој кај младите лица. На оваа работилница присуствуваа 15 ученици. Фокусот на оваа работилница беше ставен на развивање и подобрување на неопходните вештини потребни при процесот на аплицирање за работа, кои ќе им помогнат на учениците да дојдат до посакуваната работна позиција и да започнат со градење на својот кариерен пат.
- Парламентарниот институт na 07.03.2023 одржа едукативен семинар на тема „Демократијата и Собранието”, на кој учествуваа и учениците од нашето училиште. На семинарот беа опфатени различни теми како што се активното граѓанство, демократијата, парламентарната демократија и нејзиниот историски развој во Македонија. Учениците имаа и организирана обиколка на законодавниот дом.
- На ден 23.02.2023 година учениците имаа можност да учествуваат на обука и еднодневна работилница организирана од Технолошко-металурски факултет Скопје на тема: Што ако? И како? за развивање на основни бизнис вештини-Inno Fab Lab.На истата се поттикнаа да размислуваат како претприемачи и да почувствуваат кои основни познавања им требаат за да бидат претприемач.

- На ден 08.02.2023 година беа организирани повеќе работилници со учениците од I-1 и I-2 од образовниот профил е-трговија и дигитален маркетинг, со цел поврзување на теоријата и практиката: Креирање на online продавница, Одредување на таргет публика, Избор на продукти/услуги, Креирање име на бренд....
- По повод меѓународниот ден за сеќавање на Холокаустот, беше оддржана виртуелна работилница на учениците од паралелките I-1 и I-2 со ученици од САД, Романија и Украина. На работилницата беа потенцирани основните цивилизациски вредности во насока на потикнување и почитување на мултикултурализмот. Работилницата беше организирана од страна на наставниците Радојка Хелман Денковска и Теодора Паскалова Вучкова.
- Во месец декември учениците учествуваа на едукација во функција на јакнење на свеста кај младите - " ПЕТАРДИТЕ ги уништуваат празниците - не дозволувајте употребата на пиротехничките средства да Ви ги скрати празниците’’.
- Во месец декември Градот Скопје организираше трибина : "Менталното здравје и добросостојба на учениците во средно образование" на која ,присуствуваа педагози, психолози,истражувачи, средношколци,врснички едукатори ,а нашето училиште со претставник од стручната служба и три ученички зема активно учество
- Ученици од нашето училиште учествуваа на Конференција на тема: "Игрификација- можност или пречка во образованието". На конференцијата нашите ученици земаа учество во Панел- дискусија, Едукативни работилници, Саем на едукативни игри и Турнир во играње на онлајн игра. Целта на конференцијата е поттикнување на размислување во насока дали индустријата на игри претставува пречка или може да се користи како можност за раст и развој на младите.

  Група ученици од заедно со своите ментори во периодот од август- октомври учествуваа во проектот и завршната конференција на проектот “Дигитални вештини за граѓанско вклучување“, кој го реализираа МААА заедно со Блинк 42-21, а со поддршка од Амбасадата на САД.

**Извештај – Постигнати резултати од одржување на додатна настава за 2023/2024 година**

## НАТПРЕВАРИ И ОЛИМПИЈАДИ

- По повод 1 ноември Национален ден на осигурувањто во организација на Агенција за супервизија на осигурување- Agjencia e Mbikëqyrjes së Sigurimeve беше спроведен конкурс за цртежи, песни и есеи на теми од областа на осигурувањето. Во конкуренција на 200 трудови нашите учениците Филип Петрески и Мартин Најдовски беа оценети како најкреативни и добија награди и пофалници. Соработката со АСО и заложбата за подобрување на финансиската писменост кај младите се реализира под менторство на проф.Билјана Ниновска.

- Трето место за Ангела Трпеска од II-1 клас под менторство на професорката Ирена Николовска на регионалниот натпревар по предметот Македонски јазик и литература во организација на Сојуз на ДМЈЛ (Сојузот на друштвата за македонски јазик и литера); На објавениот конкурс од Народна банка и Министерство за финансии по повод Светскиот ден на штедењето - 31 Октомври, нашата ученичка Сара Јованова од II-11 паралелка освои прво место во категоријата за средно образование.Честитки до Сара за нејзиното учество и освоената награда за литературната творба- есеј на тема ,,Штедењето-чекор кон финансиска независност", под менторство на проф. по македонски јазик и литература, Фросина Митковска.

- По повод Денот на лицата со попреченост- 3 Декември, оддржан е шаховски натпревар на кој учествуваа ученици од нашето училиште СЕПУГС Васил Антевски Дрен и ДУРДМОВ Димитар Влахов - Скопје, во знак на долгогодишна соработка, а под менторство на професорите Анета П. Дуева и Мирсада Бакиќ. Првото место го освои ученикот Петар Кировски - четврта година од нашето училиште.

- 14.12.2023, Машката ракометна екипа при СЕПУГС "Васил Антевски -Дрен" се пласираше во полуфиналето во рамки на Средношколската Лига на Град Скопје

- 16.12.2023 год. на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје се одржа Државниот натпревар по македонски јазик и литература.

- 16.12.2023, Државен натпревар по макеоднски јазик и литература, ученичката Ангела Трпеска од II-1 клас го освои второто место со освоени 93 поени од максимум 100, под менторство на професорката Ирена Николовска.

- 16.03.2024 во СУГС ,, Георги Димитров " се одржа Државниот натпревар по германски јазик. Со своето знаење и посветеност кон германскиот јазик ученичката Мила Ѓорѓиевска од II-3 клас го освои 3-тото место под менторство на професорката мр. Олга Атанасоска.

-	23.03.2024, “Најдобар бизнис концепт за зелени иновации 2024“ , училишниот тим  на ДРЕН под менторство на наставниците  Емилија Ампева и Душица Кранго Марковска во финалето  го освоија  второто место  со  бизнис концептот TERRAMEA - fun meats nature пред комисијата во која членуваа претставници на Центарот за зелени иновации, Халкбанк , Македонија 2025 , Раде Кончар, GREENOVET, Стопанска Комора и Центар  за развој на иновации и претприемачко учење во организација на Машински факултет.

-	26.03.2024, во чест на  одбележување на  30 години воспоставени билатерални односи помеѓу Република Северна Македонија и Шпанија, се организираше натпревар за изработка на лого и најдоброто амбасадата ќе го користи во нивната коресподенција. На покана од амбасадорт на Шпанија во нашата земја неговата екселенција амбасадорот Хосе Луис Лосано Гарсија, учениците кои влегоа во тесен избор имаа чест да ги презентираат своите изработки пред амбасадорот, директорот на ЦССО г-дин Шериф Мифтари

-	27.03.2024 година, учениците од нашето училиште ,,Васил Антевски - Дрен”, под менторство на предметните професорки Снежана Бриндевска, Лилјана Поповска и Радмила Куцуловска, уште еднаш го искажаа својот став во врска со најразлични теми кои го засегаат целото општество и се квалификуваа во уште едно финално учество на активноста ,,Имам став”, која се одржа во рамките на Собранието. Дебатата се спроведе помеѓу три училишта за да се претстави симулација на една пленарна седница и законодавен процес, односно да се долови работата што ја извршува Собранието на Република С. Македонија. Нашето училиште по трет пат се закити со освоено ПРВО МЕСТО и освоен пехар на оваа активност, со што се докажува нивната одговорност, истрајност и достоинство за учество на ваков настан.

-	05.04.2024, На квалификациите во коректно пишување на англиски јазик Spelling Bee учествуваа 30 ученици од нашето училиште. Ученикот Леонид Десковски од III-9 клас под менторство на проф. м-р Драгана Ѓореска успешно ги помина двете етапи, се квалификува и ќе се натпреварува на државниот натпревар Spelling Bee National Competition- American Corner

-	13.04.2024,  се одржа регионалниот натпревар по англиски јазик организиран од ЕЛТАМ на кое земаа учество три ученици од нашето училиште под менторство на професорите Ирена Стрејкиќ и м-р Катерина Туфа. На истиот сите три ученици се пласираа за државен натпревар со следните резултати: Ивана Митевска II година, прво место, ментор Ирена Стрејкиќ; Александар Стојанов, I година, прво место, ментор м-р Катерина Туфа; и Јана Костова, I година, второ место, ментор м-р Катерина Туфа.

-	19.04.2024, во чест на  одбележување на  30 години воспоставени билатерални односи помеѓу Република С. Македонија и Република Шпанија најдобрите три лога на учениците од нашето училиште беа наградени од страна на амбасадорт на Шпанија во нашата земја неговата екселенција амбасадорот Хосе Луис Лосано Гарсија. Најдоброто лого го изработи ученичката Теа Јанковска  кое ќе се користи во официјалната деловната коресподенција на амбасадата, второ

место е  логото на ученикот Марко  Маријановски и трето место лого изработено од страна на ученичката Ана Попова, ученици од прва година

- 20.04.2024, прво место за најкреативен велосипед, изработен за Денови на Кралството Холандија. По повод Денови на Холандското кралство, во молот Ист Гејт, беше организирана изложба за најкреативен велосипед, кој требаше да биде украсен со рециклирачки материјали во мотивите на Кралство Холандија. Нашите ученици, Коркоска Фросина, Спасовска Наталија, Илиевска Јана, Блажевска Јована и Мухарем Ебру, се заслужни за прекрасно украсениот велосипед и освоено прво место

- 22.04.2024, освоено второ место на Општинскиот натпревар по Прва Помош

- 25/26.04.2024 се одржа избор за најдобра ученичка компанија во организација на Junior Achievements и   USAID. На натпреварот учествуваа 24 средни училишта од цела држава, но и покрај големата и силна конкуренција и иновативни идеи, учениците од ,,Васил Антевски-Дрен" од III-1: Леонтина Костовска, Јована Цимбаљевиќ, Дамјан Брковски и Антонио Цветановски под менторство на проф. Радојка Хелман Денковска, освоија второ место и донесоа уште еден нов успех во училиштето. Нивната иновативна идеа е ТИНТЕЛЕКТ (www.tintelekt.wixsite.com/tintelekt)- платформа за врсничка едукација која се стреми да го револуционизира образовниот процес на учениците. Затоа ве охрабуваме да се приклучите во создавање на нова ера во образованието и да го поттикнете вашиот претприемачки дух

- 30.04.2024, со цел унапредување на дигиталните вештини учениците од нашето училиште изработуваа промотивни видеа за Веро Џамбо на тема "Велигденски празници". За продолжување на добрата соработка и како мотив за следни предизвици, компанијата Веро им додели вредносни ваучери на најдобрите ученици. Прво место е Дамјан Брковски, второ место Теодора Костевска и трето место Лара Марковска.

- 04.05.2024, На одржаните Регионални натпревари "Градски смотри" организирани од Здружението на музички педагози од Р. Македонија училишниот бенд составен од:

Јована Стојковска (II 12), Јован Василевски (IV 1), Иван Јанковски (II 2) - освоија ПРВО место, вокалниот солист Милица Арсиќ (IV 14) освои ПРВО место, сите под менторство на проф. Кристијан Стојановски

- МАССУМ 2024 година 05.05.2024

Прво место во категоријата Интервју за работа на македонски јазик

Прво место во категоријата Јавно говорење

Прво место во категоријата Најдобар маркетинг план

Второ место во категоријата Најдобра поетска творба

Второ место во категоријата Најдобар постер

Второ место во категоријата Најдобра фотографија

Трето место во категоријата Интервју за работа на англиски јазик

Трето место во категоријата Најдобар штанд

- 14.05.2024, ДРЖАВЕН натпревар за бендови во Домот на култура "Кочо Рацин" во Кичево, организиран од Здружението на музичките педагози од Р. Македонија училишниот етно бенд составен од: Јована Стојковска (II 12), Јован Василевски (IV 1), Иван Јанковски (II 2), освои ПРВО место под менторство на проф. Кристијан Стојановски.

- Со гордост известуваме дека нашето училиште е наградено со e-Twinning School Label за 2024-2025 година.

- ДРЖАВНИОТ натпревар за вокални солисти во Домот на култура "Марко Цепенков" во Прилеп, организирано од Здружението на музичките педагози од Р. Македонија ученикот Милица Арсиќ (IV 14) освои ПРВА награда на натпреварот

| **3.1.4** | **Распоред на часови** | Распоредот на часови го прави стручно лице во соработка со стручната служба, како и наставниците, почитувајќи го најдобриот интерес за учениците.<br><br>Распоредот на часови во нашето училиште се изготвува согласно со наставниот план и програми за работа соодветни за профилите економски техничар и правен техничар. Притоа се имаат во предвид фондот на часови од секој наставен предмет што се изучува, фондот на часови на секој предметен наставник и определување на класен раководител за |

| | | |
|---|---|---|
| | | секоја паралелка од прва до четврта година. Неговата подготовка е за време на летниот распуст, се истакнува пред почетокот на учебната година, т.е. 01.09., а според распоредот се работи од 01.09. (почетокот на учебната година).<br><br>**<u>Извори на податоци:</u>** Распоред на часови истакнат во наставничка канцеларија, во канцеларијата на директорот и помошник директорот, во електронска форма, во канцеларијата на педагогот и во дневникот за работа. |

| **3.2** | **Теми:** | **Наставен процес** |
|---|---|---|
| **3.2.1** | **Наставни форми, методи и избор на задачи, активности и ресурси** | Во наставниот процес се користат разновидни форми и методи, вклучувајќи и употреба на ИКТ во наставата, кои соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење.<br><br>Согласно новите наставни планови и програми се планира и учењето преку феријална практика и работа кај работодавец, но претходно учениците следат 12 часа посветени на безбедност и здравје при работа.<br><br>Задачите што се работат во училиште или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачи и активности е прилагоден на индивидуалните образовни потреби на учениците, што им помага на учениците да ги постигнат предвидените цели на наставата. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на одобрените учебници и дополнителна прирачна литература. На учениците им се овозможува да работат со сопствено темпо.<br><br>Во реализацијата на воспитно - образовната дејност се користат повеќе наставни методи во кои е вклучена методата на пишување, работата во групи, индивидуалната работа, фронтална форма, предавањата, практичните активности, изработка на проекти, power point презентации и давање на индивидуални задолженија на учениците. Се користат интерактивни часови со поставување прашања, дискусии и дебати на одредени теми (по избор на учениците и наставниците), изработка на проекти, пребарување, истражување и црпење податоци од интернет веб страници, тимска работа, работа во групи, играње на улоги, симулација на улоги, бура на идеи, прашалник, работа со текст итн.<br><br>Во наставата при реализација на часовите се користат различни наставни техники како: Техники за читање и пишување- СТОП техника, ЗСУН (Знам, Сакам да знам, Учам, Научив), Скелетен приказ, Петоред; Графички организатори- Грозд, Вен дијаграм, Т-табела; Кооперативно учење- Коцка, Сложувалка, Вртелешка, Групно истражување; Дебатни техники- Мрежа на дискусија (Разгледување на поставеното прашање од две спротивставени страни, запишување на аргументите, бранење на аргументите)<br><br>Во училиштето постои Програма за работа со деца со посебни потреби изработена од психолошко-педагошката служба. Но секој наставник кој предава во клас каде што има ученик-дете со посебни потреби прави Индивидуален образовен план (ИОП) прилагоден |

| | | |
|---|---|---|
| | | на потребите на ученикот и предметот што го предава, а истиот е во согласност со училишната програма за работа деца со посебни образовни потреби.<br><br>Крајна цел на ИОП е оптимално постигнување на ученикот со пречки во развојот и потешкотии во учењето и негово оспособување за квалитетен и самостоен живот во заедницата. За ученикот со посебни образовни потреби кој не е во можност во целост да ги постигнува очекуваните резултати во воспитно-образовниот процес според пропишаните стандарди за него се изработува педагошки профил како основен документ кој претставува патоказ во планирањето на пристапот и работата. Како помош на учениците со посебни образовни потреби работи дефектолог кој им помага во образовните предизвици.<br><br>**<u>Извори на податоци</u>:** Годишни планови, тематски планови, дневни подготовки, анкета за наставници, анкета за ученици, анкета за родители, програма за деца со посебни потреби, индивидуален образовен план. |
| **3.2.2** | **Интеракција меѓу наставниците и учениците и приодот на наставникот кон учениците** | Наставниците редовно ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето и тие им се јасни на сите ученици во секоја фаза на учењето. Поучувањето е соодветно на возраста и нивото на образование на учениците. Се користат различни методи на интеракција со учениците што се во насока на промовирање на учењето и градење на довербата меѓу наставниците и учениците. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. Наставниците користат позитивни приоди да ги мотивираат учениците (преку пофалби кога е тоа соодветно на постапката). Учењето во училницата е активно, динамично и има работна атмосфера. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање. Притоа не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиска припадност. Наставниците не користат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и забрануваат таквите стереотипи да ги користат учениците.<br><br>Наставниците користат разни форми на интеракција со учениците на сите видови на часови ( усвојување нови содржини, повторување, вежби и др.). Соработката помеѓу наставникот и учениците продолжува и надвор од наставниот процес преку различен вид на консултации, одржување на додатна настава за учениците кои што сакаат да го прошират своето знаење од определена област, како и дополнителна настава за учениците кои наидуваат на потешкотии при совладувањето на материјалот по одделни наставни предмети. Особено важна е соработката помеѓу класниот раководител, класот и класната заедница, која што се движи во насока на подобрување на успехот, редовноста и поведението во класот, како и дискусиите на теми од секојдневниот живот (семејно насилство, алкохол, дрога, хив-сида, малолетничка деликвенција, прерани бракови и планирање на семејството, најнови достигнувања во медицината, пристојно однесување на јавни места, контрола на вербалната комуникација, граѓански права и обврски, правилно планирање на времето и организација на активностите во текот на денот, активна партиципација во семејните обврски и слично, теми за кои се дискутира на класните часови).<br><br>**<u>Извори на податоци</u>:** Записници од спроведени разговори со родители и ученици со педагогот и психологот, анкета за наставници, анкета за ученици и анкета за родители |

| | | |
|---|---|---|
| **3.2.3** | **Следење на наставниот процес** | Училиштето има пропишано интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час најмалку два пати во полугодие од директорот или стручната служба.<br><br>За извршување на работата и модернизација на воспитно - образовната дејност на наставниците, оценка се дава од страна на директорот, стручниот соработник и соодветен советник од Бирото за развој на образованието.<br><br>Директорот на училиштето извршува посета и контрола за начинот на организирање и реализирање на наставниот процес. Ваквиот начин на набљудување, како од страна на директорот, така и од педагошко - психолошката служба во училиштето остава простор за помош, поддршка и отворена дискусија за сите проблеми со кои се соочуваат наставниците во процесот на реализацијата на часовите и водењето на педагошката администрација.Следењето на наставниот процес и резултатите од истиот се врши континуирано преку одржување на Совет на паралелка и Наставнички совет во текот на учебната година.<br><br>За професионалниот развој и подршка за образовните потреби на наставниците, училиштето прави напори да им овозможи стручно педагошко и дидактичко усовршување преку учество на семинари и обуки организирани од домашни и странски институции.<br><br>**<u>Извори на податоци</u>:** Годишни планови, тематски планови, дневни подготовки, анкета за наставници, анкета за ученици, анкета за родители, сертификати од посетените обуки, семинари и работилници, записници од спроведени посети на часови од страна на педагогот, директорот и соодветните советници. |

| | | |
|---|---|---|
| **3.2.4** | **Користење на ИКТ во наставата** | Наставниците во годишните и тематските планирања планираат користење на ИКТ при реализација на наставните содржини. Примената на ИКТ се планира и со дневна подготовка за онаа наставна единица за која е возможно да се направи такво планирање. За таа цел достапни се е-учебници и е-содржини за поголем дел од наставните предмети што е од голема помош за непречено одвивање на воспитно – образовниот процес. |
| **3.2.5** | **Интеракција на еколошкото образование** | Во училиштето еколошкото образование е интегрирано во годишното планирање на наставниците. Учениците по дадени насоки на наставниците изработуваат ЕКО-проекти на тема: Заштеда на вода, Заштеда на енергија, Уреден и еколошки двор, Одржување на зградата и здрава средина во училиштето, Транспорт и Отпад.<br><br>Исто така учениците се вклучени во ЕКО-активности: еко-секции, еко- патрола во училиштето и училниците и избор на најчиста училница. Други активности се: собирање на стара хартија за рециклирања, правење на различни рачни изработки од хартија, собирање на капачиња, засадување на дрвца и цвеќиња во училишниот двор и друго.<br><br>Еко активностите се одвиваат и надвор од училиштето и училишните простории така што учениците заедно со одговорните наставници прават еко – акции во Градскиот парк и парк-шумата Водно. |

| 3.3 | Теми: | Искуства на учениците од учењето |
|---|---|---|
| 3.3.1 | Средина за учење | Учениците ги доживуваат училниците и другите простории како стимулирачка и мотиварачка средина која поттикнува интерес за учење.<br><br>Учениците се охрабуваат да превземат лична одговорност и самостојно да се вклучат во наставниот процес.<br><br>Трудовите на учениците се изложуваат на видни места, притоа запазувајќи ги и естетските норми. Редовно се менуваат трудовите, во согласност со целите и задачите на наставата, каде што секој ученик има можност да има изложен труд и да ги искаже своите способности.<br><br>**Извори на податоци:** Анкета за наставници, анкета за ученици, анкета за родители записници од спроведени посети на часови од страна на педагогот, директорот и соодветните советници. |
| 3.3.2 | Атмосфера за учење | Сите ученици учествуваат во активностите за време на часот, интерактивно размислуваат, поставуваат прашања и изведуваат заклучоци за наученото. Учениците во дебатни разговори, дискусии поврзани со секојдневието полесно ја совладуваат наставната содржина. Училницата и училиштето делуваат како стимулирачка и мотивирачка средина за искажување на способностите и вештините на учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училишната средина им дава поддршка на учениците и помош без разлика на нивниот пол, национална припадност, социјално потекло и место на живеење, за полесно адаптирање и усвојување на нови знаења.<br><br>Учениците со внимание ја следат наставата, а за тоа најголема улога имаат предавањата на наставниците и содржините на предметите што ги изучуваат.<br><br>Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието. За време на часот, најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Поголем број од учениците учествуваат во активностите за време на часот. Најголем дел од нставниците не критикуваат ученици пред други ученици или возрасни. Доколку се упатува критика истата се однесува на нивната постапка, но не и на нивната личност.<br><br>**Извори на податоци:** Анкета за наставници и ученици, записници од спроведени посети на часови од страна на педагогот, директорот. |
| **3.3.3** | **Поттикнување на учениците за превземање на одговорност** | За учениците кои покажуваат тешкотии по одредени предмети во процесот на учењето и не постигнуваат задоволителен резултат, се организира дополнителна настава од страна на предметните наставници. Во дополнителната настава наставникот работи во групи, а по потреба и индивудуално, се со цел да ги мотивира и поттикне учениците самостојно и критички да размислуваат. За учениците кои што сакаат да го прошират своето знаење од определена област се одржува додатна настава (која е недоволно развиена), но во нажето училиште има недостаток од програма за работа со талентирани ученици. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Учениците сметаат дека имаат можност да го искажуваат своето мислење и тоа да биде сериозно земено предвид при решавањето проблеми и донесувањето одлуки. Учениците превземаат различни одговорности во училиштето (во и вон наставата).<br><br>**<u>Извори на податоци</u>:** Анкета за наставници, анкета за ученици, записници од спроведени посети на часови од страна на педагогот, директорот и соодветните советници, поставени и залепени трудови на учениците. |
| **3.3.4** | **Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето** | Интеракцијата на учениците и возрасните во училиштето се остварува низ организирани и различни форми, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. Постои и интерактивна настава за поттикнување и мотивирање на учениците за полесно совладување на наставниот материјал.<br><br>Постои ефективна комуникација и интеракција меѓу наставниците, наставник-родител, наставник-ученик, наставник-ученик-педагошко психолошка служба-родител. Има одлична интеракција и повратна информација од страна на родителите.<br><br>**<u>Извори на податоци</u>**: Анкета за наставници, анкета за ученици, анкета за родители, записници од спроведени разговори со родителите и учениците од страна на педагогот, психологот, директорот. |

| 3.4 | Теми: | Задоволување на потребите на учениците |
|---|---|---|
| 3.4.1 | Идентификување на образовните потреби на учениците | Наставниот кадар и стручната служба, систематски ги идентификува образовните потреби на учениците, води ученички досиеја, како и отстранување на пречки во процесот на учење на секој ученик.<br><br>Во основа идентификувањето на образовните потреби на учениците најчесто е по пат на дебати, дискусии, различни квизови, метод на бура на идеи од страна на учениците итн. Резултатите добиени од ваквите согледувања и забелешките на наставниците во однос на наставната програма се доставуваат до Бирото за развој на образованието, со цел да бидат искористени во креирањето на наставните содржини по соодветните предмети за следната учебна година.<br><br>**Извори на податоци:** Анкета за наставници, анкета за ученици, анкета за родители, записници од спроведени разговори со учениците од страна на педагогот, психологот и наставниците. |
| 3.4.2 | Почитување на различните потреби на учениците во наставата | Училиштето им дава поддршка на наставниците за задоволување на образовните потреби на учениците во рамките на нивните можности. Наставниците користат различни техники и методи со што им даваат можност на учениците со различни стилови на учење да научат најмногу што можат. И во однос на оценувањето се користат различни техники (тестови, проекти, усно испрашување, активност на час, работа во парови, практични вежби, power point презентации и други методи) со кои се мотивираат учениците за постигнување на својот максимум. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Наставниците секогаш работат во интерес на учениците. Притоа настојуваат вреднувањата да бидат во согласност со индивидуалните способности за изразување на учениците. Тоа значи дека не се занемарува афинитетот на детето во начинот на изразување на она што го научило, туку се применуваат методи со кои ученикот нема да биде оштетен при вреднувањето. (пр. усно и писмено испрашување, активност на час, истражувачка работа, работа во парови, практични вежби, симулација на улоги, успешност во изработка на проектни задачи и други трудови).<br><br>**Извори на податоци**: Анкета за наставници, анкета за ученици, анкета за родители, записници од спроведени разговори со ученици од страна на педагогот, психологот и професорите. |
| **3.5** | **Теми:** | **Оценувањето како дел од наставата** |
| **3.5.1** | **Училишна политика за оценување** | Училиштето има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознати.<br><br>Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците, дадени во Законот за средно образование од МОН. Училиштето има дефинирана политика на оценување, во која основна цел е да го поддржи учењето и оцени знаењето на секој ученик. Наставниците се придржуваат кон стандардите за оценување дадени од Центарот за стручно образование и обука и правилникот за оценување на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Посебно се води сметка оценката да биде правилно изведена, пред учениците во паралелката и истите да бидат навремено известени за сите свои постигања и погрешни „чекори”.<br><br>Сите ученици навреме се информираат за нивните постигања од страна на предметниот наставник.<br><br>**<u>Извори на податоци</u>:** Анкета за наставници, анкета за ученици, анкета за родители, критериуми и стандарди за оценување на постигнувањата на учениците, записници од спроведени разговори со ученици од страна на педагогот, психологот и професорите |
| **3.5.2** | **Методи и форми за оценување** | Сите наставници користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат своите постигања.<br><br>Најзастапени методи и форми на оценување се тестови, проекти, групно испрашување, писмено испрашување, усно испрашување, фронтална работа, самооценување, решавање на зададени случаи-проблеми, изработка на домашни задачи и др. Исто така, застапени методи и форми на оценување се активност на час, квиз, работа во парови, практични вежби, јавно оценување, прашалници, дебати, креативност, диктат, јазични игри, говорни вежби.<br><br>Во однос на оценувањето на учениците со различни способности, наставниците најмногу се потпираат на сопственото искуство и стандардите за оценување дадени од |

| | | |
|---|---|---|
| | | Центарот за стручно образование и обука, проценката на способноста на ученикот како дел од класот и објективните согледувања.<br><br>Во наставата се користат нови современи методи како на предавање, така и на оценување кои се подобри од класичните методи кои се користеле во минатото.<br><br>Во рамките на проектот на модернизација на образованието кој го спроведуваше Министерството за образование и наука, наставниците од нашето училиште активно беа вклучени во обуката за оценување, каде се здобија со нови искуства и сознанија за оценувањето.<br><br>За проверка на знаењата се користат и дигиталните апликации: Google forms, Kahoot, Zoom, Microsoft Teams и други.<br><br>**<u>Извори на податоци</u>:** Годишни планови, тематски планови, дневни подготовки, критериуми и стандарди за оценување на постигнувањата на учениците, анкета за наставници, анкета за ученици, анкета за родители, записници од спроведени разговори со ученици и родители од страна на педагогот, психологот и професорите. |
| **3.5.3** | **Користење на информациите од оценувањето во наставата** | Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигања.<br><br>Голем акцент се става на тековните постигања на учениците и на идентификување на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Наставниците целосно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.<br><br>На почетокот на учебната година наставниците ги запознаваат учениците со наставната програма и со начинот на испрашување и оформување на оценки.<br><br>Наставниците им даваат редовно информации на учениците за нивното учење и работа и ги охрабруваат за нивниот напредок, стимулирјќи ги за подобри резултати.<br><br>Од друга страна, учениците се информираат за својот успех и по пат на евидентни листови, свидетелства и дипломи. Наставниците во дискусија јавно ги информираат учениците и го изнесуваат своето мислење за нивниот успех.<br><br>Учениците кои учествуваат на семинари и обуки добиваат сертификати. Спортските екипи за своето учество и постигнувања, исто така се наградени со пофалници, дипломи и пехари.<br><br>Оценувањето е јавно и секој наставник има обврска, согласно правилникот за оценување, јавно да му ја соопшти оценката на ученикот и да ја образложи.<br><br>**<u>Извори на податоци:</u>** Годишни планови, тематски планови, дневни подготовки, критериуми и стандарди за оценување на постигнувањата на учениците, анкета за наставници, анкета за ученици, анкета за родители, записници од спроведени разговори со ученици и родители од страна на педагогот, психологот и професорите, евидентни листови, издадени свидетелства и дипломи. |

| 3.6 | Теми: | Известување за напредокот на учениците |
|---|---|---|
| 3.6.1 | **Известување на родителите за напредокот на учениците** | Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање на информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценките, вклучувајки и детални препораки за подобрување на постигањата на учениците. За таа цел се користат формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите, кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите.<br><br>Родителите добиваат и пишани извештаи со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи и информации за личниот и социјалниот развој на детето. Од родителите се бара да дадат своја повратна информација по извештајот, по што се преземаат соодветни активности согласно гледиштата на родителите во однос на постигањата и напредокот на нивните деца.<br><br>Известувањето на родителите за напредокот на нивните деца училиштето го спроведува преку остварени средби и разговори со нив и децата, преку класните раководители, предметните наставници и педагошко- психолошката служба во училиштето. Секој наставник има најмалку еден слободен час во неделата -приемен час (ден) за родителите, како предметен наставник и како класен раководител. Родителите имаат и увид во електронскиот дневник, каде што можат да се информираат за редовноста и успехот на учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Доколку се појави проблем во поглед на редовноста или дисциплината на учениците, задолжително се известуваат родителите и тие остваруваат средби со наставниците и педагошко - психолошката служба, при што им се помага на родителите како да му помогнат на своето дете. Исто така, се даваат извештаи за децата со проблематично однесување, а се бара повратна информација од родителот во поглед на тие извештаи. Кога е потребно, се бара подршка и соработка на родителот со соодветна стручна служба од надвор (соодветна здравствена установа, Центар за социјална помош, СОС центар за борба против насилството, Центар за малолетничка деликвенција, МВР и сл.)<br><br>Воспоставена е добра комуникација меѓу педагошко-психолошката служба и родителите. Тоа значи отвореност, транспарентност, отчетност на училиштето кон родителите и учениците.<br><br>Начинот на кој се врши информирањето на родителите се изведува групно, индивидуално и во електронска форма.<br><br>● Групното информирање се спроведува преку:<br><br>- родителски средби кои се одржуваат квартално или по потреба<br><br>● Индивидуалното информирање се спроведува по потреба преку:<br><br>- приемните часови за родители од страна на класен раководител,<br><br>- приемните часови за родители од страна на предметен наставник, |

| | | |
|---|---|---|
| | | - разговор со педагошко - психолошката служба,<br><br>- усно и писмено известување на родителите за ученици кои имаат проблем со поведението, успехот и редовноста во наставата,<br><br>-известување преку емаил адреси на родителите, како и viber комуникација<br><br>Во училиштето се врши „Советување на родители – родителска школа“ од страна на педагошко-психолошката служба. Советување се врши на родители чии што деца-ученици имаат три или повеќе од три слаби оценки, деца-ученици кои имаат повеќе од 10 неоправдани изостаноци, повеќе од 100 оправдани изостаноци и родители на ученици кои покажуваат недолично однесување во училиштето.<br><br>**Извори на податоци** анкета за наставници, анкета за родители, анкета за ученици, дневник за работа на паралелката, е-дневник, записници од спроведени разговори со ученици и родители од страна на педагогот, психологот и наставниците. |

**Самоевалуација на училиштето:      СЕПУГС”Васил Антевски-Дрен”-Скопје**

**Подрачје:   Учење и настава**

| **Резултати:** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br><br>● Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручната служба и/или лица назначени од стручните органи.<br>● Се користат разновидни наставни форми и методи (вклучувајќи редовна употреба на ИКТ во наставата), кои соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење.<br>● Во училиштето се реализираат голем број на задачи и активности кои се во склоп со индивидуалните образовни потреби на учениците.<br>● Целите на наставата и очекуваните исходи од учењето им се јасни на сите ученици во секоја фаза на учењето. Се користат различни методи на интеракција на поттикнување доверба со цел градење на доверба меѓу наставниците и учениците.<br>● Наставниот кадар и стручната служба систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и превземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување. |
| **Слабости**<br><br>- Немањето доволен број празни училници - простории за реализација на активности надвор од редовната настава (дополнителна настава, додатна настава, разни секции) истовремено од поголем број на наставници. |

| |
|---|
| - Недоволната опременост на кабинетите (училниците- со смарт табли и таблети за секој ученик поединечно) која не одговара на современите индивидуални образовни потреби на учениците, на наставниците и немање соодветна ИКТ поддршка.<br><br>- Недоволно развиена програма за работа со надарени и недостаток на програма за работа со талентирани ученици |
| **Идни активности и  приоритети**<br><br>- Опремување на кабинетите (училниците- со смарт табли и таблети за секој ученик поединечно) со цел создавање на училница која ке одговара на современите индивидуални образовни потреби на учениците и на наставниците<br><br>- Изработка на  програма за работа со надарени и програма за работа со талентирани ученици |

## Прилог: Анкета за наставници

Дали постојат системи за поддршка на оние наставници кои се соочуваат со потешкотии на часовите и целокупниот процес на работа?

63 responses




Дали повозрасните наставници го пренесуваат своето искуство на помладите наставници?

63 responses




Дали во наставниот процес применувате различни методи?

63 responses




Дали учениците се мотивирани да учат?

63 responses



Дали ги охрабрувате и мотивирате учениците да превземаат иницијатива и активно да се влкучуваат во редовната настава?
63 responses




## Анкета за родители

Дали сте запознати со наставата која се одвива во училиштето?
202 responses




Дали сметате дека наставата е квалитетна?
202 responses



Дали училиштето и наставниците ги поттикнуваат учениците да воведуваат нови идеи и активности и им даваат можност за напредок?

200 responses




Дали навреме сте запознати со оценките на вашето дете?

203 responses




Дали постои ефективна комуникација меѓу наставник-ученик, наставник-родител, наставник-ученик-педагошко психолошка служба?

201 responses



Анкета за ученици

Дали во наставниот процес применувате различни методи?

143 responses




Дали наставниците те мотивираат активно да се вклучуваш во редовниот процес, самостојно да размислуваш и да превземаш лична одговорност?

145 responses




Дали постојат системи за поддршка и помош на оние ученици кои се соочуваат со потешкотии на часовите и процесот на учење?

140 responses




Дали наставниците се правични кон сите ученици без разлика на полот, националната припадност, социјалната структура и местото на живеење?

145 responses



Дали сте задоволни од комуникацијата и односот на наставниците кон учениците?

142 responses



**РЕЗУЛТАТИ ОД ЕВАЛУАЦИЈАТА НА ПОДРАЧЈЕТО**

**ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Скопје, 2024**

| | | |
|---|---|---|
| 4.1 | Севкупна грижа за учениците | 4.1.1 Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>4.1.2 Превенција од насилство<br>4.1.3 Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>4.1.4 Квалитет на достапна храна<br>4.1.5 Поддршка на учениците со посебни потреби<br>4.1.6 Грижа за ученици од социјално загрозени семејства |
| 4.2 | Здравје | 4.2.1 Хигиена и заштита од болести<br>4.2.2 Грижа за ученици со здравствени проблеми |
| 4.3 | Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | 4.3.1 Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување<br>4.3.2 Грижа за ученици со емоционални потешкотии |
| 4.4 | Следење на напредокот | 4.4.1 Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>4.4.2 Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

| | | |
|---|---|---|
| **Подрачје: Поддршка на ученици** | | |
| **4.1** | **Севкупна грижа за учениците** | |
| **4.1.1** | **Заштита од физички повреди и елементарни непогоди** | Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорите, дворот, итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Но во дел од училниците и кабинетите е потребно санирање на струјните места поради предизвикана материјална штета од страна на учениците. Прозорите во училиштето се веќе променети. Сите потенцијално опасни места во училиштето и во неговата околина што не можат да се избегнат (улица, легнати полицајци, и сл.) се посебно означени и учениците се свесни за нивното присуство. Во училиштето има обучен кадар за давање на прва помош на ученици при несреќни случаи во училиштето. (професорите по Спорт и спортски активности - во прилог се доставени сертификати за завршена обука). |
| **4.1.2** | **Превенција од насилство** | Училиштето има пишан документ (Куќен ред - Кодексот на однесување на учениците и вработените, поставени на видно место) во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство со особен акцент на облиците на сексуално вознемирување на учениците (меѓу себе и од страна на возрасните). Во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се наведуваат механизмите за справување со евентуална појава на различните облици на насилство. Документот е достапен за сите (наставниците, учениците и родителите). Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Активностите за заштита и безбедност на учениците ги координира со институциите во локалната заедница. Жртвите, родителите на жртвите и/или сведоците на насилство се |

| | | |
|---|---|---|
| | | запознаени со своите права и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно. Известувањето за менталната злоупотреба потекнува првично од самите ученици од нивната средина до класните раководители и педагошко-психолошката служба. Се остваруваат советодавни разговори. Постојано се работи на подигање на свеста кај учениците и професорите за булингот и превенција од истиот.<br><br>Дополнително, се работи и на подигањето на свеста кај учениците во однос на меѓуетничката толеранција и трпеливост, со цел надминување на конфликти и дискриминација. За таа цел во континуитет од учебната 2022/2023 година се реализираат работилници во склоп на Програма за МИО, под наслов „Разликата е сила – прифати ја“ во соработка со училишта кои имаат различен етнички состав од составот на учениците од нашето училиште. Потпишани се два меморандуми за соработка со училиштето СУГС „Зефљуш Марку“ со кое се сработени 3 работилници во учебната 2022/2023 година, како и со училиштето СУГС „Сарај“ со кое е сработена една работилница во април 2024, како дел од спроведување на програмата во 2023/2024 година.<br><br>Заштита и безбедност во училиштето се обезбедува преку дежурни професори за време на одморите помеѓу часовите, користење на електронски картички за вработените за влез и излез од училиштето. (Книга за дежурство се наоѓа кај пом.директор Викторија Постолова и Билјана Ниновска).<br><br>За заштита од пожари училиштето има обезбедено противпожарни апарати, план за евакуација, Правилник за ППЗ како и акти и упатства за постапување во случај на |

| | | |
|---|---|---|
| | | елементарни непогоди (се наоѓаат кај Директорот на училиштето). Има истакнато плакати, постери на видни места низ училишната зграда.<br>За поголема заштита и безбедност во училиштето има ангажирано лица за обезбедување на училиштето од страна на Град Скопје. |
| **4.1.3** | **Заштита од пушење, алкохол и дрога** | Училиштето има политика за забрана за пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и конзумирање наркотични супстанци за што имаме истакнато наредба низ училишната зграда. Тоа подразбира дека во училиштето (училниците, канцелариите, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол, а исто така не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Во соработка со локалната заедница (посебно мора да се истакне соработката со МВР) и општината, училиштето наоѓа начин да спречи користење алкохол и наркотични супстанци во неговиот двор. |
| **4.1.4** | **Квалитет на достапна храна** | Во однос на достапна храна, училиштето нема склучено договор за користење на училишното бифе, а во однос на квалитетот на храната, истото нема да склучи договор за работа на училишното бифе без ги задоволи ХАСАП стандардите. Учениците имаат достапно кафе и ужинки од автомат. |
| **4.1.5** | **Поддршка на учениците со посебни потреби** | Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со посебни потреби за што имаме изготвено посебна програма за работа со деца со посебни потреби. Училиштето е подготвено да соработува со родителите и со други релевантни институции (на пример, невладини организации), во обезбедување грижа за децата со посебни потреби и има развиени механизми за поттикнување на соучениците во пружање помош и водење грижа за овие деца. Пристапот во училиштето е прилагоден на потребите на учениците со посебни потреби. Просторот во ходниците и во училниците овозможува нивно движење. |

| | | |
|---|---|---|
| **4.1.6** | **Грижа за ученици од социјално загрозени семејства** | Училиштето излегува во пресрет на ученици кои што потекнуваат од социјално загрозени семејства кои што не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици (на пример, недостаток од работен прибор) како и да учествуваат во вон-наставните активности кои бараат вложување на дополнителни средства (на пример, екскурзии и натпревари). Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. При тоа училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со други релевантни институции (на пример, центар за социјална работа, хуманитарни организации). Самото училиште организира хуманитарни акции за прибирање на парични средства и материјални средства во форма на донации.<br>Извори на податоци:<br>Програма за работа на директорот; Програма за работа на стручната служба; Записници (евидентни листови) од индивидуални разговори со ученици и родители; Увид во педагошката евиденција (работа на проекти), увид во просторните капацитети и увид на час; Упатства на училиштето за формите и методите што ги користи; Податоци за организирани трибини и предавања во училиштето; Евиденција и известувања од училиштето за ученици со емоционални и физички проблеми; Досие на ученикот; Годишна програма за работа на училиштето. |
| **4.2** | **Здравје** | |
| **4.2.1** | **Хигиена и заштита од болести** | Тоалетите за наставниците и за учениците не се доволно чисти, што се должи на малиот број на вработени хигиеничари. Ходниците, скалите, подот во учлниците и останатиот училишен простор се чисти најмалку еднаш во денот, мебелот еднаш во неделата, а прозорците, вратите и другиот инвентар по еднаш во секое полугодие. Постои потреба и мебелот да се брише секојдневно поради големата фреквенција на учениците и вработените. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци. Во училиштето има |

| | | |
|---|---|---|
| | | корпи за отпадоци. Во случај на појава на заразна болест, училиштето усвојува договорна процедура за заштита од нејзино ширење. Постои недостаток на хигиеничарски персонал во училиштето, поточно во училиште со 1392 ученици и 108 вработени, работи хигиеничарски персонал од 9 члена, од кои 1 член работи во спортската сала, а останатите 8 се распоредени во две смени. |
| **4.2.2** | **Грижа за ученици со здравствени проблеми** | Во училиштето постои соработка меѓу класните раководители, професорите, родителите и стручната служба со цел грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. При тоа училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со други релевантни институции (на пример, здравствени установи, центар за социјална работа). Здравјето на учениците се следи, а пак здравствените проблеми, доколку ги има, најчесто се откриваат на редовните годишни систематски прегледи (документите од санитарни и систематски прегледи се наоѓаат кај секретарката на училиштето Адела Малиминова), а по потреба за посериозните здравствени проблеми учениците се упатуваат во соодветни здравствени установи. За учениците кај кои се идентификувани здравствени проблеми се информираат предметните наставници од страна на класниот раководител со цел толеранција и укажување помош при совладување на наставните содржини, а при тоа се вклучуваат соученици од истиот клас за поддршка и помош.<br>Училиштето ги открива учениците со физички и ментални здравствени проблеми, како и оние со посебни образовни потреби и постконфликтни трауми преку континуирано следење-набљудување на учениците од страна на класните раководители, предметните наставници, како и педагошко-психолошката служба. Во врска со известувањето најнапред се известуваат родителите, класните совети, а доколку се појави потреба и |

| | | |
|---|---|---|
| | | здравствени установи. Практиката покажува дека со машките и женските ученици кај кои се идентификувани постконфликтни трауми работи стручен тим психолог-педагог преку разговори, давање совети, предлози за можни решенија за надминување на трауматските состојби и нивно натамошно следење, а по потреба и упатување во соодветни институции (Центар за правна помош при НВО-ЕСЕ, ЗМЗ, Центар за социјална работа и др.). Меѓутоа, се чувствува неопходност и потреба за дополнително обучување на наставниот кадар за работа со ученици кои имаат посебни образовни потреби.<br>Извори на податоци:<br>Годишна програма за работа на училиштето; Куќен ред; Правилник за организација и систематизација на работата и работните места; Записници од органи на училиштето; Записници од надлежни органи за контрола на хигеиената и здравјето на децата; Увид во педагошка евиденција и документација; Увид во училишниот простор. |
| **4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** | | |
| **4.3.1** | **Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување** | Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали на образовните институции (флаери, трибини, посети на училишта, високообразовни институции, судови, банки и др.) за професионална ориентација на учениците. Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование, доусовршување или вработување по завршување на основно и средно образование опфаќа широк спектар на добро структурирани пристапи: на пр., самооценување на вештините и интересите на учениците, помош во изработка на кратка биографија, подготовка за интервјуа за работа и кодекс за однесување на работно место, информирање на родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето од страна на стручните служби. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето им нуди на учениците можности за добро организирана практична работа. Од училишната 2019/2020 година, училиштето работи по новата модуларна училишна програма и со тоа, за учениците има предвидено задолжителна феријална практика. Се обрнува големо внимание за информирање и насочување на учениците за продолжување на нивното образование и професионално ориентирање, и се вршат обуки за оспособување на учениците и нивно вклучување на пазарот на трудот.<br>Има постојана соработка со агенцијата за вработување и редовно спроведува тестирања за професионална ориентација на учениците по барање на надворешни субјекти и им помага во професионално насочување (кај педагогот). Еднаш годишно, факултетите од Р. С. Македонија земаат учество на отворениот ден на кој учениците од IV (четврта) година ги добиваат сите потребни информации за нивното понатамошно образование. |
| **4.3.2** | **Грижа за ученици со емоционални потешкотии** | Училиштето навремено открива и се грижи за ученици со емоционални проблеми, без оглед на изворот (на пр, семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството, постконфликтни трауми). Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и/или родителите во вакви ситуации или да ги упати до релевантни институции. Училиштето има редовна соработка со релевантните институции, како што се: здравствени установи, центар за социјална работа, ЗМЗ, полиција и др. Мора да се нагласи дека советодавното работење со учениците е застапено, но поради големиот број на ученици е отежнато. Поради зголемената потреба од психолошко-педагошка помош на учениците со проблеми и потреби од различен карактер, потребно е засилување на педагошко-психолошките капацитети, поточно, по еден психолог и педагог во секоја смена, како и еден социолог. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Извори на податоци:<br>Записници од работилници; Записници од родителски средби; Анкетирање и интервјуа со учениците и родителите; Информации изготвени од стручната служба и пласирани преку расположливи медиуми на училиштето; Програма за професионална ориентација на учениците; Флаери; Предавања; Записници од индивидуални разговори со родители и ученици |
| **4.4 Следење на напредокот** | | |
| **4.4.1** | **Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците** | Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка, како и за неговиот/нејзиниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Во евиденцијата посебно се акцентирани добрите страни на ученикот/ученичката и неговите/нејзините развојни потенцијали. Во евиденцијата се внесени и податоци за напредокот на ученикот/ученичката што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручната служба и родителите на ученикот/ученичката. Евиденцијата се користи за консултативни разговори со ученици за подобрување на успехот и за прилагодување на наставните содржини со цел за полесно совладување на материјалот и подобрување на успехот на учениците. По однос на следењето на напредокот на учениците подеднакво се води грижа и педагошка евиденција и документација за сите машки и женски ученици, што пак резултира со подобрување на успехот, редовноста и поведението. Училиштето има постигнато значајни резултати на градски и државни натпревари од различни области. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните/предметните наставници и родителите за постигањата на учениците. Меѓутоа, недоволна е грижата и поддршката на учениците со посебни интелектуални потреби и способности како надарени и талентирани ученици. Поточно, постои недоволно |

| | | |
|---|---|---|
| | | развиена програма за работа со надарени ученици, а има недостаток на програма за работа со талентирани ученици.<br>Кога ученикот преминува во друго училиште се издава преведница и се забележува во ученичката книшка за престанок на школувањето во училиштето и се одјавува од електронскиот дневник на училиштето. Исти податоци се добиваат и кога ученикот доаѓа од друго училиште. |
| **4.4.2** | **Анализа на напредокот на учениците по паралелки** | Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Изготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, за родителите и за самите ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес. |

**Самоевалуација на училиштето: СЕПУГС"Васил Антевски-Дрен"-Скопје**

**Подрачје: Поддршка на ученици**

| **Резултати** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br><br>- Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. За поголема заштита и безбедност во училиштето има ангажирано лица за обезбедување од страна на Град Скопје.<br>- Со проекти како ERASMUS+, училиштето има интензивирана соработка со други земји, при што учениците и наставниот кадар имаат сé поголемо искуство во размената на добри воспитно-образовни практики. Дополнително, има зголемен број на спроведени и реализирани работилници, како и такви кои се во процес на сработување, со училишта со чиста етничка структура различна од структурата во училиштето.<br>- Педагошко психолошка служба се грижи и го третира психофизичкото здравје на учениците. Во тимот е вклучен и училишен дефектолог. |
| **Слабости**<br><br>- Постои потреба за дополнително обучување на наставниот кадар за работа со ученици со посебни образовни потреби, а од друга страна, постои недоволна грижа и поддршка за ученици со посебни интелектуални способности како надарени и талентирани ученици, поради недоволно развиената програма за работа со надарени и недостаток на програма за работа со талентирани ученици<br>- Поради зголемена потреба од психолошко-педагошка помош за ученици со проблеми и потреби од различен карактер, потребно е засилување на педагошко-психолошките капацитети, поточно, по еден психолог и педагог во секоја смена, како и еден социолог. |

- Во училиштето има неискористен простор – стакленик и бифе.
- Има недостаток на технички персонал

**Идни активности и приоритети**

Приоритетни оддели во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:

Обука на наставниците за поуспешно работење во обласа на водење грижа за психофизичкото здравје на учениците преку проекти, работилници, семинари и други активности.

Изработка на бројни работилници (за булинг, ненасилство, трговија со луѓе, социјална инклузија, за изработка на CV, мотивационо писмо и многу други).

Организирање на отворени денови за претставување на училиштето на идни ученици.

Обезбедување на средства за едукација на учениците преку организирање на клубови, трибини, дебати и други активности со вклучување на стручни тимови и експерти од најразлични области.

Училиштето продолжува со меѓународните проекти и во иднина.

Прилог: Анкета за наставници

Училиштето работи во согласност со законските одредби и усвоени начела за заштита на учениците од насилство, злоставување и злоуп...ка училиштето / училишниот двор е безбедно.
60 responses




Учениците кои се среќаваат со лични проблеми во училиштето добиваат поддршка, при што се води сметка за приватноста, доверливоста и достоинството на ученикот.
61 responses




По потреба училиштето соработува и со установи кои им пружаат психолошки и здравствени услуги на учениците или со социјални центри.
61 responses




Училиштето плански го поттикнува развојот на личните и социјалните вештини на учениците при што се поттикнува самодовербата, свеста ...верувањето во сопственото знаење и вештини.
61 responses



Стручните соработници (педагог и психолог) даваат квалитетна поддршка на наставниците, учениците и нивните родители при разрешување...треба се консултираат и надворешни служби.

61 responses




Училиштето ги информира учениците за можните облици на образование и можности за вработување и ги усмерува кон идната професи...ува со локалната управа и со други училишта.

61 responses




## Прилог: Анкета за родители

Училиштето работи во согласност со законските одредби и усвоени начела за заштита на учениците од насилство, злоставување и злоуп...е безбедно во училиштето / училишниот двор.

213 responses




Учениците кои се среќаваат со лични проблеми во училиштето добиваат поддршка, при што се води сметка за приватноста, доверливоста и достоинството на ученикот.

213 responses



По потреба училиштето соработува и со установи кои им пружаат психолошки и здравствени услуги на учениците или со социјални центри.

211 responses




Училиштето плански го поттикнува развојот на личните и социјалните вештини на учениците при што се поттикнува самодовербата, свеста ... верувањето во сопственото знаење и вештини.

211 responses




Стручните соработници (педагог и психолог) даваат квалитетна поддршка на наставниците, учениците и нивните родители при разрешување...треба се консултираат и надворешни служби.

212 responses




Училиштето ги информира учениците за можните облици на образование и можности за вработување и ги усмерува кон идната професио...ва со локалната управа и со други училишта.

211 responses



Прилог: анкета за ученици

Училиштето работи во согласност со законските одредби и усвоени начела за заштита на учениците од насилство, злоставување и злоуп...е безбедно во училиштето / училишниот двор.
115 responses




Учениците кои се среќаваат со лични проблеми во училиштето добиваат поддршка, при што се води сметка за приватноста, доверливоста и достоинството на ученикот.
114 responses




По потреба училиштето соработува и со установи кои им пружаат психолошки и здравствени услуги на учениците или со социјални центри.
108 responses




Училиштето плански го поттикнува развојот на личните и социјалните вештини на учениците при што се поттикнува самодовербата, свеста ... верувањето во сопственото знаење и вештини.
113 responses



Стручните соработници (педагог и психолог) даваат квалитетна поддршка на наставниците, учениците и нивните родители при разрешувањ...отреба се консултираат и надворешни служби.

111 responses




Училиштето ги информира учениците за можните облици на образование и можности за вработување и ги усмерува кон идната професи...ува со локалната управа и со други училишта.

114 responses



**РЕЗУЛТАТИ ОД ЕВАЛУАЦИЈАТА НА ПОДРАЧЈЕТО**

# ***<u>УЧИЛИШНА КЛИМА</u>***

**Скопје, 2024**

| | | |
|---|---|---|
| **5.1** | **Училишна клима и односи во училиштето** | • **Углед на училиштето**<br>• **Кодекс на однесување**<br>• **Училишна клима**<br>• **Поведение и дисциплина во училиштето**<br>• **Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки**<br>• **Посветеност на наставникот кон училиштето и училишната работа**<br>• **Комуникација (внатрешна и надворешна, меѓу наставници, наставници со 173чебници, со родители, со раководни органи, со надворешни соработници)** |
| **5.2** | **Промовирање на постигањата** | • **Промовирање на личните постигања на учениците**<br>• **Промовирање на личните и професионални достигнувања на наставниците**<br>• **Промовирање на постигањата во име на училиштето** |
| **5.3** | **Еднаквост и правичност** | • **Познавање на правата на децата**<br>• **Еднаков и правичен третман на сите 173чебници**<br>• **Прифаќање и промовирање на мултикултуралзмот** |
| **5.4** | **Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** | • **Соработка на училиштето со родителите**<br>• **Соработка со локалната заедница**<br>• **Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор** |

Самоевалуација на училиштето: СЕПУГС “ Васил Антевски-Дрен “- Скопје

**Подрачје – УЧИЛИШНА КЛИМА**

| **5.1. Училишна клима и односи во училиштето** | | |
|---|---|---|
| 5.1.1 | Училишна клима и односи во училиштето | СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен“ е синоним за високи стандарди, посветеност и остварување на својата визија и мисија. Посветеноста на раководството, наставниот кадар и вработените во нивната работа и однесување придонесува за афирмација на училиштето како модел на успех.<br><br>Училиштето се издвојува по создавањето на позитивна клима, каде што доминираат здрави односи, добра комуникација и взаемна почит меѓу сите учесници во воспитно-образовниот процес. Се вложува посебен акцент на безбедноста и благосостојбата на учениците, додека нивното активно учество, заедно со родителите и локалната заедница, е силно поддржано и охрабрено.<br><br>Во оваа поттикнувачка средина, се развиваат когнитивниот и емоционалниот потенцијал на учениците, а демократијата и вредностите на взаемна соработка се темел на училиштето. Динамичната и творечка атмосфера овозможува учениците и наставниците да се чувствуваат инспирирани, мотивирани и горди што се дел од оваа заедница.<br><br>Позитивната училишна клима не е само предуслов, туку и обврска за сите вклучени – од најниско до највисок ниво. Оваа клима е клучен индикатор за успехот, создавајќи средина која ги поддржува секојдневните активности и ја гради иднината на учениците преку пријатна и плодна работна атмосфера. |
| 5.1.2. | Кодекс на однесување | Во СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен“ особено внимание се посветува на создавање дисциплинирана и продуктивна училишна средина преку воспоставување и почитување на Кодексот на однесување и облекување за наставниците и учениците. Овој кодекс ги поставува основните правила и стандарди за однесување, кои придонесуваат за позитивна атмосфера во текот на наставата и сите други училишни активности. Правилата и процедурите, јасно формулирани и визуелно достапни, се применуваат во |

| | | |
|---|---|---|
| | | секојдневната пракса, обезбедувајќи етика на добро однесување и почит кон сите учесници во воспитно-образовниот процес.<br><br>Во училиштето владее взаемно почитување помеѓу наставниците и учениците, со посебен акцент на поттикнување на меѓусебна толеранција, доверба и разбирање. Кодексот ја зајакнува деловната култура на однесување и е модел кој ги инспирира сите учесници – учениците, наставниците, како и администрацијата. Посебна грижа се посветува на учениците со посебни образовни потреби, преку создавање услови за нивна еднаквост и интеграција во наставата, во духот на почит и емпатија.<br><br>Наставниот кадар, со својата професионалност и посветеност, успешно ги имплементира сите насоки и препораки од Министерството за образование и наука. Успешното прилагодување на наставните програми и содржини гарантира дека секоја учебна година се реализира навремено, целосно и со висок квалитет. Наставниците се пример за етичко и професионално однесување, што дополнително го поттикнува критичкото размислување и слободата на изразување кај учениците.<br><br>Оваа синергија меѓу кодексот, наставните програми и културата на однесување создава основа за инспиративна и поддржувачка средина во која сите учесници можат да го дадат својот максимум. Училиштето се гордее со своите вредности и се стреми кон нивно унапредување како дел од својата мисија. |
| 5.1.3. | Училишна клима | Во СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен“, се негува и применува политика на взаемно почитување, инклузија и рамноправен третман за сите учесници во училишниот живот. Преку редовни состаноци и тим-билдинг обуки, училиштето активно работи на унапредување на професионалната комуникација и градење на здрава и поттикнувачка работна атмосфера. Наставниците ги споделуваат вредностите на професионално почитување и соработка, што претставува темел на позитивната училишна клима.<br><br>Добрата атмосфера се одржува и преку постојаното унапредување на условите за работа. Училиштето инвестира во уредување на работниот простор, модернизација на наставните кабинети, како и во одржување на високи стандарди за чистота и хигиена. Овие услови им овозможуваат на наставниците да се чувствуваат пријатно и мотивирано, додека учениците го доживуваат училиштето не само како место за учење, туку и како простор за другарување, развивање социјални вештини и подготовка за идните предизвици. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Согласно новата модуларна наставна програма, училиштето активно ја зајакнува соработката на сите организациски нивоа, со особен фокус на тимската работа во активите за развој и примена на нови модули. Дополнително, наставниците се вклучени во организирање феријална практика и учење преку работа кај работодавачи, што придонесува за поврзување на теоријата со практиката и за подобрување на квалитетот на образованието.<br><br>Позитивната клима во училиштето е дополнително зајакната со негуваниот дух на мултикултурализам. Учениците од различни етнички заедници во училиштето живеат и учат во средина на меѓусебно разбирање, почит и толеранција. Преку бројните еразмус проекти се промовираат вредности како што се разбирање на различностите, почитување на културите и јазиците, рушење на стереотипите и инклузија на ученици со посебни образовни потреби.<br><br>Овие иницијативи создаваат средина во која учениците учат да почитуваат, разбираат и соработуваат со сите, без разлика на етничка или културна припадност. Училиштето се гордее со фактот дека преку овие проекти и активности ги зајакнува вредностите на мултикултурализмот, толеранцијата и инклузијата, подготвувајќи ги учениците за светот како глобални граѓани.<br><br>Севкупно, СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен“ е пример за институција која успешно ја комбинира професионалноста, почитувањето на различностите и создавањето на пријатна и поттикнувачка средина за сите учесници во воспитно-образовниот процес. |
| 5.1.4. | Поведение и дисциплина во училиштето | Во СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен“ дисциплината и одговорното однесување на учениците се темел за успешен училишен живот, квалитетна настава и позитивна училишна клима. Училиштето се стреми да создаде средина каде што учениците не само што ги следат правилата, туку и развиваат внатрешна мотивација за одговорно однесување и активно учество во воспитно-образовниот процес.<br><br>Работната атмосфера за време на наставата и воннаставните активности е резултат на меѓусебната почит, доверба и соработка помеѓу учениците, наставниците и менаџментот. Учениците го доживуваат училиштето како место каде што се почитувани нивните идеи и индивидуалност, што дополнително ги мотивира да се однесуваат совесно и одговорно. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Безбедноста на сите учесници во училишниот живот е на највисоко ниво, обезбедена преку професионална служба за обезбедување, која се грижи за редот за време на наставата и одморите. Дополнително, училиштето воведе редовни дежурства од страна на наставниците, кои не само што го одржуваат редот, туку и промовираат присуство и ангажман на наставниците во секојдневниот училишен живот. Оваа практика е особено успешна во создавањето на чувство на сигурност и припадност кај учениците.<br><br>Учениците покажуваат високо ниво на соработка со наставниците и менаџментот, активно придонесувајќи кон одржување на позитивната клима. Во случаи кога поединечни ученици покажуваат нередовност во наставата или слаб успех, училиштето применува педагошки пристапи согласно Законот за средно образование. Овие мерки не се фокусираат само на санкции, туку и на поддршка – преку индивидуални разговори, дополнителни часови и работа со педагози, се настојува да се поттикне подобрување и напредок кај учениците.<br><br>Целокупниот пристап кон дисциплината и однесувањето е насочен кон развивање на одговорни и совесни личности, кои не само што ги почитуваат правилата, туку и активно придонесуваат кон позитивната училишна клима. Училиштето е посветено на создавање средина во која секој ученик се чувствува поддржан и охрабрен да го даде својот максимум. |
| 5.1.5. | Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки | Во СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен“ партиципацијата на учениците претставува значаен сегмент од училишниот живот, со цел активно вклучување во процесите на одлучување и решавање на тековните проблеми. Учениците се редовно, навремено и целосно информирани за сите активности и прашања што се од нивен непосреден интерес, како што се организирањето на екскурзии, научни посети и различни воннаставни активности. Покрај тоа, тие се консултирани и вклучени во планирањето и организацијата на овие настани, што придонесува за нивното поголемо ангажирање и чувство на припадност.<br><br>Преку реализацијата на проектот „Имплементација на Конвенцијата на правата на детето“, училиштето значително го унапреди учеството на учениците во различни аспекти од функционирањето на училиштето. Проектот поттикна развој на демократските принципи преку воведување транспарентен и отворен процес на избор на претседател на класните заедници. Со тоа, се зајакна улогата на ученичката заедница и се воведе моделот на дете-правобранител, што дополнително придонесе за подигнување на нивото на меѓусебно разбирање и решавање на предизвиците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Ученичката заедница има клучна улога во подобрување на релациите меѓу наставниците и учениците. Тие активно се вклучуваат во превенирање и надминување на проблемите кои можат да произлезат во секојдневниот училишен живот. Покрај тоа, заедницата е значајна за промоцијата на училиштето на локално и национално ниво, преку редовно информирање на јавноста за своите активности, хуманитарни акции и проекти преку училишната веб-страница и социјалните мрежи.<br><br>Активната улога на ученичката заедница се одразува и во нивното учество во тековните работни процеси, каде што тие предлагаат иницијативи за нови активности, работат на решавање на предизвиците и придонесуваат кон создавање на позитивна училишна клима. Ова ниво на партиципација ги охрабрува учениците да станат одговорни и свесни граѓани, спремни за справување со предизвиците на иднината. |
| **5.2. Промовирање на постигањата** | | |
| 5.2.1. | Промовирање на личните постигања на учениците | Во СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен“ наставниот кадар посветено и успешно организира средина за учење која ги инспирира учениците да постигнат високи цели. Со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигнувањата, редовноста и дисциплината, училиштето создава поттикнувачка атмосфера во која секој ученик се охрабрува да ги надмине своите граници и да стреми кон најдоброто.<br><br>Средината за учење ги мотивира учениците да бидат амбициозни, да ги истражуваат своите интереси и способности, и да ги изразуваат своите креативни потенцијали. Преку учество во смотри, натпревари, семинари, трибини, саеми, училишни секции и различни проекти, училиштето активно ги промовира личните постигнувања на учениците. Овие активности овозможуваат учениците да ги развијат своите таленти и да добијат признание за нивниот труд, што дополнително ја зајакнува нивната мотивација.<br><br>Наставниците ја препознаваат важноста на својата педагошка улога и со својот пример промовираат високи човечки вредности, како што се почитувањето, соработката и интегритетот. Тие се свесни дека нивното однесување е модел за учениците и со својата работа придонесуваат кон унапредување на училишната клима. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Како дел од нивната посветеност, наставниците постојано го следат успехот и напредокот на учениците, мотивирајќи ги да ги развиваат своите амбиции и таленти. Посебно внимание се посветува на учениците кои покажуваат континуиран одличен успех, преку препознавање и промоција на нивните достигнувања. Со ова, наставниците не само што ги охрабруваат учениците да продолжат да вложуваат труд, туку и создаваат позитивна училишна култура во која секој успех се вреднува и споделува. |
| 5.2.2. | Промовирање на постигањата во име на училиштето | Името на СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен“ претставува извор на гордост за сите наставници, ученици и вработени, благодарение на долгогодишниот успех и посветеност во образовниот и воннаставниот живот. Училиштето континуирано го задржува високиот рејтинг преку активно учество на натпревари и манифестации на локално, регионално и национално ниво, како и преку бројните награди и признанија кои ги освојуваат нашите 179чебници и наставници.<br><br>Особено сме горди на успесите во различни области како што се: лидерство во струката, ораторство, натпревари како МАССУМ, „Имам став“, развој на бизнис планови, најдобра ученичка компанија, спортски натпревари, активности на Црвениот крст, натпревари по англиски јазик, противпожарна заштита, како и учество на настани организирани од невладини организации. Овие достигнувања ја покажуваат посветеноста на учениците и наставниот кадар во различни аспекти на училишниот живот, додавајќи дополнителна вредност на имиџот на училиштето.<br><br>Во последниве години, нашето училиште посветено учествува во општествено корисни активности, како што се акции на солидарност и еколошки иницијативи за заштита на животната средина. Овие активности не само што придонесуваат за развој на емпатијата и одговорноста кај учениците, туку и го поставуваат училиштето како пример на општествено одговорна институција.<br><br>Постигнувањата на учениците и нивната посветеност се редовно промовираат преку училишната веб-страница, официјалната Facebook страница и страницата на ученичката заедница. Дополнително, училиштето организира изложби, приредби и други манифестации, со што се афирмираат трудот и успесите на учениците и наставниот кадар. Овие активности не само што ја |

| | | |
|---|---|---|
| | | зголемуваат видливоста на училиштето, туку и инспирираат идни генерации да се стремат кон извонредност.<br><br>Со секој успех, нашето училиште ја зацврстува својата позиција како лидер во образованието и ги инспирира учениците да продолжат да вложуваат труд и да се стремат кон постигнување на нови височини. |
| **5.3. Еднаквост и правичност** | | |
| 5.3.1. | Познавање на правата на децата | Во СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен“, почитувањето и практикувањето на правата на децата претставува основен принцип во образовниот процес. Сите вработени се запознаени со правата на учениците и се посветени на нивното почитување, поддршка и заштита во случај на нивно нарушување. Училиштето активно ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и да станат свесни и одговорни учесници во училишниот живот.<br><br>Преку проектот „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во образованието“, се зајакнува улогата на учениците во воспитно-образовниот процес, овозможувајќи им да бидат поангажирани и поинформирани за своите права. Класните раководители ги информираат учениците за кодексот на однесување и на овој начин, учениците се запознаени со своите права, но и со одговорностите кои ги имаат за време на спроведувањето на наставата.<br><br>Училиштето исто така се грижи за благосостојбата и безбедноста на учениците, поттикнувајќи ги преку отворени разговори да пријавуваат случаи на булинг и физичко насилство. Во оваа мисија активна улога игра и ученичката заедница, која со своите иницијативи и активности придонесува за промоција на меѓусебно почитување и подигање на свеста за заштита на личната и дигиталната приватност.<br><br>Проектите кои се спроведуваат во училиштето, како што се оние за заштита на личните податоци и спречување на злоупотребата на социјалните мрежи, имаат клучна улога во едукацијата на учениците за тоа како да се заштитат од онлајн злоупотреби. Теми како препознавање на личните податоци, нивното правилно користење, спречување на родово засновано насилство и други форми на дигитална злоупотреба се дел од едукативните програми, |

| | | |
|---|---|---|
| | | овозможувајќи учениците да стекнат знаења и вештини за справување со современите предизвици.<br><br>На овој начин, училиштето се стреми да создаде безбедна, поттикнувачка и инклузивна средина во која правата на учениците се почитуваат, а нивниот глас е слушнат и вреднуван. |
| 5.3.2. | Еднаков и правичен третман на сите ученици | СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен“ се посветува на промовирање и практикување на еднаквост и правичност како основни вредности во секојдневниот училишен живот. Училиштето се грижи сите ученици да добијат еднаков третман преку брзо и навремено реагирање на какви било проблеми, овозможувајќи поддршка и инклузија за секој ученик, без разлика на нивните лични или социјални околности.<br><br>Како дел од оваа мисија, училиштето организира хуманитарни акции за поддршка на послабо ситуираните ученици, како собирање облека и парични средства, како и новогодишни активности, во кои учениците создаваат и продаваат честитки и рачни изработки. Овие активности не само што промовираат солидарност и емпатија, туку и ја зајакнуваат поврзаноста во училишната заедница.<br><br>Наставниците применуваат еднаков пристап кон сите ученици, кој се манифестира преку јавно оценување, инклузија на ученици со посебни образовни потреби, отворени дискусии на час и транспарентност за време на наставничките совети. Стручната педагошко-психолошка служба активно соработува со учениците и наставниците, обезбедувајќи поддршка и консултации со цел промовирање на добросостојба и училишна хармонија.<br><br>Во училиштето сите вработени, независно од нивната позиција, покажуваат подеднаков однос кон учениците, без оглед на нивниот пол, етничка припадност, социјално потекло или способности. Оваа посветеност на еднаквоста се применува како во наставните активности, така и во воннаставните ангажмани, создавајќи инклузивна средина каде секој ученик може да се чувствува вреднуван и почитуван.<br><br>Училиштето ги вградува принципите на еднаквост и правичност во сите свои официјални документи и политики. Развиени се механизми кои обезбедуваат |

| | | |
|---|---|---|
| | | нивно почитување и промоција во односите помеѓу сите учесници во училишниот живот – вработените, менаџментот, наставниците, учениците и родителите. Ова создава силна основа за позитивна и поддржувачка училишна клима, каде што сите се охрабрени да ги постигнат своите цели и да придонесат кон заедничкиот успех. |
| 5.3.3. | Прифаќање и прмовирање на мултикултурализмот | СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен“ активно ја промовира и вреднува етничката, културната и верската разноликост, ставајќи акцент на важноста од меѓусебното разбирање, почитување и соработка. Училиштето гради средина во која различностите се прифаќаат како предност, а мултикултурализмот се смета за клучен фактор за развој на толеранција и взаемно почитување.<br><br>Преку учество во бројни домашни и меѓународни проекти, како и на мобилности од еразмус проектите, училиштето постојано ја разработува оваа проблематика, со цел учениците да ги почитуваат не само својата култура и традиции, туку и културите на другите. Овие проекти ги опфаќаат темите за рушење на стереотипите, разбирање на различностите и подигање на свеста за значењето на инклузивноста во современото општество.<br><br>Во училиштето функционира дебатен клуб, кој преку организирање дебати и работилници активно работи на развивање на критичкото размислување кај учениците и подигнување на свеста за значењето на мултикултурализмот. Дебатите претставуваат платформа за слободно изразување на ставови и размислувања, поттикнувајќи дијалог и отворена комуникација меѓу учениците од различни културни и етнички позадини.<br><br>Овие теми се инкорпорирани и во наставните програми, каде што наставниците ги охрабруваат учениците да ги истражуваат различните аспекти на културата, историјата и обичаите на другите заедници. За време на класните и други наставни часови, се обработуваат содржини кои ја промовираат вредноста на толеранцијата, солидарноста и меѓусебното почитување.<br><br>Со овој пристап, училиштето создава поддржувачка средина во која учениците не само што учат за важноста на мултикултурализмот, туку и активно го применуваат во нивниот секојдневен живот. Ова ја зајакнува нивната свест |

| | | |
|---|---|---|
| | | како глобални граѓани и ги подготвува за успешно справување со предизвиците на мултикултурното општество. |
| **5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** | | |
| 5.4.1. | Соработка на училиштето со родителите | СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен“ гради цврста и отворена соработка со родителите, препознавајќи ја нивната клучна улога во воспитно-образовниот процес на нивните деца. Современиот наставен пристап овозможува активно вклучување на родителите во сите аспекти од училишниот живот, поттикнувајќи партнерство засновано на доверба и заеднички цели.<br><br>Родителите имаат пристап до сите информации за напредокот, дисциплината, однесувањето и училишните активности на своите деца. Ова се постигнува преку индивидуални средби со наставниците, родителски состаноци, разговори со стручната педагошко-психолошка служба и менаџментот на училиштето. Советот на родители и училишниот одбор, како значајни партнери на училиштето, учествуваат во донесување одлуки и организирање активности, дополнително зајакнувајќи ја соработката меѓу сите учесници во воспитно-образовниот процес.<br><br>Информациите за целиот спектар на активности и работата на училиштето – како што се наставните цели, организацијата, идните планови и постигнувањата на учениците – се јасно и систематично организирани, правејќи ги лесно достапни за родителите. Преку редовни ажурирања на училишната веб-страница, родителите се информираат за сите новини, активности и реформи кои ги спроведува училиштето.<br><br>Овој пристап обезбедува родителите да бидат активно вклучени во животот на училиштето, создавајќи заедничка поддржувачка средина која ја поттикнува успешноста и напредокот на учениците. Со ова партнерство, училиштето ја зајакнува својата мисија за обезбедување квалитетно образование и позитивен училишен амбиент. |
| 5.4.2. | Соработка со локалната заедница | СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен“ е активно вклучено во животот на локалната заедница, градејќи цврсти партнерства со правни и физички лица од заедницата. Преку спроведување на заеднички проекти и организирање настани од интерес за заедницата, училиштето покажува иницијатива и ја зајакнува улогата како двигател на позитивни промени. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Еден од најзначајните примери за оваа соработка е високото учество на учениците во крводарителските акции, што сведочи за нивната општествена одговорност и хуманост. Покрај тоа, училиштето активно соработува со стручни институции, судови, банки и други субјекти, градејќи мостови на соработка кои го збогатуваат образовниот процес и ги подготвуваат учениците за реалниот свет.<br><br>Воведувањето на задолжителната феријална практика и предметот „Учење преку работа кај работодавач“, согласно новите модуларни наставни програми, дополнително ја продлабочува соработката со локалната заедница. Локалните компании и институции се клучни партнери во обезбедување реални услови за учење, овозможувајќи на учениците практично да ги применат своите знаења и вештини.<br><br>Искуството стекнато преку оваа соработка покажува дека партнерството со локалната заедница има огромен потенцијал за понатамошно проширување и унапредување. Училиштето останува посветено на зајакнување на оваа соработка преку иницирање на нови проекти и активности кои ќе бидат од заеднички интерес, со цел да се обезбеди квалитетно образование, личен и професионален развој на учениците и позитивен придонес кон заедницата. |
| 5.4.3. | Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор | СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен“ активно гради и одржува плодна соработка со државни институции, агенции, деловната заедница и невладиниот сектор. Овие партнерства овозможуваат дополнително збогатување на образовниот процес, отворајќи нови можности за развој и усовршување на учениците.<br><br>Посебно место зазема соработката со невладините организации како МОСТ, Младински образовен форум (МОФ) и GO GREEN, кои редовно организираат семинари, работилници и обуки на теми соодветни на нивната област на делување. Овие активности обезбедуваат на учениците и наставниците нови перспективи, знаења и вештини кои се од витално значење за современото образование.<br><br>Покрај тоа, училиштето организира гостувања на професионалци од различни области на правната и економската професија. Преку овие интерактивни сесии, учениците имаат можност да дознаат повеќе за одредени професии, условите за образование и професионално усовршување, како и да слушнат инспиративни лични искуства од експертите. Овие настани ја поттикнуваат свеста кај учениците за нивниот професионален развој и им помагаат во изборот на кариера. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во однос на деловната заедница, училиштето воспоставува блиски односи со компании и бизнис сектори кои се клучни партнери за реализација на практичната настава. Воведувањето на задолжителната феријална практика и наставниот предмет „Учење преку работа кај работодавач“, согласно новите модуларни програми на МОН и ЦСР, ја потенцира потребата од продлабочување на оваа соработка. Бизнис партнерите играат суштинска улога во обезбедувањето реални услови за учење, кои го поврзуваат теоретското знаење со практичната примена.<br><br>Досегашното искуство со овие партнери ја нагласува важноста на натамошното проширување на соработката. Училиштето останува посветено на градење нови партнерства и унапредување на постојните, со цел да обезбеди на своите ученици образование кое ги подготвува за реалните предизвици на пазарот на трудот и современото општество. |

**Самоевалуација на училиштето: СЕПУГС ”Васил Антевски-Дрен” – Скопје**

**Подрачје: Училишна клима**

| Резултати |
|---|
| <u>**Клучни јаки страни**</u><br><br>➢ **Висока посветеност на наставниците**: Наставниците се многу посветени на својата работа и активно ги промовираат училишните вредности, активно се вклучени во обуки кои се дел од нивниот личен и професионален развој, со цел развој на нови вештини и компетенции што создава стабилна и мотивирачка средина за учениците.<br>➢ **Почитување на кодексот на однесување**: Наставниците се придржуваат кон кодексот на однесување и Статутот на училиштето, што придонесува за дисциплина и позитивна работна атмосфера.<br>➢ **Добра репутација**: Училиштето ужива 186чебн углед меѓу сите групи – наставници, родители и 186чебници  кој е дел од неговата визија и мисија – што е важно за одржување на довербата во заедницата.<br>➢ **Еднаквост и правичност**: Сите 186чебници се третираат еднакво, без разлика на нивната етничка и културната припадност и постои родовата застапеност при што не постои селективен пристап кога се дел од училишните активности, што создава фер и инклузивна училишна клима.<br>➢ **Безбедна и позитивна клима за учениците**: Учениците се чувствуваат безбедно и имаат добро мислење за училиштето. Однесувањето и поведението на учениците е на завидно ниво, што создава позитивна атмосфера за учење и развој.<br>➢ **Добра соработка, информираност и комуникација**: Постои добра соработка, информираност и комуникација меѓу сите нивоа и групи во училиштето вклучувајќи ги локалната и бизнис заедница што помага во одржување на хармонична училишна средина.<br>➢ **Промоција на достигнувања**: Училиштето успешно ги промовира личните и професионални достигнувања на наставниците и учениците, што ги поттикнува и мотивира сите да се стремат кон успех. |
| <u>**Слабости**</u><br><br>➢ **Недостасува продлабочена комуникација и соработка на сите нивоа во училиштето**: Наставниците чувствуваат дека комуникацијата, соработката и меѓучовечките односи може да се продлабочи за да се подобри наставниот процес и ефикасноста.<br>➢ **Ограничено учество во донесување одлуки**: Наставниците сметаат дека не се секогаш вклучени во процесот на донесување одлуки, што може да ги демотивира и да ги намали нивните напори за подобрување на училиштето. |

- **Ограничена вклученост на родителите**: Иако родителите ја оценуваат соработката со училиштето како многу добра, сепак сметаат дека нивната вклученост во училишниот живот не е доволна, што може да се подобри преку повеќе иницијативи и активности.
- **Малку прифатени идеи на учениците**: Учениците сметаат дека нивните предлози не се секогаш земаат предвид, што може да создаде чувство на занемареност ги намали нивните ангажмани.

**Идни активности**:

**Идни приоритетни активности за подобрување на состојбата и создавање здрава и безбедна училишна клима**

Врз основа на силните и слабите страни на училиштето, како и претходно анализираните области, се предлагаат следните приоритетни активности:

1. **Унапредување на комуникацијата и соработката на сите нивоа**

- Организирање редовни состаноци меѓу наставниците, учениците и родителите за подобрување на внатрешната комуникација.
- Воведување интерактивни форуми и платформи за дискусија каде сите учесници во училиштето ќе можат да споделуваат мислења, предлози и идеи.
- Јасно дефинирање на улогите и одговорностите за подобрување на координацијата меѓу наставниците, стручната служба и менаџментот.

2. **Продлабочување на соработката со локалната заедница и бизнис секторот**

- Интензивирање на партнерствата со локалните компании, институции и невладини организации за обезбедување практична настава, феријална пракса и реални услови за учење.
- Организирање на настани од заеднички интерес, како што се форуми, семинари и заеднички проекти кои ќе ја зајакнат врската меѓу училиштето и заедницата.

3. **Промоција на културната разноликост и мултикултурализмот**

- Организирање интеркултурни недели, дебати и настани кои ќе ја подигнат свеста за значењето на толеранцијата, почитувањето на различностите и мултикултурализмот.
- Вклучување на повеќе теми од областа на интеркултурализмот во наставните содржини и проектите.

4. **Поттикнување на професионалниот развој на наставниците**

- Организирање редовни обуки за наставниците за усовршување на современи наставни методи и техники за поефективно работење со учениците.

- Поттикнување на наставниците да учествуваат во меѓународни програми за размена и обука, со цел стекнување нови искуства и знаења.

5. **Промоција на личните и колективните достигнувања**

- Редовно објавување на успесите на учениците и наставниците на веб-страницата на училиштето и на социјалните мрежи.
- Организирање изложби, приредби и настани за афирмација на трудот и достигнувањата на учениците и наставниците.

Со спроведување на овие активности, училиштето ќе продолжи да гради позитивна, инклузивна и безбедна училишна клима, обезбедувајќи простор за личен и професионален развој на сите учесници во воспитно-образовниот процес.

## Прилог: анкета за наставници

Како ја оценувате училишната клима во однос на комуникацијата меѓу наставниците и раководството?

66 responses




Дали сметате дека учениците имаат можност да учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во училиштето?

65 responses




Колку често промовирате лични и професионални достигнувања во училиштето?

66 responses




Дали сметате дека сите ученици се третираат еднакво и правично, без разлика на нивната етничка припадност или културно потекло?

66 responses



Колку сте посветени на училишната работа и на промоцијата на училишните вредности?

66 responses




Дали училиштето го почитува кодексот на однесување и како тоа влијае врз вашата работа?

66 responses




Прилог: анкета за родители

Како ја оценувате климата во училиштето од аспект на комуникација со наставниците и раководството?

233 responses




Дали училиштето го промовира партнерскиот однос со вас како родител?

235 responses



Дали сте задоволни од еднаквиот третман на сите ученици во училиштето?

233 responses




Дали училиштето ги промовира достигнувањата на учениците и како тоа влијае врз развојот на вашето дете?

233 responses




Колку често училиштето Ве вклучува во активности или проекти поврзани со училишниот живот?

230 responses




Дали сметате дека училиштето има добар углед и позитивна училишна клима?

234 responses



# Прилог: анкета за ученици

Како ја оценувате климата во вашето училиште во однос на односите меѓу учениците и наставниците?

131 responses




Дали чувствувате дека вашите мислења и предлози се земаат предвид при донесување на одлуки во училиштето?

131 responses




Колку често се промовираат личните достигнувања на учениците на училишни настани?

130 responses




Во твоето училиште се применува ПРИНЦИПОТ НА ПРАВИЧНОСТ И ЕДНАКВОСТ за сите ученици (машки, женски, ученици со посебно о...текло).-промовирање на мултикултурализмот?

129 responses



Дали се чувствувате безбедно и прифатено во училиштето?

130 responses




Колку често учествувате во активности и проекти кои го подобруваат угледот на училиштето?

129 responses



**РЕЗУЛТАТИ ОД ЕВАЛУАЦИЈАТА НА ПОДРАЧЈЕТО**

# ***<u>РЕСУРСИ</u>***

**Скопје, 2024**

| | | |
|---|---|---|
| **6.1** | **Сместување и просторни капацитети** | **6.1.1. Просторни услови**<br>**6.1.2. Искористеност на просторните капацитети** |
| **6.2** | **Наставни средства и материјали** | **6.2.1. Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**<br>**6.2.2. Училишна библиотека**<br>**6.2.3. Потрошен материјал** |
| **6.3** | **Обезбедување на потребниот наставен кадар** | **6.3.1. Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**<br>**6.3.2. Ефективност и распоредување на кадарот**<br>**6.3.3. Стручна служба како поддршка на наставниот кадар** |
| **6.4** | **Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | **6.4.1. Професионален развој на наставниците** |
| **6.5** | **Финансиско работење во училиштето** | **6.5.1. Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиското работење**<br>**6.5.2. Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет** |

**Подрачје – РЕСУРСИ**

| **6.1** | **Сместување и просторни капацитети** | |
|---|---|---|
| 6.1.1 | Просторни услови | Училиштето располага со соодветни училници кои овозможуваат успешно изведување на наставата. Овие простории се максимално искористени од страна на учениците и наставниците. Наставниот процес се одвива во две смени: првата и втората година опфаќаат вкупно 732 ученици, додека третата и четвртата година бројат 660 ученици. Со тоа, вкупниот број ученици во училиштето изнесува 1392, а наставниот кадар се состои од 103 наставници.<br><br>Поради големиот обем на работа и бројноста на учениците и наставниците, постои итна потреба од доградба на дополнителни простории. Овие нови простори би се адаптирале за спроведување на дополнителна настава, како и за организирање на вонучилишни активности, со што би се подобрила ефикасноста и квалитетот на воспитно-образовниот процес. |
| 6.1.2 | Искористеност на просторните капацитети | Училиштето функционира според јасно дефиниран план и распоред, со максимално искористување на достапните ресурси за успешно реализирање на наставата и вонналставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. За подобрување на воспитно-образовниот процес, би било корисно да се преуреди дел од просторот, доколку е можно, со цел да се обезбедат дополнителни училници.<br>Во студените училници е неопходно поставување на климатизација за создавање подобри услови за работа. Дополнително, спортските терени за фудбал и кошарка треба да се осветлат и покријат на соодветен начин. На кошаркарскиот терен веќе е извршено санирање, но препорачливо е дополнително покривање, на пример со плексиглас или балон. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Библиотеката е богата со лектири, белетристика, стручна литература и учебници кои активно се користат во наставата, но потребно е нејзино дополнување со современи аудиовизуелни помагала и најнови стручни изданија за понатамошно подобрување на квалитетот на наставата. Училишниот двор е убаво хортикултурно уреден, но за поголема удобност и функционалност, се препорачува поставување на дополнителни клупи и корпи за отпадоци покрај веќе постоечките. Со овие подобрувања, училиштето би можело да ги задоволи и надмине очекувањата на учениците и наставниците. |
| | Извори на податоци | Годишна програма за работа, непосреден увид, прашалник со ученици и интервјуа со наставници како и интервјуа со родители.<br>Од Анкета - прашалник од учениците утврдено е дека училниците се адекватни за изведување на настава, а дел од нив се делумно адекватни за изведување на настава.<br>Од Анкета - прашалник од учениците утврдено е: приоритетот за реконструкција се таблите во училниците со нови бели табли, воведување на електронски табли и климатизација на училниците.<br>**Од анкетата -** прашалник од наставниците утврдено е дека наставните средства делумно ги задоволуваат потребите за реализација на наставата. Според наставниците приоритети за реконструкција се: заедничките простории, климатизација на училниците, замена на таблите во училниците со бели табли, воведување на повеќе електронски табли. |
| **6.2.** | **Наставни средства и материјали** | |
| 6.2.1 | Опременост со стручна литература и | Училиштето располага со стручна литература и наставни средства кои одговараат на современите наставни текови, овозможувајќи им на наставниците и учениците пристап до неопходните ресурси за учење и изведување на наставата. Систематски се утврдуваат |

| | | |
|---|---|---|
| | наставни средства и помагала | потребите за наставни средства и помагала, нивното следење, одржување и редовна набавка, со цел да се обезбеди континуирана поддршка за воспитно-образовниот процес.<br><br>Иако постоечките наставни средства и материјали се во согласност со стручната литература и наставните програми, тие не се целосно прилагодени за потребите на реформираното стручно образование (модуларна програма). Овој тип на образование бара употреба на напредни аудиовизуелни помагала, електронски табли и CD материјали со вградени програми.<br><br>Училиштето има потреба од специјализирани кабинети и работилници кои ќе бидат опремени со компјутери со соодветен софтвер, покривајќи ги сите стручни предмети и општообразовните дисциплини од трите профили. Овие ресурси се неопходни за развој и унапредување на струките кои се дел од нашиот курикулум, со што ќе се обезбеди квалитетно и практично образование кое ги следи најновите образовни стандарди. |
| 6.2.2 | Училишна библиотека | Училишната библиотека располага со богат фонд на книги, со повеќе од пет наслови по ученик, вклучувајќи ги и задолжителните лектири. Библиотечната евиденција се води прописно, што овозможува уредна организација и лесен пристап до материјалите. Библиотеката е добро уредена и достапна за користење од страна на учениците според однапред објавен распоред за работно време.<br>Фондот на библиотеката се состои од книги кои припаѓаат на училиштето, како и наслови доделени од Министерството за образование и наука.<br>Целокупниот фонд на библиотеката ги задоволува основните потреби на учениците и наставниците, но за дополнителна стручна литература училиштето врши набавка надвор од сопствениот фонд. Прегледот на достапните книги и материјали е уредно евидентиран во инвентарната книга на библиотеката, овозможувајќи прецизна контрола и транспарентност. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Учебници за прва година<br>• *МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА*<br>• АНГЛИСКИ ЈАЗИК – 130<br>• ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК –40<br>• ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК – 185<br>• МАТЕМАТИКА – 62<br>• ИНФОРМАТИКА - 25<br>• ИСТОРИЈА – 38<br>• ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ - 25<br>• ПРЕТПРИЕМНИШТВО И БИЗНИС - 13<br>• ДЕЛОВНА КОМУНИКАЦИЈА<br>• ЕКОНОМСКА ГЕОГРАФИЈА<br>• ПРАВО И ДРЖАВНО УРЕДУВАЊЕ - 5<br>• СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ<br>• ЛИКОВНА УМЕТНОСТ<br>• МУЗИЧКА КУЛТУРА<br>• КОНСТИТУЦИОНО УРЕДУВАЊЕ - 170<br><br>Учебници за втора година<br>• *МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА – 73*<br>• АНГЛИСКИ ЈАЗИК – 171<br>• ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК – 61<br>• ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК –<br>• МАТЕМАТИКА – 175 |

| | | |
|---|---|---|
| | | • ИСТОРИЈА – 30<br>• ИНФОРМАТИКА - 20<br>• ПРЕТПРИЕМНИШТВО И БИЗНИС - 78<br>• АДМИНИСТРАТИВНО КАНЦЕЛАРИСКИ РАБОТИ - 20<br>• СТВАРНО ПРАВО<br>• ПРАВО И ДРЖАВНО УРЕДУВАЊЕ<br>• СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ<br>• АДМИНИСТРАТИВНО ПРАВО<br>• ОСНОВИ НА СМЕТКОВОДСТВО – 20<br>• ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ – 67<br>• КАНЦЕЛАРИСКО РАБОТЕЊЕ – 20<br>• ОСНОВИ НА ЈАВНО ПРАВО – 190<br>• СТАТИСТИКА<br>• ВНАТРЕШНА ТРГОВИЈА<br>Учебници за трета година<br>• АНГЛИСКИ - 117<br>• ФРАНЦУСКИ<br>• ГЕРМАНСКИ - 2<br>• ЕКОНОМСКА ГЕОГРАФИЈА – 8<br>• МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК – 124 |

| | | |
|---|---|---|
| | | • ЕКОНОМИЈА<br>• МАТЕМАТИКА ЗА ЕКОНОМИСТИ – 62<br>• ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ (ИЗБОРНА )<br>• СТАТИСТИКА - 18<br>• СМЕТКОВОДСТВО – 13<br>• МАТЕМАТИКА (ИЗБОРНА) – 63<br>• ОСНОВИ НА ЈАВНО ПРАВО – 60<br>• БИЗНИС - 57<br>• ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ - 52<br>• АНГЛИСКИ ЈАЗИК (ИЗБОРНА) - 40<br>• КАНЦЕЛАРИСКО РАБОТЕЊЕ - 65<br>• ОСНОВИ НА ПРИВАТНО ПРАВО - 21<br>• ДЕЛОВНА ПСИХОЛОГИЈА<br>• ПРАКТИЧНА НАСТАВА<br>Учебници за четврта година<br>• АНГЛИСКИ ЈАЗИК - 56<br>• МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК –<br>• ФРАНЦУСКИ - 64 |

| | | |
|---|---|---|
| | | • ГЕРМАНСКИ<br>• МАТЕМАТИКА – 46<br>• БИЗНИС<br>• КАНЦЕЛАРИСКО РАБОТЕЊЕ<br>• ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ<br>• ЕКОНОМИЈА – 57<br>• ЕКОНОМИЈА ИЗБОРНА - 70<br>• ЃРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ<br>• МАРКЕТИНГ<br>• ОРГАНИЗАЦИЈА – 304<br>• АНГЛИСКИ ЈАЗИК (ИЗБОРНА) – 40<br>• ОСНОВИ НА ПРИВАТНО ПРАВО – 3<br>• МЕНАЏМЕНТ – 37<br>• ОСНОВИ НА ЈАВНО ПРАВО – 20<br>• МАТЕМАТИКА (ИЗБОРНА) – 14<br>• ОСНОВИ НА ПРАВО (ИЗБОРНА) – 10<br>• ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ(ИЗБОРНА)<br>• АНГЛИСКИ ИЗБОРНА - 40 |

| | | |
|---|---|---|
| | | • БИЗНИС ИЗБОРНА<br>• МАРКЕТИНГ<br>• ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ И ОРГАНЗАЦИЈА<br>• СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ<br>• ОСНОВИ НА ПРИВАТНО ПРАВО - 3 |
| 6.2.3 | Потрошен материјал | Училиштето редовно набавува канцелариски материјали, како што се хартија, креди, фломастери и тонери за печатење, како и опрема за спорт (топки за кошарка, одбојка и фудбал). Покрај тоа, се обезбедуваат и материјали за поправка и одржување на училишните простории, средства за поправка на опремата и потребни средства за хигиена, согласно тековните потреби. Сепак, потребите често ги надминуваат можностите за набавка.<br>На почетокот на годината училиштето изготвува план за набавки, кој ги опфаќа сите планирани средства. Во случај да се појават дополнителни или непредвидени потреби во текот на годината, средствата се пренаменуваат за да се обезбедат приоритетните материјали и опрема. Овој пристап овозможува флексибилност во управувањето со ресурсите, но истовремено укажува на потребата од поголема поддршка за задоволување на сите барања на училиштето. |
| | Извори на податоци | Непосреден увид во документацијата на училиштето за набавување на стручна литература и наставни помагала.<br>Анкета - прашалник со наставниците и на истиот е утврдено дека приоритет пред се има набавка на аудио визуелни средства, бели табли, електронски табли и дел од стручна литература и белетристика.<br>Анкета - прашалник со учениците и според анкетата е утврдено дека треба да се даде приоритет на опремување на библиотеката со стручна литература и белетристика. |

| **6.3** | **Обезбедување на потребниот наставен кадар** | |
|---|---|---|
| 6.3.1 | Број на вработени и соодветност на наставниот кадар | Училиштето располага со доволен број наставници за успешно реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниот кадар е целосно усогласен со нормативите, квалификуван и оспособен да ги исполнува одговорностите во наставата, задоволувајќи ги потребите на учениците и училиштето.<br><br>Целиот персонал е редовно присутен на работа, а отсуствата, доколку ги има, секогаш се со оправдан карактер. Правата на вработените се регулирани согласно Законот за работни односи. Евиденцијата за редовноста на наставниците ја водат сменоводителите, додека за техничкиот персонал евиденцијата е под надлежност на секретарот на училиштето.<br><br>Иако персоналот е млад и динамичен, со доволно знаење и искуство за обезбедување на квалитетна настава, постои потреба од зголемување на бројот на техничкиот персонал. Ова е неопходно за подобрување на хигиенските услови во училиштето и за поддршка на тековното функционирање на училиштето.<br><br>Список на вработените по години - возраст:<br>Од 25 до 29 години - 5 вработени<br>Од 30 до 34 година - 3 вработени<br>Од 35 до 39 година - 13 вработени<br>Од 40 до 44 години - 16 вработени<br>Од 45 до 49 години - 17 вработени |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од 50 до 54 години - 23 вработени<br>Од 55 до 59 години - 20 вработени<br>Од 60 до 64 години - 6 вработени<br>Вкупно : 103 вработени<br><br>Список на вработени по работен стаж<br><br>• Од 1 до 10 години – 10 вработени.<br>• Од 11 до 20 години – 34 вработени.<br>• Од 21+ – 44 вработени.<br><br>Во училиштето имаме кадар со повисоки квалификации и стручност, односно магистри. Во училиштето немаме изработено стратегија за ангажирање на нов кадар со повисоки квалификации и стручност од причина што Законот за средно образование за наставен кадар предвидува само високо образование. |
| 6.3.2 | Ефективност и распоредување на кадарот | Наставниците активно придонесуваат кон ефикасното функционирање на училиштето, работејќи тимски во рамките на нивните стручни активи. Распоредувањето на наставниците се базира на нивните квалитети, искуство и експертиза, што овозможува оптимално искористување на нивниот потенцијал и придонесува за постигнување на целите на наставниот процес.<br><br>Во случаи на отсуство на наставен кадар, без разлика дали е краткотрајно или долготрајно, училиштето располага со воспоставени механизми за брза и соодветна замена. Овој пристап гарантира непречено одвивање на наставата и одржување на висок квалитет во образовниот процес. |

| | | |
|---|---|---|
| 6.3.3 | Стручна служба како поддршка на наставниот кадар | Стручната служба игра значајна улога во организацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците и обезбедувањето на соодветна поддршка за нив. Согласно својата програма, стручната служба спроведува активности насочени кон работа со учениците и наставниците, секогаш останувајќи отворена за соработка и поддршка.<br><br>Покрај индивидуалните средби, службата организира и групни состаноци за советување на родителите, со што придонесува за подобра комуникација и зајакнување на односите меѓу учениците, родителите и наставниците. Оваа сеопфатна поддршка помага во создавање позитивна и продуктивна средина во училиштето. |
| | Извори на податоци | Извори за наведените податоци се добиени со увид во персоналните досиеа на вработените. Утврдено е дека училиштето нема стратегија за ангажирање на персоналот со повисоки квалификации  и стручност во обезбедување помош и поддршка на колегите. |
| **6.4** | **Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | |
| **6.4.1** | Професионален развој на наставниците | Училиштето посветува значително внимание на професионалниот развој на наставниците, со имплементирани стратегии и програма за постојано унапредување на нивните компетенции. Во согласност со законската регулатива, развиени се внатрешни механизми за мотивирање и оддавање признанија на наставниците кои воведуваат иновации и унапредувања во работата.<br>Процесот на оценување на работењето се спроведува интерно, преку посета на часови од страна на директорот, педагогот, психологот и советниците, како и преку редовен увид во електронските дневници и работењето на стручните активи. Дополнително, се применува самоевалуација од страна на стручните служби, која вклучува посета на часови и добивање повратни информации од учениците. Анкетите покажуваат дека постои потреба за понатамошен професионален развој и стручно оспособување на наставниците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Наставниците-приправници се под постојан надзор на назначен ментор, кој е определен од директорот, и активно соработуваат со стручните соработници, педагогот и психологот. Во годишната програма е предвидено наставниците кои сакаат да ги усовршат своите стручни вештини да имаат можност за присуство на семинари и консултативни состаноци организирани од одговорните советници.<br>Училиштето остварува добра соработка со Бирото за развој на образованието, а воедно е утврдено дека е потребно организирање интерни обуки за наставниците, со цел дополнително да се унапреди наставниот процес и да се одговорат современите образовни предизвици. |
| | Извори на податоци | Горенаведените податоци се добиени по разговор со стручната служба и директорот. Други извори на податоци беа Програма за работа на менторите и на нововработените во текот на учебната година. |
| **6.5** | **Финансиско работење во училиштето** | |
| 6.5.1 | Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиското работење | Финансиското работење на училиштето е добро организирано, спроведено и контролирано, со целосна усогласеност со важечките прописи. Се изработуваат годишни, квартални и месечни финансиски планови за управување со жиро-сметките на училиштето.<br>Овие финансиски планови се доставуваат до Град Скопје, конкретно до секторот за образование и секторот за финансии, каде што се разгледуваат и одобруваат. По добивањето на одобрување, годишните планови се усвојуваат од страна на Училишниот одбор на училиштето.<br>Средствата на сопствената жиро-сметка на училиштето главно се обезбедуваат од активности како што се издавање дупликати на документи, упис на вонредни ученици и организација на испити. Оваа финансиска структура овозможува стабилно функционирање и поддршка на наставниот процес и другите активности на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| 6.5.2 | Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет | Училиштето ги информира сите релевантни органи и тела за училишниот буџет и трошењето на средствата. Членовите на Училишниот одбор, како орган за управување, редовно се информирани за училишниот буџет и трошоците.<br>Информациите за буџетот и трошоците им се достапни на наставниците при усвојување на завршната сметка, како и на родителите преку членови на Училишниот одбор и Советот на родителите. Дополнително, информираност има и за претставниците на Министерството за образование и наука, како и за Локалната самоуправа, преку нивните претставници во Училишниот одбор и податоците што ги доставуваме со завршната сметка. Овој процес обезбедува транспарентност и одговорност во управувањето со финансиските средства на училиштето. |
| | Извори на податоци | Преглед на финансовиот план , Годишната програма за работа , разговор со директорот , и членовите на училишниот одбор, склучени договори , понуди и слично. |

**Самоевалуација на училиштето: СЕПУГС"Васил Антевски-Дрен"-Скопје**

**Подрачје Ресурси**

| **Резултати:** |
|---|
| **Клучни - јаки страни**<br><br>• Оспособен и комплетен наставен кадар;<br>• Соработката со учениците и нивните родители или старатели се темели на отвореност, објективност, демократичност, добронамерност |
| **Слаби страни**<br><br>• Недостаток на простор за додатна, дополнителна настава и други училишни и вонучилишни активности;<br>• Потреба од осовременување на училниците, преку замена на дотраените зелени табли, нивна климатизација, замена на вратите на училниците и опремување со осврмени аудио-визуелни средства<br>• Потреба од реконструкција на училишната библиотека;<br>• Недостиг на технички персонал за подобрување на хигиенските услови во училиштето. |
| **Идни активности:**<br><br>• Обезбедување на бели табли, електронски табли, скенери, принтери и проектори за наставниците, за изведување на современа настава и едукација на наставници за нови методи и форми на работа и ракување со современи наставни средства. |

### Дали наставните средства ги задоволуваат потребите за реализација на наставата?

72 responses




### Кои се приоритети за реконструкција?

73 responses




### Кои се приоритети за набавка на наставните средства?

72 responses




### Дали е потребна реконструкција на училнцте?






Прилог: Анкета за родители






Дали е потребна реконструкција на училишната библиотека?

279 responses




Дали е потребна реконстукција на просторијата за родители?

281 responses




Дали е потребна адаптација на стакларникот како просторија за потребите на училштето?

283 responses



# Прилог: анкета за ученици

Дали училниците се адекватни за настава?

176 responses




Дали е потребна реконструкција на училниците?




Дали е потребна реконструкција на училишната библиотека?

177 responses




Дали е потребна реконстукција на просторијата за родители?

171 responses



Дали е потребна адаптација на стакларникот како просторија за потребите на училштето?

173 responses



# РЕЗУЛТАТИ ОД ЕВАЛУАЦИЈАТА НА ПОДРАЧЈЕТО

## УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКА

**Скопје, 2024**

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

| | | |
|---|---|---|
| 7.1 | Управување и раководење со училиштето | 7.1.1. Управување и раководење со училиштето<br><br>7.1.2. Управување со училиштето<br><br>7.1.3. Раководење со училиштето |
| 7.2 | Цели и креирање на училишната политика | 7.2.1. Јасност и соодветност на целите<br><br>7.2.2. Креирање на училишната политика |
| 7.3 | Развојно планирање | 7.3.1. Цели на развојното планирање<br><br>7.3.2. Професионален развој/стручно усовршување на кадарот<br><br>7.3.3. Материјално-технички средства<br><br>7.3.4. Инфраструктура |

| 7.1. Управување и раководење со училиштето | | |
|---|---|---|
| 7.1.1. | Управување со училиштето | Со СЕПУГС „Васил Антевски Дрен“ управува училишниот одбор како колективен орган на управување и е конституиран согласно позитивната законска регулатива. Него го сочинуваат дванаесет членови: три претставници од Советот на Град Скопје, четири претставници од наставниците, еден претставник назначен од МОН, тројца претставници од Советот на родители и еден претставник од Стопанската комора на Македонија, без право на глас. Училишниот одбор е орган на управување во чија работа учествува и директорот. Училишниот одбор работи и одлучува на седници кои се свикуваат по потреба, а по иницијатива на претседателот на УО, на барање на директорот и на барање на најмалку 1/3 од членовите на УО. Неговата работа е регулирана со Деловник за работа кој го усвојува Одборот на седница, односно со секое конституирање на нов состав се усвојува и Деловник за работа. Дел од членовите се менуваат согласно законската регулатива и тоа: двајца нови членови од редот на родителите, еден нов член од редот на наставници верификуван со записник од 24.10. кој е реизбран со одлука број 02/1212/6 година, еден член од редот наставници кој е реизбран и верификуван со записник број 02/759/4 од 26.06.2023 година. Со одлука број. 02/1904/3 од 15.12.2022 година се именува и нов Претседател на Училишниот одбор.Со решение број 03/779/2 од 02.07.2022 година се номинира нов член од Стопанската комора на Македонија. Со одлука бр. 240/1 од 01.02.2022 се именуваат тројца нови претставници од Градот Скопје.<br><br>Училишниот одбор одржува редовни седници во присуство на мнозинството членови каде усвојува,носи одлуки и дава подршка за повеќе работни активности и тоа:<br>• подршка на управувањето,<br>• подршка на ERASMUS програмите нивните финансиски сметки и нивното усвојување<br>• усвојува годишна програма за училиштето<br>• усвојува програми за деца со посебни потреби<br>• формира инклузивен тим<br>• усвојува интерни правилници за училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | | • формира СИТ тим за меѓуетничка интеграција<br><br>Училишниот одбор за својата работа води записник кој се усвојува на секоја следна седница и претставува правна основа за понатамошно работење на Директорот, стручните служби, наставниците и другиот персонал на училиштето.<br><br>По завршување на мандатот на УО, претседателот на УО изготвува извештај за работата на Одборот во текот на четириготишниот мандат.<br><br>Училишниот одбор многу успешно соработува со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури и обезбедува детални и сеопфатни информации за својата работа на субјектите вклучени во воспитно образовниот процес. |
| 7.1.2. | Раководење со училиштето | Во училиштето постои изградена структура на раководење и управување во чиј состав влегуваат покрај директорот и педагог, психолог, двајца раководители на смена, Наставнички совет, Совет на родители и стручните активи како и Управниот Одбор на училиштето.<br><br>Раководен орган во СЕПУГС Васил Антевски Дрен е Директорот на училиштето<br><br>За директор на училиштето со решение број 392/2 од 31.03.2021 е именуван М-р Тања Јовановска, дипломиран економист, магистер по Човечки ресурси и реномиран професор.<br><br>Раководниот орган има изградено свој личен кредибилитет и интегритет и има професионален однос кон работата. Своето работење го базира секогаш на тимска работа како и вклучување на вработените во процесите на развој на политики, креирање, планирање и обезбедување на квалитет, ценејќи го придонесот на вработените во училиштето.<br><br>Раководниот орган успешно ги спроведува проектите и промените во образовниот систем (државна матура, примена на ИКТ, електронски дневник, ERASMUS програми). Една од позначајните промени е опремување со компјутери за наставниците во сите училишни кабинети каде се одвива настава,опремување со смарт табли и прожектори.<br><br>Училиштето и раководниот орган во голема мера се грижи за заштита на животната средина, нуди проекти за соработка, реализира еко-акции, соработува со учениците на ниво на едукација, но и делување на учениците во насока на зачувување на животната средина и сопственото здравје. Со цел еколошките теми да бидат поприсутни во наставата се преземаат мерки предвидени со годишната програма за работа на училиштето, со дополнување на наставните планови на |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставниците со еколошки содржини, акции за засадување на садници, еко патроли, поттикнување на учениците креативно да се изразуваат на тема екологија и негување на духот на учениците за здрава животна средина.<br><br>Раководниот орган одржува позитивна клима во училиштето препознавајќи ги потребите на вработените како и овозможвување на посети на семенири и едукации одржани во текот на 2024 година кој се однесуваат на:<br><br>• градење тимови и тимска работа<br>• подобрување на дигитални вештини преку учење на ИКТ.<br>• личен план за професионален развој на наставниците и стручните соработници.<br><br>Раководниот орган ги идентификува и се фокусира на приоритетите утврдени во развојниот план и во центарот на своето работење ги става успехот на учениците и развојот и подобрувањето на училиштето,а во таа насока е и ново отворениот образовен профил – Франкофонска двојазична. Квалификацијата Двојазична франкофонска дава можности учениците на крајот од средното образование да се стекнат со напредно познавање на францускиот јазик.Исто така ке стекнат и основа за полагање испити за потврдување на нивото на знаење на јазикот и стекнување на дипломa која е Меѓународно призната. Исто така, квалификацијата дава можност за продолжување на образованието на високообразовните институции во државата или странство и можности за личен развој и доживотно учење.Раководниот орган е во постојана соработка со Локалната Самоуправа, Министерството за образование, Бирото за развој на образованието, Универзитетите и Бизнис заедницата се со цел унапредување и континуиран развој на воспитно – образовниот процес. |
| | | <u>Извори на податоци:</u><br><br>Деловник за работа на Училишниот одбор; Статут на училиштето; Записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни); Самоевалуација и План за развој на училиштето; Програма за работа на директорот; Програма за професионален развој на |

| | | |
|---|---|---|
| | | директорот; Интервјуа со наставниците, родителите и учениците; Интервју со Училишен одбор, Анкетен прашалник. |
| 7.2. Цели и креирање на училишната политика | | |
| 7.2.1. | Јасност и соодветност на целите | Општа цел на училиштето е да го оспособи ученикот да го примени стекнатото и тековното знаење во разни области од човековото живеење, што е воедно во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Учениците да се здобијат со потребни знаења, умеења и навики од одредени научни дисциплини усвојувајќи знаења за продолжување на образованието или вклучување во процесот на трудот, односно да обезбеди основа за доживотно учење. Изминатите години приоритетно беше воспитување и образување на учениците преку подигнување на еколошката свест, зголемување на одговорноста на учениците, намалување на отсуствата од часови и подигнување на квалитетот на наставата со примена на интерактивна настава и примена на ИКТ во реализацијата на наставните содржини. Поставените цели придонесуваат за подобрување на постигањата на учениците.<br><br>Цел на средно економско правно училиште на Град Скопје „Васил Антевски -Дрен“ е да се продолжи долгогодишната традиција, како училиште во кое се стекнуваат првите економски и правни знаења потребни за во бизнис секторот, стопанството, државната и јавната администрација како и во науката.<br><br>Посебни цели на нашето училиште:<br><br>• подобрување на квалитетот на наставата преку користење на информатичка технологија, современи форми и методи на работа;<br>• континуирано оценување на учениците со примена на различни методи и техники<br>• интензивирање на соработката помеѓу родителите, раководителите на паралелките, |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставниците и стручните соработници<br>• подобрување на соработката со родителите и градење на партнерство меѓу училиштето и семејството;<br>• перманентно следење, развивање и надградување на постојаните наставни планови и програми и наставните содржини;<br>• зголемување на одговорноста на учениците и подигнување на еколошката свест;<br>• подобрување на интерперсоналните односи;<br>• унапредување на соработката со локалната средина;<br>• градење на училишна клима која го поттикнува учењето;<br>• вклучување и работа на проекти;<br>• подобрување на редовноста на наставниците и учениците. |
| 7.2.2. | Креирање на училишната политика | Сите релевантни субјекти во училиштето (наставниците, учениците, локалната заедница) работата на остварувањето на целите со што позитивно се влијае на целокупната работата на училиштето.<br><br>За остварување на поставените цели во училиштето ќе се превземат соодветни задачи и активности како што се:<br><br>• оспособување на учениците за критичко размислување;<br>• интегрирана настава во училиштето преку проекти, решавање на задачи, вклучување во воннаставни активности и спортски манифестации;<br>• континуирано оценување на учениците преку примена на соодветни техники и методи;<br>• интензивирање на соработката помеѓу родителите, раководителите на паралелките, наставниците и стручните соработници;<br>• разговори со ученици и родители; |

| | | |
|---|---|---|
| | | • изготвување на интерни и екстерни проекти за теми и области од соодветни предмети во насока на градење на комуникациски, ораторски и дигитални вештини на учениците;<br>• користење на стандардизирани и објективни тестови, проектни задачи, перманентно следење на ученикот;<br>• водење на доследна педагошка евиденција од страна на класниот раководител и предметните наставници за отсуството на учениците,<br>• советодавно работење од страна на педагошко-психолошката служба,<br>• запознавање на учениците со обврските, правата и должностите од Статутот на училиштето,<br>• подобрување на безбедносните мерки во училиштето, како и изрекување на соодветни педагошки мерки |
| | | <u>Извори на податоци:</u><br><br>Годишна програма за работа на училиштето; Самоевалуација; Развоен план на училиштето; Акциони планови; Анкети/Интервјуа со директор, стручна служба, наставници, родители, ученици; Записници од УО/Совет на родители/Наставнички совет; Интерни акти |
| 7.3. Развојно планирање | | |
| 7.3.1. | Цели на развојното планирање | Развојниот план на училиштето се носи за период од четири години. Во него јасно и презисно се наведени целите отсликани преку мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивно поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставници од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги |

| | | |
|---|---|---|
| | | спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати. |
| 7.3.2. | Професионален развој/стручно усовршување на кадарот | Училиштето постојано ги идентификува потребите за кариерен и професионален развој на стручниот кадар. Има изготвено програма за стручно усовршување на вработените Обуките се изведуваат според приоритетите на струките.<br><br>Се предлагаат активности во рамките на класните часови, советување со родителите и учениците, родителски средби и работилници на кои ќе се разговара за инклузијата и потребата од вклучување и прифаќање на децата со посебни потреби. Сето ова се прави со цел учениците да станат свесни дека децата со посебни потреби е неопходно да бидат дел од редовната настава бидејќи тоа е нормален тренд во земјите кои имаат солиден воспитно образовен систем но и хумана потреба да се почитуваат различностите<br><br>Обуките се изведуваат според приоритетите на струките. Како форма за стручно усовршување на наставниците се користи и стручното усовршување на наставниците преку пренесување на сознанијата и искуствата од посетените семинари. Така реализираните семинари, организирани од страна на ЦССО и БРО во целост се пренесени од наставниците присутни на семинарите до сите вработени во стручните активи. |
| 7.3.3. | Материјално-технички средства | Материјално-техничките средства се значаен фактор за успешно реализирање на целокупниот воспитно-образовен процес. Тие придонесуваат за зголемување на активност на учениците, зголемување на квалитетот на наставата и постигнување на подобри резултати. Училиштето ги идентификува потребите од обнова на застарените материјално -технички |

| | | |
|---|---|---|
| | | средства и потребата од нови материјално-технички средства, но се соочува со сериозни проблеми во обезбедувањето на финансиски средства потребни за набавка на истите. |
| 7.3.4. | Инфраструктура | Средно економско правно училиште на Град Скопје „Васил Антевски-Дрен“ постои уште од 1923 година. Во 1980 година училиштето е префрлено во модерна, мошне убава училишна зграда која го замени стариот објект во кој училиштето работеше по земјотресот во 1963 год.<br><br>Училиштето вложува напори за подобрување и осовременување на неговата инфраструктура. Во таа насока во соработка со Градот Скопје се изврши обновување и модернизација на материјално-техничките услови на дел од кабинетските простории и доопремување на дел од училниците, интернет за секое дете и наставник, обновување на веќе постоечки простории (наставничка канцеларија, соба за родители,)уредување на дел од училишниот двор во насока на обезбедување на соодветно место за велосипеди ,електрични тротинети и друго. Сепак, училиштето се уште се соочува со недостиг на финансиски средства за доопремување на останатиот училишен простор(библиотека) со цел успешно реализирање на воспитно – образовниот процес. |
| | | <u>Извори на податоци:</u><br><br>Самоевалуација и развоен план на училиштето; Акциски планови за постигање на поставените цели; План за следење и евалуација на реализацијата на Акциските планови; Записници од органите и телата; Интервјуа со директор, наставниците, родителите и учениците; Годишна програма за работа; План за професионален развој; Извештаи од интерната евалуацијата; Пописни листи; Финансиски план на училиштето; Увид во опремата; Увид во инфраструктурата; Апликации на училиштето за обезбедување на средства од локалната самоуправа, заедница, донатори и сл. |

**Самоевалуација на училиштето:      СЕПУГС”Васил Антевски-Дрен”-Скопје**

**Подрачје Ресурси**

| **Резултати** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br><br>• Во училиштето постојат услови за демократско одлучување.<br>• Органите на управување и раководење имаат воспоставено партнерски однос на соработка.<br>• Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето;<br>• Транспарентност при донесување на одлуки<br>• Вработените се вклучуваат во работата на училиштето преку организирана тимска работа<br>• Органите на управување и раководење се отворени и успешно раководат со промените<br>• Приоритетите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивно поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставници од локалната заедница.<br>• Училишните простории соодветно се одржуваат и се на задоволително ниво од естетски и хигиенски аспект.<br>• Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност.<br>• Зголемена можност при избор за учениците за стручен профил со воведување на новиот образовен профил франкофонска двојазична паралелка и веќе постоечкиот е -трговија и дигитален маркетинг. |
| **Слабости**<br><br>• Потешкотии во обезбедувањето на средства за стручно усовршување на наставниците,<br>• Обезбедувањето на финансиски средства за техничка опрема во училиштето и нејзино ставање во функција.<br>• Потешкотии во обезбедување на финансиски средства од донатори за инвестиции во инфраструктура. |

- Потреба од поголема соработка со Министерството за образование и наука, како и со Локалната Самоуправа.
- Потреба од поголема соработка меѓу активите за размена на искуства за примена на новините во образовниот процес.
- Потреба од индивидуални програми за ученици со посебни потреби;
- Дооспособување на наставниците и стручните соработници за работа со ученици со посебни потреби;
- Поттикнување на наставниците за организирање на вонаставни активности, а со тоа опфат на поголем број на ученици со истите;
- Поголемо учество на родителите во разни активности во училиштето
- Подобрување на редовноста и успехот кај учениците

**Идни активности и приоритети**

- Изработка и афирмирање на Програма за работа со ученици со посебни потреби
- Зголемена соработка со локалната заедница
- Да се поттикне учество на родителите во разни активности во училиштето
- Потреба од стручно усовршување на наставниците
- Да се вклучат наставниците и учениците во донесување на значајни одлуки во работата на училиштето и креирањето на училишната политика

Прилог: Анкета за наставници

Вработените активно учествуваат во креирање и планирање на образовните политики за обезбедување на квалитет.

59 responses




Раководниот орган го темели своето работење на тимска работа со подеднакво вклучување на сите вработени во процесот на планирање, развој и обезбедување на квалитет.

59 responses




Раководниот орган гради професионален однос кон работата и вработените.

58 responses




Директорот ги почитува новите идеи и сугестии на вработените, учениците и родителите кои се однесуваат на прашања поврзани за работата на училиштето.

59 responses



Директорот на наставничките совети редовно ги информира вработените за тековните цели, визијата и мисијата на училиштето.
59 responses




Директорот во училиштето поттикнува и негува демократскиот дух со вклучување на учениците во процесот на донесување на одлуки.
59 responses




## Анкетен прашалник за членови на училишен одбор

1.Училишниот одбор соработува со раководниот орган и другите образовни структури во училиштето?




2.Училишниот одбор за својата работа им обезбедува редовни информации на сите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес.




3.Состаноците на Училишниот одбор се одржуваат со мнозинство на членови на одборот.




4. Надлежностите за управување Училишниот одбор ги темели на Деловникот за работа.




5.Членовите на Училишниот одбор донесените одлуки ги темелат на сопствени мислења и ставови.




6. Училишниот Одборот има јасни приоритети во насока на подобрување на постигнувањата на учениците и училиштето во развојниот план.




Интервју со директор

1. Кои се вашите приоритети?

Унапредување и развој на училиштето преку имплементација на новите наставни програми, нови наставни профили и унапредување на ВОП , справување со идните предизвици кои ги носат образовните реформи во РСМ, како и создавње на мотивирачка училишна клима со постојните и нови ресури во функција на образовните цели.

2.Кои се можности и пречки во наредниот период?

Развојот на дигиталните вештини и компетенции на учениците и наставниот кадар и тековното одржување на училишната зграда согласно буџетот и континуирано усогласување со потребите на пазарот на трудот преку соработка со бизнис секторот и високото образование .

3. Дали вие како директор им обезбедувате редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес?

Согласно законските ингеренции сите релевантни информации за реализација на ВОП се доставуваат и се делегираат во форма на работни обврски согласно Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта и Законот за средното образовани , Законот за работни односи и други законски прописи со работењето на училиштето.

4. Каков е вашиот однос со Училишниот одбор и останатите образовни структури?

Професионален , почитувајќи ги нивните одлуки , предлози, сугестии и мислења и воспоставена добра соработка

5. Дали мислите дека доволно ги вклучувате вработените во процесот на планирање и креирање на политики за обезбедување на квалитет?

Вработените се вклучуваат преку стручните активи со свои предлози за планирање и креирање на политики индирекно и дирекно кога преку формирани работни групи за развој , реализација на поставените цели.

6. Идентификувате ли јасни приоритети во насока на подобрување на постигнувањата на учениците и училиштето во развојниот план?

Приоритетите се ментално здравје на учениците, дигиталините вештини, работа со деца со пречки во развој и потешкотии во учењето како и работа со надатени и талентирани ученици

7. Дали сметате дека во училиштето се поттикнува и негува демократскиот дух со вклучување на учениците во процесот на донесување на одлуки преку нивни организации(се бара нивното мислење и тоа се зема во предвид при решавањето на проблемите и одлучувањето)?

Потврда на ова прашање е вклучување во проектот Коменаџмент тело во кое учениците ќе предлагаат и носат одлуки во соработка со Училишната заедница.

8. Дали воспоставувате соработка и продуктивни партнерства со непосредната и пошироката заедница?

Проактивниот однос во менаџирање на училиштето како и лидерските способности носат одлични уписи, соработка со преку 300 компании во реализација на УПР, феријална практика , НВО, амбасади во РСМ, институции кои се вклучуваат со цел унапредување на вештини на ученици и наставници ,

9. Дали сметате дека целите се во согласност со државната и образовната политика?

Целите се во согласност со законите во РСМ и дел од нашата визија и мисија

10. Училиштето ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот и дали има изготвено програма за стручно усовршување на вработените?

Обуките се резултат на потребите кои ги идентификуваме со цел унапредување на наставниот курикулум, работењто на Училишниот одбор

11. Како ја оценувате обезбеденоста и состојбата на материјално-технички средства ?

Постојните средства секоја година се алоцираат со цел подобрување и осовременување на наставата.